**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**Филозофски факултет - Скопје**
**Институт за историја**



# САВА МИХАЈЛОВ

-магистерска теза-

Ментор:
проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев

Кандидат:
Светлана Стамевска

Скопје, 2025

# КРАТКА СОДРЖИНА

**Вовед** .......... **3**

I. Родното место на Сава Михајлов - село Мачуково .......... 6

II. Потеклото на Савата .......... 18

III. Образование .......... 21

1. Ученички револуционерен кружок во Солунската гимназија .......... 22

IV. Револуционерна дејност (1895 - 1905) .......... 24

2. Прва чета во Гевгелиско и дејствувањето со Аргир Манасиев, Андон Костов и Апостол Петков .......... 27

3. Учителска и раководителска дејност - Горна Џумаја .......... 30

Ставот и односот на Савата кон ВМК .......... 30

4. Зближувањето со Гоце Делчев .......... 32

5. Соработката со Санде Китанов, Крсто Асенов, Христо Чернопеев и Јане Сандански .......... 34

6. Отворената борба против врховизмот .......... 37

7. Аферата „Мис Стон“ .......... 40

8. Револуционерната соработка со Јане по аферата .......... 46

9. Илинденско востание 1903 .......... 49

10. По Илинденското востание (1904 - 1905) .......... 64

11. Советувањата во Софија .......... 67

12. Специјалната мисија во Белград со Михаил Ризов Николов .......... 69

13. Престојот во Бугарија .......... 73

14. Битката кај Смол - Смртта на Сава Михајлов .......... 76

**Заклучок** .......... **82**

**БИБЛИОГРАФИЈА** .......... **85**

# Вовед

Историјата на македонската револуционерна борба од крајот на XIX и почетокот на XX век, на сцената носи мнозина борци, кои зависно од својата активност, оставиле поголем или помал белег во епохата во која дејствувале.
Еден од помалку познатите дејци за пошироката јавност е Сава Михајлов-Савата (1877-1905), чие име се појавува на историскиот подиум, во период кога веќе се созреани условите за започнување на македонската националноослободителна борба против османлиската власт.

Сава Михајлов по своја волја влегува во редовите на Македонската револуционерна организација во 1894 година, веднаш по стекнувањето полнолетство, завршувањето на гимназијата и идејното созревање. Започнува со својата посветена учителска и револуционерна дејност, најдоминатна и најразвиена во Гевгелиско и Го/рно Џумајско, која мошне брзо ќе биде забележана од повисоките кадри на Организацијата, како од страна на великанот Гоце Делчев, па затоа Савата, кој брзо стекнал доверба кај народот и кај Централниот комитет на МРО, во иднина ќе добива важни задачи во разни реони на Македонија и пошироко, каде што ќе треба да дејствува за подигање на моралот и на силата на македонскиот народ.

Зближувањето со Гоце Делчев ќе придонесе Сава Михајлов да прерасне во негов истомисленик, близок соработник и еден од главните борци против пропагандите на соседните балкански држави за асимилација на македонското население.

Со овој труд, користејќи ги изворите и литературата што ја третираат односната проблематика и преку еден критички пристап кон нив, сметаме дека од повеќе аспекти ќе ја обработиме дејноста, значењето и улогата на Сава Михајлов во македонското националноослободително движење, на кои македонската историографија не им посветила доволно внимание.
Во македонската историографија прв и единствен обид за расветлување на личноста и дејноста на Сава Михајлов направил д-р Владо Картов во трудот „Сава Михајлов-Савата“, објавен во 1977 година, компилација на неговите претходни трудови издадени во 1975 и 1976 година посветени на

одделна проблематика, поврзана со истоимениот револуционер: ,,Револуционерната дејност на Сава Михајлов за време на Илинденското востание и по него 1903-1905“ и ,,Револуционерната соработка на Јане Сандански и Сава Михајлов“.

Спомените на Савата ги запишал проф. Љубомир Милетиќ, веднаш по завршувањето на Илинденското востание. Тие биле објавени во 1927 година и се мошне кратки, но концизни, лишени од непотребни факти.

Во 1951 година, под редакција на Ѓорѓи Абаџиев, на македонски јазик приредени во една книга се спомените на Јане Сандански, Сава Михајлов, Христо Куслев и Иван Анастасов Грчето.

Во постојната литература што се занимава со проучување на македонското националноослободително движење и неговите поистакнати личности, името на Савата се среќава само попатно, поврзано со некој позначаен настан или виден револуционер на Организацијата. Сепак, може да се издвојат неколку автори историчари и современици кои во своите трудови изнесуваат корисни податоци и анализи за активноста и значењето на Сава Михајлов во македонското револуционерно движење: Ванчо Ѓорѓиев, Манол Пандевски, Христо Силјанов, Христо Шалдев, Бојан Мирчев, Ангел Динев, Илија Докторов, Димитар Иванов, Димитар Динев, Лазар Томов и други.

Поаѓајќи од сопствените афинитети кон улогата и знаењето на Сава Михајлов во Македонската револуционерна организација и националноослободителното дело, притоа имајќи го предвид фактот дека тој сè уште не добил соодветен третман во македонската историографија, се определивме тоа да биде задача на овој магистерски труд под наслов ,,Сава Михајлов“.

При подготвувањето на трудот, за да може проблемите да се согледаат сестрано и објективно, при нашето истражување ќе бидат разгледани извори и литература што се многу често меѓусебно спротивставени и поддржуваат спротивставени мислења за улогата и дејноста на Сава Михајлов во Македонската револуционерна организација. При обидот да бидат дадени одговорите за значењето, важноста на Сава Михајлов за македонското ослободително движење, како и неговиот труд и пожртвуваност за ослободување на Македонија, ќе бидат користени повеќе фондови од Државниот архив на Македонија и архивската и мемоарската документација

што се чува во Институтот за национална историја и во Македонската академија на науките.

Во исто време, ја користам можноста да искажам искрена благодарност кон менторот на трудот - проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, кој со своите сугестии и забелешки помогна при конечното заокружување на трудот.

# I. Родното место на Сава Михајлов - село Мачуково

Родното место на Сава Михајлов - селото Мачуково, е распространето на крајниот југ на Гевгелиско-валандовската Котлина, вгнездено во падините на Пајак Планина, источно од реката Вардар, прочуено по својата плодородност. Селото се протега југоисточно на само 5-6 километри оддалеченост од градот Гевгелија и во негова близина се наоѓаат селата: Богородица, Сеово и Смол. Јужно од Мачуково, на 35 километри се наоѓа Кукуш, а на 76 километри Солун. [1] Денес селото се наоѓа на територија на Република Грција, во непосредна близина на македонско-грчката граница.

Населбата Мачуково постои уште од раните средни векови. За првпат се сретнува како крепост во времето на војните меѓу Византија и Самуиловата држава кон крајот на X и почетокот на XI век. Според најраспространетата легенда, името на селото произлегува од големите маки што ги трпело населението од османлиската власт.

Мачуково останува селска населба и по воспоставувањето на османлиската власт кон крајот на XIV век. До 1886 година, во административно-управен поглед тоа било вброено во рамките на Кукушката каза, додека, пак, подоцна станало дел од Гевгелиската каза.

Во официјалните турски документи за првпат се споменува во 1568/69 година, во еден пописен дефтер за Солунскиот санџак, каде што Мачуково припаѓа на нахијата Аврет Хисар[2] и се споменува како чифлиг на Мехмед, чауш на царскиот двор. Таа година приходот од Мачуково изнесувал 4 500 акчиња.[3] Селото се споменува и во 1832 година, како чифличка населба на Јусуф Мухлиз-паша, кога со специјален султански ферман му е извршен попис на пашата којшто се занимавал со претприемничка дејност и воедно бил

---

[1] Владо Картов, Гевгелија до Балканските војни, Скопје 1966, 14-20. Владо Картов, Сава Михајлов - Савата (1877-1905), Скопје 1977, 9. Тодор Симовски, Населени места во Егејска Македонија, книга прва, Скопје 1978, 340.

[2] Кукушка.

[3] Турски документи за историјата на Македонија, опширен пописен дефтер за Солунскиот санџак од 1568/69 година, том IX, кн.2, превод, редакција и коментар д-р Александар Стојановски, ДАРМ, Скопје 2003, 84.

османлиски градоначалник на градот Варна. Во 20-тите и 30-тите години на XIX век, Мачуково претставува чифлиг на Јусуф Мухлиз-паша.

Во текот на 50-тите и 60-тите години, сопругата на еден султански чиновник - Шејма Ханума, успеала атарот на селото Мачуково со дел од обработливото земјиште на соседното село Богородица да го претвори во свој чифлиг, прикажувајќи се како една од наследниците на Јусуф Мухлиз-паша. Тоа го извршила присилно, а подоцна околиската власт во Кукуш ѝ издала тапија.

Процесот на распаѓање на тимароспахискиот систем и негова замена со чифлигарскиот аграрен систем започнал со Рамазанскиот закон од 1858 година. Во Гевгелиско, на територијата на Македонија се задржал до 1912 година.[4]

Градот Гевгелија претставувал нововоздигнат град во близина на железничката линија Солун - Скопје. До изградбата на споменатата линија во 1875 година, Гевгелија била село помало од околните села што дотогаш се собирале на пазар во големото село на левиот брег на реката Вардар - Богданци. Растот на Гевгелија се должи на преселувањето на цели семејства од блиските села во кои се вбројува и Мачуково. Поголемиот дел од населението во Мачуково се преселил во Гевгелија во средината на XIX век, поради злоделата на тамошниот бег, чии наследници управувале со 2/3 од земјиштето дури до веќе споменатата 1912 година. Исмаил-бег од Серез, а подоцна и неговиот син Јусуф Мухлиз-паша, поседувале седум чифлици во Кукушко и десетина чифлици во Гевгелиско. При ова се споменуваат имотите во Богданци, Мачуково, Богородица, Гевгелија, Смоквица, Серметли, Ларија, Пазар и Радовица.[5]

Мачуково го дало најголемиот удел во новото образување на градот Гевгелија. Првите дејци за црковна слобода, а подоцна и првите востаници произлегуваат токму од ова село.[6]

Главното занимање на мачуковчани било земјоделството, додека, пак, сточарството било делумно развиено. Најмногу се одгледувале афион, тутун, памук, сусам, најразновидни градинарски, овошни и индустриски култури, кои биле доминантни и карактеристични за јужното поднебје (смокви, калинки,

---

[4] Владо Картов, Гевгелија до Балканските војни..., 140-150. 30 години град Гевгелија, Ристо Стамков, Златко Трајков, Гевгелија 2016, 44.

[5] Види повеќе: Никола Д. Рачевъ, Народописни материяли отъ Гевгелийско, Македонски прегледъ, год. II, 1926, № 4, София, 108-109.

[6] Димитъръ Ивановъ, Гевгелийскиятъ говоръ, София 1932, 5-8, 13.

кикирики, пиперки, домати, кромид и лук), но за главен производ на селото се сметале житата (особено пченица, јачмен и ‘рж). Во рамките на сточарството, најмногу се одгледувале овци и кози. Речиси секое семејство одгледувало свилена буба - дејност што била од егзистенционален карактер на целото население во селото. Средината на XIX и почетокот на XX век, за потребите на домаќинството се ткаеле производи од памук и волна и се произведувале вино и ракија.[7]

Во однос на тоа колкав бил бројот на жители во селото Мачуково и каква била нивната етничка припадност, располагаме со различни податоци од неколку автори. Според Боривоје Милоевиќ,[8] во селото живееле 200 Словени христијани, додека, пак, според Васил К’нчов,[9] Гевгелиската каза броела 28 села, кои биле чисто бугарски (меѓу кои биле вброени и Мачуково и Смол) и тој воедно наведува и дека во Мачуково живееле 1.300 жители (евидентирајќи ги како Бугари).

Според Бранков,[10] Мачуково во рамките на Гевгелиската каза, која била составена од градот Гевгелија и уште 45 села, броело 1.312 жители (Бугари егзархисти).

Тодор Симовски наведува дека Мачуково било чиста македонска населба, во минатото поголема од Гевгелија.[11]

Во однос на преродбеничката дејност во Мачуково, која претходела на револуционерната, треба да се напомене дека селото целосно и безрезервно било на страната на општата антифанариотска борба на македонското население што се борело против асимилаторската политика на Патријаршијата, како и против елинизацијата. Тоа претставувало реакција на македонското население заради стремежот за истиснување на неразбирливиот грчки јазик од богослужбата, училиштата и световната употреба и негова замена со разбирлив македонски народен говорен јазик.

[7] Т. Симовски, Населени места во Егејска Македонија..., 340-341. В. Картов, Гевгелија до Балканските војни…, 52, 77-81. В. Картов, Сава Михајлов - Савата (1877-1905)…, 13-14.
[8] Боривоје Ж.Милојевић, Јужна Македонија, антропогеографска испитивања, том 1, Београд 1920, 31.
[9] Васил Кънчов, Македония. Етнография и статистика, София 1900, 152.

[10] D.M.Brancoff, La Macédoine et sa Population Chrétienne, Paris, 1905, 194-195.
[11] Т. Симовски, Населени места во Егејска Македонија..., 341.

Почетоците на преродбенското движење ги гледаме во текот на 50-тите и 60-тите години на XIX век во Гевгелиско, па и во Мачуково, каде што дејствувал архимандритот Хаџи Павел Божигропски. Тој го превел Евангелието од грчки на словенски јазик и агитирал меѓу будните селани и граѓани за отворање народни училишта во кои ќе се изучува настава на мајчин, разбирлив јазик, додека, пак, во црквите би се одржувала богослужба на црковнословенски јазик. Слична македонска просветителска дејност во Гевгелиско, а со тоа и во Мачуково, развиле познатите македонски преродбеници - Партениј Зографски, Кузман Шапкарев, како и Венјамин Мачуковски,[12] кој како резултат на

[12] Венјамин Христов Мачуковски, роден 1841/1842 година, во јавноста бил познат како Венјамин Мачуковски заради потеклото од селото Мачуково, Гевгелиско, додека, пак, неговото име било Васил Христов. Венјамин Мачуковски се школувал најпрво во родното село Мачуково, потоа во грчките училишта во Еницевардарско и во Солун. Се замонашил и отишол во Зографскиот манастир, каде што достигнал до ѓаконски чин, а подоцна како ѓакон, Зографското братство го испратило да учи во Одеската духовна семинарија и Херсонската православна семинарија. По завршувањето на семинаријата го напуштил ѓаконството поради болест и се вратил во родното село. Се замонашил, станал ѓакон и јероѓакон само затоа што тоа било единствената можност сиромашниот Мачуковски да добие образование и да му биде полезен на народот. Најмногу податоци за движењето и дејноста на Мачуковски се дознава од обилната коресподенција со Стефан И. Верковиќ (околу 21 писмо), кој успеал да изврши силно влијание врз Мачуковски за собирање етнографски, фолклорен и друг материјал за запознавање на татковината и народот и за неговото вклучување во црковно-просветните и верско-народносните борби во Македонија. Посебен интерес на Мачуковски претставувало собирањето стари ракописи од Македонија. Венјамин во 1864 г. составува опис на неговото родно село Мачуково и на Мегленската каза. Тој се посветил паралелно да учествува во револуционерниот вооружен чин за ослободување на Македонија, во културно-просветното издигнување и националното конституирање и афирмирање на македонскиот народ. Извршува учителска дејност во Мачуково и Солун, се залага за отворање црква со богослужба на разбирлив јазик во Солун. Истовремено се правеле и напори да се привлечат истакнати духовници што би ја изведувале словенската богослужба - еден од нив бил и Хаџи Павел Божигропски, со кого Мачуковски се познавал отпорано и кој во овој период во Воден ја водел најжестоката борба за своја црква и еманципација од Патријаршијата. Додека во Солун дејствува Мачуковски, во соседниот Кукуш го имаме Кузман Шапкарев и Д. В. Македонски. Во 1870 година Мачуковски ја најавува својата граматика, која веќе ја користел во практика. Во 1871 дејствува во Мачуково, а потоа се враќа во Русија и стапил во Московската духовна академија, која мошне брзо ја напуштил, па во учебната 1872/73 година го среќаваме како учител во унијатскиот град Кукуш, каде што ја отпечатил својата „Бугарска граматика по македонско наречје“. 1873 година, Мачуковски заминува за Москва, каде што со молба и полагање приемен испит успеал да се запише на Московската духовна академија и да добие стипендија за школувањето. Блаже Ристовски потенцира дека документите не го потврдуваат податокот дека Мачуковски се запишал на Историско-филолошкиот факултет, туку дека тој бил отпишан 1875 година од духовната академија во Москва. Во учебната 1875/76 година, тој учителствува во Гуменџе, со што покажува дека тој не се откажал од македонскиот јазик и пак предавал на својот јазик и по ракописот на својата граматика која веќе служела како учебник и во другите училишта. Наклеветен од грчкиот владика, го напушта Гуменџе и заминува во Цариград, каде се посветува на журналистика. Ги редактирал весниците „Источно време“, „Цариград“, а пишувал и во грчките весници „Траки“ и „Фими“. Во 1877 година бил наклеветен кај Турците и заточен на Родос. По склучувањето на руско-турскиот мир, болен се вратил во Цариград, каде што во 1878 година починал во некоја руска болница. Се потпишува како Св(ештенослужител) Вениамин (јероѓакон). (Блаже Ристовски, Портрети и процеси од македонската книжевност и национална историја,том I, Скопје 1989, 146-184; Блаже Конески,

просветителската дејност на Божигропски, по завршувањето на своето школување во Русија, во Солунското општинско училиште изведува настава на македонски говорен јазик во учебните 1869/1870 и 1870/1871 година. Мачуковски имал намера да публикува граматика за македонскиот говор.[13] Тој спомнува и за археолошки наоди во селото Мачуково во декември 1893 година, во едно од писмата испратени до Стефан Верковиќ: „Во моето село пред неколку години, во еден манастир ги најдоа црковните темели, пари, прстени и др.", а воедно прави опис на неговото родно село во 1894 година.[14]

Данчо Зографски и групата автори во делото „Егејска Македонија во нашата национална историја", наведуваат податок дека во 1870 година мачуковчани успеале со свои сопствени средства да подигнат нова црква, во која богослужбата се изведувала на народен јазик.[15]

Говорејќи за почетоците на црковно-политичката борба, Васил К'нчов раскажува за еден „буден" свештеник од Мачуково, роден во 1800 година, по име Стамен,[16] кој починал во 1874 година и поради неговата почетна ангажираност, треба да се вброи во редовите на првите предвесници на црковно-политичката борба во Гевгелиско и Дојранско.[17]

Тешката и комплицирана ситуација во Османлиското Царство овозможила продор и вкоренување на повеќе странски пропаганди на територијата на Македонија, кои дополнително го попречувале национално-конститутивниот развој на Македонците.

Во Гевгелиско активно дејствувале повеќе пропаганди, од кои позначајни биле: грчката, бугарската, српската и романската пропаганда. Првите три пропаганди имале исклучиво асимилаторски карактер, додека последно споменатата била поставена врз верска основа, со политичка цел, без ретроградна дејност врз македонскиот национален индивидуалитет, како

---

Венјамин Мачуковски како соработник на Стефан Верковиќ, Списание Спектар, бр.1, Скопје 1983, 5-10.)

[13] Димитъръ Ивановъ, Гевгелийскиятъ говоръ, София 1932, 13.

[14] Документи за българското възраждане от архива на Стефан И.Веркович 1860-1893, Дарина Велева, Трифон Вълов, Христо А.Христов, БАН София 1969, 93, 105, 131.)

[15] Данчо Зографски, Ѓорѓи Абаџиев, Анастас Митрев и други, Егејска Македонија во нашата национална историја, Скопје 1951, 83-85.

[16] Поп Стамен (1800-1874) - роден во село Мачуково, Гевгелиско. Бил свештеник во Дојран во средината на XIX век, учесник во црковно-националните борби и се истакнал како противник на грчкиот владика Мелетиј, поради што бил заточен во затвор околу 6 месеци. (Енциклопедия - Българската възрожденска Интелигенция, София 1988, 609.).

[17] Васил Кънчов, Великденската разходка по Поленинско, Сборник за народни умотворения, наука и книжнина, кн. IX, София 1893, 694.

другите чија цел биле територијални претензии кон Македонија. Тие дејствувале преку црквите, училиштата и хуманитарните институции, со одржување на постојните, но и подигнување нови верски објекти, училишта и болници; создавање на свој црковен кадар и верска литература; финансиска издршка на учителите и директорите, стипендии и пансиони за учениците и студентите, литература што не била на македонски јазик; спроведувале и други мерки, како, на пример, закани, обвиненија и клевети до населението, поткуп на османлиските власти и сл.; подоцна ширењето на пропагандите започнало и со употреба на сила и дејствување на вооружени чети.[18]

Конкретно, грчката национална пропаганда била најсилна и најстара во Гевгелија, заради близината до Солун, каде што Грците од укинувањето на Охридската архиепископија (1767 година), па сè до 70-тите години на XIX век имале решавачки збор во црковните, стопанските и културно-општествените односи; понатаму, трговијата со грчките и еврејските трговци, која го отворала патот на елинизмот во Гевгелија и околните села преку доброволното погрчување на гевгелиските трговци и покрупни занаетчии - идните поддржувачи на грчката пропаганда во Гевгелија и Гевгелиско; дејствувањето на патријаршиската црква која богослужбите ги изведувала на грчки јазик; и сл. Најважна установа на големогрчката пропаганда во Македонија, а со тоа и во Гевгелија, било грчкото училиште - најстаро училиште во градот што постоело уште од 1863 година, во кое од 1880 година започнува организираната грчка училишна дејност. За засилување на грчката пропаганда којашто слабеела поради основањето на Бугарската егзархија во 1870 година, биле отворени пансиони за бесплатно учење во грчките училишта, на учениците им биле давани бесплатни учебници, училишни прибори, чевли и облека, а во 1886 година, во дворот на црквата „Св. Тројца“ била подигната зграда за грчко училиште во кое биле сместени основното и прогимназијалното - машко и женско училиште. Во црковно-просветната пропаганда до 1900 година, Грците имале поткрепа од Власите во Гевгелија, кои по таа година ја откажале поткрепата бидејќи започнала да се шири и романската пропаганда.[19]

[18] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт, македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893-1903 година, Скопје 2003, 94.
[19] В. Картов, Гевгелија до Балканските војни..., 100-106.

Во однос на борбата на македонскиот народ против туѓите пропаганди, конкретно во случајов против грчката пропаганда, ќе наведеме неколку настани што го докажуваат нескршливиот дух на македонското население во Гевгелиско и во неговата околина.

Во 1895 година гркоманите во селото Мачуково посегнале по животот на тамошниот свештеник Јанчев. Месниот комитет располагал со сведоштва дека меѓу нив се наоѓале Христо Наумов Цицо од градот Гевгелија, приврзаниците на грчката пропаганда од селото и чистокрвниот Грк д-р Кивирниди, исто така жител на градот Гевгелија. Цицо бил човек со слаб карактер, кој на почетокот бил на страната на Бугарската егзархија и се борел за бугарското црковно-училишно дело на територијата на Македонија. Подоцна, бидејќи бил среброљубив по природа, бил и на страната на србоманите и на страната на гркоманите. По потекло бил Влав од Крушево, а по професија трговец. Д-р Кивирниди бил застапник на големогрчката идеја и се противел на навлегувањето на гркоманите во редовите на Организацијата. По инцидентот со свештеникот Јанчев, Месниот комитет организирал ликвидација на шпионот Цицо, која била извршена од страна на Андон Јанев Ќосето и Ицо Џорлев, кои еден ден наминале во градот Гевгелија и го ликвидирале Цицо. Таа случка довела до многубројни истражувања и апсења,[20] меѓутоа не го спречила Месниот комитет малку подоцна да го ликвидира и Гркот д-р Кивирниди.[21]

Во однос на развојот на црковно-училишното дело во селото Мачуково, повторно Ангел Динев ни дава значајни информации. Авторот потенцира дека

---

[20] Убиството на Цицо било извршено на поттик на Ќосето, кој откако понудил писмена оставка од тајната полиција, добил дозвола од Даме Груев и ЦК за извршување на егзекуцијата, заедно со Ицо Џорлев од Кукуш. Имено, двајцата облечени како мандрации, со воз отпатувале во Гевгелија, кон крајот на мај 1898 година. По неуспешниот обид, да го ликвидираат во неговиот дом, пред очите на неговото семејство, на 28 мај, на празникот Духовден, Ќосето и Џорлев го лоцирале Цицо во близина на кафеаните кај железничката станица. Кога тргнал накај дома, Ќосето во непосредна близина, од зад грб, стрелал во Цицо. Откако паднал, Ќосето за секој случај испукал уште еден куршум во него, па тој бил мртов на лице место. (Ванчо Ѓорѓиев, Андон Јанев-Ќосето, Скопје 2016, 71-73; Борбите в Македония. Спомени на Отец Герасим, Георги Райков, Дельо Марковски, Илия Докторов, Васил Драгомиров, съставител: Борис Йорданов Николов, София 2005, 58-59.)
Ангелъ Диневъ, Изъ миналото на гр. Гевгелия, Македония, год. VI, бр. 1765, София 1932, 3.

[21] По наредба на ЦК и со поддршка на околискиот раководител Аргир Манасиев, војводите Апостол Петков и Иванчо Карасулијата го ликвидирале д-р Кивирниди на 12 ноември 1898 година, пред неговата куќа. (Види повеќе: Борбите в Македония. Спомени на Отец Герасим, Георги Райков, Дельо Марковски, Илия Докторов, Васил Драгомиров, съставител: Борис Йорданов Николов..., 61-63.)
Кирил Първичев, Революционната борба в Гевгелийско по спомените на Илия Докторов, София 2004, 22-24.

таму за првпат се појавило бугарско училиште во 1884 година, кое работело сè до фаталната 1912 година, кога Србите како сојузници на Бугарите дошле во Гевгелија и го затвориле. Исто така, споменува и дека мачуковчани имале високо развиено боречко чувство. Иако биле чифлигари, како помош на учителите испраќале по 5 лири. Во Мачуково имало две учителски сили. Тие немале среќа да имаат своја сопствена црква сè до 1857 година кога била отворена црквата „Успение на Богородица“.[22]

Бугарската пропаганда, како што веќе споменавме, била засилена по создавањето на Бугарската егзархија во 1870 година. Првото егзархиско училиште во Гевгелија било отворено во 1875 година. Во 1886/1887 година во Гевгелиската каза постоеле три егзархиски училишта, а веќе во 1896/1897 година нивниот број се издигнал на 21 егзархиско училиште, додека, пак, во 1904 година имало 25. Преку училиштата во Гевгелиската каза, Егзархијата настојувала да внесе бугарска национална свест, со цел создавање идни интелектуалци, кои подоцна ќе станат носители на бугарската кауза во Македонија. Во тоа делумно успеала бидејќи наставата се одвивала на мајчин јазик, и покрај бугарските учебници, а некои од тие интелектуалци наместо носители на бугарската кауза, станале предводници на националноослободителното и револуционерното движење во Гевгелија и Гевгелиско. Македонското население наишло на нов непријател во лицето на Бугарската егзархија, против која го започнало отпорот во 1881 година, кога неколку семејства ја прифатиле унијатско-католичката вера. Антиегзархиското движење продолжило и по 1890 година.[23]

Најслаба пропаганда била српската, која во периодот од 1868 до 1889 година не можела да развие никакво влијание на територијата на Македонија јужно од Велес, иако во 1886 година било формирано Друштвото „Св. Сава“ и негова главна цел било ширење на српската пропаганда во Македонија преку отворање српски училишта, на начин на кој би се истиснала бугарската пропаганда. Нејзиното влијание сосема слабо се чувствувало во рамките на Солунскиот санџак, односно едвај било забележливо во Гевгелиско, Воденско,

---

[22] Ангелъ Диневъ, Развоятъ на черковно-учебното дьло въ Гевгелийско, Македония, год. VI, бр. 1538, София 1931, 2.

[23] В. Картов, Гевгелија до Балканските војни..., 107-115.

Еницевардарско, Дојранско и Кукушко и Тиквешко.[24] Дури по 1889 година, кога при Министерството за надворешни работи е основано Политичко-просветно одделение, започнува да навлегува српското влијание и во Гевгелија. Бројот на првите семејства што биле врбувани од српската пропаганда во Гевгелија во 1894/1895 година изнесувал осум. Во 1897 година, во Гевгелија било отворено српско основно училиште, меѓутоа бројот на ученици до 1908 година не пораснал повеќе од 20-25 ученици.[25]

Најголема дејност во ширењето на српската пропаганда во Гевгелиската каза развиле Ристо Наумовиќ-Цицо (Христо Наумов) и Стеван Тановиќ, кои оделе по гевгелиските села и врбувале повеќе семејства,[26] па како резултат на тоа, во 1899/1900 година во Гевгелиската каза биле отворени српски училишта во 7 села: Богданци, Стојаково, Богородица, Сеово, Мачуково, Крива и Грчиште. Бројот на учениците бил многу мал, од 5 до 15 ученици. Училиштата работеле со прекини, а некои од нив биле затворени, така што во 1905/1906 година во Гевгелија работело само едно основно училиште. Паралелно со отворањето на училиштата, од Гевгелија биле испраќани ученици во Србија со цел - нивно преобратување во идни носители на српската кауза. Српската пропаганда не успеала длабоко да се вкорени во Гевгелија и Гевгелиско бидејќи настојателот на српското училиште и носителот на српската пропаганда - веќе споменатиот Ристо Наумовиќ-Цицо, бил убиен уште во 1898 година.[27]

Романската пропаганда во Гевгелија се чувствува по 1900 година, кога Власите се отцепиле од Грчката патријаршија и настојувале да формираат влашка црква. Обидот бил неуспешен, меѓутоа во градот, со посредство на Македонско-романското културно друштво за ширење на романската пропаганда од Букурешт, во 1900/1901 година било отворено влашко училиште, издејствувано од страна на влашкото население што претежно се занимавало со трговија и сточарство и поткрепа добивало од влашките трговци од Солун.

[24] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт, македонското револуционерно национално-ослободително движење во Солунскиот вилает 1893-1903 година..., 106.

[25] 130 години Гевгелија, Ристо Стамков, Златко Трајков..., 48. Светозар Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912), София 1993, 8-9.

[26] Меѓу првите фамилии што биле врбувани за српската пропаганда во Гевгелија во 1894/95 година биле: Чајџиеви, Бандцови, Главчеви, Зафирчани, Продanови, Бешировци, Џајови и Попстојкови. Сите тие своите деца ги праќале во српските училишта во Солун. (В. Картов, Гевгелија до Балканските војни.., 122).

[27] В.Картов, Гевгелија до Балканските војни..., 121-125.

Бројот на ученици до 1905 година достигнал до 20.[28] Во Гевгелиската каза постоеле 4 романски (влашки) училишта, број што двојно пораснал во периодот што следувал по завршувањето на Илинденското востание, така што во 1907 година изнесувал 8, што наведува на фактот дека по 1903 година романската пропаганда се засилила во Гевгелија и Гевгелиско. Важно е да се спомене дека поголемиот дел од влашкото население (особено она што живеело во селата на Кожуф и Пајак Планина), влегло во редовите на МРО и претставувало значаен елемент во македонската националноослободителна борба против османлиската власт.[29]

Појавата и ширењето на македонската револуционерна мрежа кон крајот на XIX век, во Гевгелиско, меѓу другото, била условена од општите чифлигарски аграрно-правни односи, како и од дејствувањето на разбојнички банди, кои биле карактеристични за целиот период на XIX и почетокот на XX век за целото подрачје на Македонија. Во Гевгелиско, најзлогласна била бандата на Ќосесефер, која се занимавала со арамилак, крадење тутун, изнудување пари и сл. Османлиските власти, и покрај тоа што знаеле за нејзината дејност, не преземале ништо за да го спречат страдањето на невиното селско население.

Измачувањето на Мачуковчани од страна на чифликсајбијата доаѓало поради тоа што селаните барале да поседуваат своја сопствена земја, притоа да се ослободат од ангаријата и да им се признае правото на куќите што самите си ги изградиле. Токму поради овие барања, чифликсајбијата на Мачуково на почетокот на XX век честопати го казнувал селското население со тоа што му забранувал да работи чифличка земја, му ги разурнувал куќите и дел од селаните ги протерувал од селото. Како резултат на борбата на мачуковчани во годините пред Балканските војни, тие успеале да се здобијат со право на сопственост на своите живеалишта.

Во Гевгелиско и во селото Мачуково било распространето ајдутството. Според народните кажувања, ајдутството во Гевгелиско за првпат се појавило во XVII и XVIII век, во реонот на Кожуф и Пајак Планина. Меѓутоа, ајдутите што се појавиле во текот на 70-тите и 80-тите години на XIX век го најавиле формирањето на организираната револуционерна борба предводена од ТМОРО.

[28] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт...,108-109.
[29] В. Картов, Гевгелија до Балканските војни..., 125-126.

Првата ајдучка чета што се појавила во 80-тите години била под водство на Тодор Мишев-Капитан и во неговата чета зеле учество лица од селата: Богданци, Стојаково, Смоквица, Мачуково и други. Како резултат на нивната дејност, дошло до револуционерно разбранување и поттикнување на населението да се крене против османлиските власти.[30] Веќе споменатите, горенаведени причини: засилената експлоатација на селското население од страна на чифликсајбиите, обесправеноста и насилството од османлиската власт во Македонија, дејноста на туѓите пропаганди на соседните држави и асимилаторската политика, ајдутството, ја овозможиле појавата на револуционерната организација на македонскиот народ во 1893 година, која во 1896 година го добила името Тајна македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО).

Мачуково спаѓа во оние села во Гевгелиско во кои меѓу првите е формирана месна организација на ТМОРО. Се претпоставува дека првите членови на оваа Организација се примени во јули 1895 година од идеологот на Организацијата - Гоце Делчев, кој по посетата на градот Штип, навратил и во Гевгелија, каде што ги поставил основите на МРО во овој град, откако во градовите Штип, Кавадарци, Прилеп, Битола, Охрид, Кукуш и Ресен веќе биле формирани револуционерни комитети.[31]

Тој во Гевгелија се задржал четири дена и престојувал наизменично во куќите на Илија Докторов, Томе Бајалцалиев и Андон Динков. Во куќата на Илија Докторов, тој ги вовел во Организацијата следниве лица: Хаџи Нако Николов Матков (трговец), Илија Докторов (учител), Гоце Чанов - Чубукчија (лице што изработува лулиња), Андон Динков Илиев - Дојранлијата (бакалин), Мирче Димитров, Томе Георгиев Бајалцалиев (трговец) и Никола Иванов Бојаџиев (велешанец - главен учител во прогимназијалното училиште под егзархиска управа). Последниот бил избран за раководител на Месниот комитет на ТМОРО во Гевгелија.[32]

Во ова време, 1895-1896 година, кога се создавала и се развивала организацијата на МРО, во Гевгелија самоиницијативно се организирани и

[30] В. Картов, Гевгелија до Балканските војни..., 150.
[31] Илија Докторов во своите спомени кажува Делчев престојувал во неговата куќа 4 дена од 10 до 14 јули. На 14 јули, тој лично бил посветен од него и влегол во редовите на Организацијата. (Борбите в Македония. Спомени на Отец Герасим, Георги Райков, Дельо Марковски, Илия Докторов, Васил Драгомиров, съставител: Борис Йорданов Николов…, 46.)
[32] Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов.., 46. В. Картов, Гевгелија до Балканските војни..., 150-153.

повеќе другарски кружоци од младинци занаетчии што се интересирале за револуционерното движење, читале револуционерна литература и дискутирале на таа тематика. До крајот на 1896 година, во сите гевгелиски села веќе биле формирани револуционерни комитети.[33] По 1896 година, членовите на кружоците почнале да влегуваат во редовите на Организацијата.

Набрзо, за кратко време, бројот на членови на Организацијата во Мачуково се зголемил, а меѓу поистакнатите се вбројувале: Атанас Николов (учител), Панде Маркудов, Саво Макарестов, Мито Јосифов, Леонид Јанков и Христо Јанков. Постоеле и гевгеличани што биле приврзани за македонското националноослободително дело уште пред 1898 година, а работеле надвор од Гевгелија. Тука ќе го споменеме и ќе го издвоиме и самиот Сава Михајлов, за чиј животен и револуционерен пат ќе биде наменета оваа магистерска теза. Освен него, тука ги вбројуваме и имињата на: Димитар Г. Стамов, Гоно Т. Зафиров, Кољо Д. Капсаров и др.

Непосредно пред започнувањето на Илинденското востание, сите селани од Мачуково биле во редовите на Организацијата. Членувале луѓе со најразлични занимања и дејности: трговци, занаетчии, земјоделци и учители, што значи сите слоеви, незадоволни елементи на населението коешто се сплотило заедно во борбата против османлискиот апсолутистички режим.

Мачуково прераснало во пункт на Тајната македонско-одринска революционерна организација ТМОРО, со тоа што еден ден од селаните извршувале курирска должност, ги пречекувале четите на Организацијата, кои пред да го поминат Вардар, извесно време престојувале на ридските терени меѓу Струмица, Валандово, Дојран, Богданци, Стојаково. Други се грижеле за нивниот премин преку Вардар во реоните на Кожуф и Пајак Планина. Организираните мачуковчани служеле и за префрлување на членови на ЦК и на окружните комитети на ТМОРО кои оделе за Солун, Југозападна или Западна Македонија. Притоа, им принесувале храна и други потребни средства. Некои, пак, служеле како јатаци. Месната организација на ТМОРО во Мачуково вршела слични дејности како Околиското раководно тело на гевгелискиот крај, особено при префрлувањето на четата на Гевгелискиот Реон од едната на другата страна на реката Вардар.[34]

---

[33] Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 49.
[34] В.Картов, Сава Михајлов - Савата…, 21-22.

## II. Потеклото на Савата

Сава Михајлов е роден на 25 декември 1877 година, во семејството на Михаил и Фросина Јосифови во селото Мачуково, Гевгелиско. Сава е првородениот син во семејството. По него, Михаил и Фросина добиле уште 6 синови и 6 ќерки, во периодот од 1877 до 1901 година. Меѓутоа, третото и последното чедо (ќерките Марија и Верка), починале како бебиња, така што останале: Сава, Костадин, Христо, Филип, Јосиф, Марија, Ангел, Олга, Ленка, Милка и Благој. Првите осум деца се родиле во селото Мачуково, а другите во Гевгелија.[35]

Михаил Јосифов - таткото на Сава, потекнува од семејството на Јосиф, кое во средината на XIX век било наречено Јосифово, иако неговите предци го носеле семејното име - Курдови.[36] Таткото на Михаил – Јосиф, и неговата сопруга имале 3 сина: Гоно, Михаил и Сава и две ќерки: Марија и Лина. Дедото на Михаил Јосифов бил доселен во селото Мачуково, најверојатно во првите години на XIX век од Југозападна Македонија. Јосиф бил занаетчија и имал отворено селска ковачка работилница во која се изработувале или се поправале разни земјоделски алати, а истовремено се занимавал и со полјоделство и со ситна трговска дејност.

Михаил заедно со својот брат Гоно ја започнале антифанариотската борба во Мачуково. Меѓутоа, поради неговата засилена активност во борбата против дејноста на Патријаршијата, на почетокот на 90-тите години бил наклеветен кај османлиските власти од страна на гркоманите. Во 1897 година состојбата ескалирала и Михаил бил принуден како својот брат Гоно да се пресели во Гевгелија, каде што до 1913 година работел како комисионер на трговец на кожурци, кога бил фатен од грчката војска и бил ликвидиран заедно со група гевгеличани.[37]

---

[35] В. Картов, Сава Михајлов - Савата…, 23. Спомени на Јане Сандански, Сава Михајлов, Христо Куслев, Иван Анастасов - Грчето, Скопје 1951, 43. Кирил Пърличев, Революционната борба в Гевгелийско по спомените на Илия Докторов..., 88.

[36] Според Андон Јанев Ќосето, во неговите кажувања за Сава Михајлов во списанието Илустрација Илинден (год.V, бр. 11, Софија 1925), родителите на Сава потекнувале од големиот род Икономови, од село Мачуково, Гевглиско, кој имал крвни врски со многу семејства во Гевгелиско и Гуменџенско.

[37] В. Картов, Сава Михајлов - Савата…, 23-24.

Мајката на Сава Михајлов - Фросина Дервишева, потекнувала од занаетчиското семејство Дервишеви, кои исто така поттекнувале од селото Мачуково. Михаил бил висок, брз и упадлив, додека Фросина била средновисока, тивка и многу убава жена. Иако целиот свој живот останала неписмена, била многу остроумна и природно интелигентна жена, која се одликувала со многу скромност и добро срце.

Михаил Јосифов се занимавал со занаетчиска и трговска дејност, но семејните услови не биле поволни за одгледување на многубројното потомство. Михаил и Фросина немале своја сопствена куќа, ниту во Мачуково ниту во Гевгелија. Во Мачуково, земјата на која биле градени куќите, била во сопственост на бегот, кој на најразлични начини ги малтретирал селаните. Освен тоа, Михаил постојано бил прогонуван од османлиските власти поради неговото учество во антифанариотската борба, затоа и најпрво бил протеран од малата еднокатна куќа во селото, а потоа и бил принуден да се пресели во Гевгелија, каде што долго време немал своја куќа и живеел со своето семејство како потстанар во куќите на Турнџеви, Росневи и Крецевелиеви.[38]

Своја куќа, семејството Јосифови создало дури по Илинденското востание. Кога Михаил бил фатен и ликвидиран од грчката војска во 1913 година, Фросина избегала во Бугарија и се споила со своите синови во Софија. Таа починала во 1937 година.

Михаил Јосифов и неговата сопруга Фросина Дервишева, и покрај споменатите тешки материјални услови, успеале на своите машки деца да им дадат занает или да ги школуваат. Сава, Христо и Милка завршиле гимназија, Костадин бил арабаџија, Филип и Ангел станале бербери, Јосиф бил квалификуван семар, а Благој станал техничар.

Целото семејство на Михаил Јосифов, освен Сава и Христо, живеело сè до 1913 година во Гевгелија. Во периодот по Илинденското востание и по Балканските војни, голем број гевгеличани, поради жестоките репресии на османлиската, а подоцна и грчката војска, биле принудени да заминат во туѓина. Меѓу нив, непосредно по Втората балканска војна била и Фросина, која заедно со своите осум сина и ќерки (Филип, Јосиф, Марија, Ангел, Олга, Ленка, Милка,

[38] В. Картов, Сава Михајлов - Савата…, 24-25.

Благој),[39] заминала за Бугарија. Тие живееле во Софија и Варна, а во меѓувреме во Бугарија дошол и Христо, така што само Костадин, вториот син на Михаил и Фросина, останал да живее во Гевгелија.[40]

Во детството, Сава Михајлов бил нагалено нарекуван од своите родители Саве, така го именувале и неговите врсници и соселани. Во редовите на Македонската револуционерна организација ќе го носи прекарот Савата.[41]

Првите детски години, до тргнувањето во училиште, Саве ги поминал во игра во куќата и во своето родно место. Тој бил многу бујно и весело дете. Како и сите деца на таа возраст, така и малиот Саве им помагал на своите родители во секојдневните домашни работи, покрај другото, носел и вода во стомничиња и грнчиња, а се грижел и за дотурување храна на домашните животни - овци, говеда, кокошки. Малиот Саве бил многу исполнителен. Задолженијата му причинувале радост. Не требало да му се рече двапати за да заврши некоја работа и затоа бил многу почитуван од своите родители, особено од мајка си Фросина.

Уште од најмала возраст, Сава како дете гледал што се случувало во селото и го запомнил сето она што било интересно, чудно и таинствено за него. Воочувајќи ја експлоатацијата, самоволието и грубиот однос на османлиските власти и дејноста на разбојничките банди кон чифлигарското македонско население во родното Мачуково, веќе пораснатиот и идејно созреан Сава Михајлов, ревносно се вклучува во општата македонска националноослободителна револуционерна борба.[42]

---

[39] Сите умреле во Бугарија, освен Христо, кој починал во Париз. Костадин, кој останал во Гевгелија, во 1902 година се оженил и добил две ќерки, Марика и Олга. Умира во Гевгелија во 1939 година.

[40] В. Картов, Сава Михајлов - Савата…,23-29.

[41] Спомени на Сава Михајлов..., 43.

[42] В. Картов, Сава Михајлов - Савата…, 29-30.

## III. Образование

Сава Михајлов (Савата) основното образование го започнал во учебната 1884/85 година, во родното Мачуково. Тој бил многу интелигентен, трудољубив, грижлив и постигнувал одлични резултати во учењето, така успеал и да ги освои симпатиите на своите учители и соученици. Во учебната 1887/88 година четиригодишното основно образование го завршил со одличен успех.[43]

Сава Михајлов, и покрај желбата на татка си Михаил да стане трговец и да се занимава со трговска дејност, тој одлучил да го продолжи своето образование и во учебната 1888/89 година се запишува во I клас прогимназија во Цариград. Образовната одисеја на Савата не поминала лесно бидејќи тој не добивал доволно пари од својот татко. Благодарение на револуционерниот дух што го поседувал уште од најрана возраст, Савата, и покрај тешките услови, успешно ја завршил прогимназијата во Цариград и во учебната 1892/93 година успеал да се запише во петтиот клас во Солунската егзархиска гимназија „Св. Кирил и Методиј", каде што последниот, седми клас го завршува во јуни 1895 година.[44]

Во Цариград и во Солун Савата живеел во ученички интернат и притоа се стекнал со многу другари. Честопати бил и центар на вниманието бидејќи се истакнувал со редовно учење и мошне богато знаење. Привлечен од историската и револуционерната проблематика, најмногу читал книги со такви содржини и неретко бил познат и како бунтовник, бидејќи не можел да трпи ни најмала неправда, така што за време на школувањето во Солун, неговиот карактер се дефинира со бујност и жар и активно учество во ученичките бунтови. Во горните класови на егзархиската гимназија во Солун Савата го проширува својот мироглед и зачекорува во македонското националноослободително движење. Во VII клас станува еден од најактивните членови на Ученичкиот револуционерен кружок при Солунската егзархиска гимназија.[45]

---

[43] Спомени на Сава Михајлов..., 43. В. Картов, Сава Михајлов…, 30-31. К.Пърличев, Революционната борба в Гевгелийско по спомените на Илия Докторов..., 88.

[44] Спомени на Сава Михајлов..., 43. В. Картов, Сава Михајлов…, 30-31.

[45] Спомени на Сава Михајлов..., 43. В. Картов, Сава Михајлов - Савата…, 30-31. В.Картов, Гевгелија до Балканските војни..., 128. К.Пърличев, Революционната борба в Гевгелийско по спомените на Илия Докторов..., 88. Георги Баждаровъ, Духътъ на Македония, Сборникъ отъ

## 1. Ученички револуционерен кружок во Солунската гимназија

По основањето на Македонската револуционерна организација во Солун, на 23 октомври 1893 година, македонското револуционерно движење започнало во своите редови да прима ученици од погорните класови на Солунската гимназија. Двајцата основачи на Организацијата, Даме Груев и Петар Поп Арсов, во периодот ноември - јануари 1893-1894 година, почнале да дејствуваат меѓу учениците од споменатата гимназија. Веднаш по посветувањето на неколку новопримени ученици, во Гимназијата се формирал и илегален револуционерен ученички кружок, чија дејност главно била организирање конспиративни групи кои во секој момент би биле подготвени да ги активираат учениците за спроведување на некоја акција во полза на МРО. Во спроведувањето на линијата меѓу Организацијата и учениците биле ангажирани и некои прогресивни учители, кои веќе биле членови на МРО.[46]

Според кажувањата на Савата во своите спомени, тој наведува дека во VII клас веќе е дел од Ученичкиот револуционерен кружок при Солунската гимназија, а со тоа е и зачленет во една од тајните конспиративни групи: „Уште како ученик во Цариград, кога ја прочитав книгата *Под игото* во Министерскиот зборник, веќе матно почна кај мене да се раѓа идејата за независност од Турците, ама повистински - во седми клас во Солун каде што имавме ученички кружок и знаевме дека нешто се работи. Знаевме, на пример, дека Даме Груев, кој тогаш беше во Штип, работи нешто против Турците, но дека има некаква организација, за тоа ништо не знаевме."[47]

Значајна улога во прераснувањето на Савата во револуционерен демократ одиграле неговиот соученик Страшимир Дочков, како и неговиот учител

---

биографии и характеристики на македонски революционери, книга първа, София 1923, 109. Сава Михаиловъ -„Революционенъ листъ", бр.12, 15 април 1905.

[46] Види повеќе: В.Ѓорѓиев, Слобода или смрт…, 127-149. Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република - Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Скопје 2010, 79-89.

[47] Спомени на Сава Михајлов..., 44. Андон Јанев Ќосето, бидејќи не се стекнал со образование во училиште, не претставува релевантен извор, меѓутоа споменувајќи го Савата во „Последното сражение на Сава Михайлов", за него кажува: „Уште како ученик, тој се одликуваше со својата бујна природа и самостојниот карактер и во сите ученички бунтови земаше активно учество. Со револуционерната идеја тој беше запознаен преку читање книги и посветен беше уште како ученик во VI клас, кога станува еден од најдејствувачките членови на ученичкиот револуционерен кружок. Познат како немирен бунтовник, по завршувањето на гимназијата, Егзархијата не му дава учителско место, поради што татко му, глава на многучлено семејство, е незадоволен од него и го кара дека нема да стане човек." (Последното сражение на Сава Михайлов, Андон Јанев, Илюстрация Илинден, год. V, бр.11, Софија, 14 март 1925).

Димитар Мирчев, како што самиот Сава говори во своите спомени: „Во седми клас имав еден другар, Дочков Страшимир, родум од Цариград (сега живее во Сливен; Дочков заврши медицина во Берлин). Тој влијаеше на мене, бидејќи имаше слободољубиви идеи против тиранијата. Весниците: „Глас Македонски", „Право", „Автономија", „Другар", „Социјалист" се добиваа тајно… И мојот учител Димитар Мирчев влијаеше на мене, давајќи ми книги со револуционерна содржина, како на пример, „Записките на Захарија Стојанов", Ботев и весници."[48]

[48] Спомени на Сава Михајлов..., 44. Димитар Мирчев во 1893 година бил назначен за учител во Солунската машка гимназија и за надзорник во нејзиниот пансион, каде што учителствувал непрекинато 11 години во машката и во женската гимназија. Во Солунската гимназија тој учителствувал заедно со Георги Баласчев, Антон Димитров и со Иван Хаџи Николов, а лекар во пансионот бил д-р Христо Татарчев. Како учител во Солунската гимназија тој ги подготвувал младите македонски ученици за револуционерна борба, снабдувајќи ги, како што вели во своите спомени Сава Михајлов со „револуционерна содржина". Подоцна станува еден од основачите на Бугарското тајно революционерно братство, кое поради својата наклоност кон Бугарската егзархија и различните цели, бил идеен противник на МРО. (Спомени на Димитар Мирчев, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, ДАРМ, Скопје 2010, 68, 70, 72. )

## IV. Револуционерна дејност (1895 - 1905)

*1. Член на МРО и учителствување во Кавадарци, Кајларско, Неготино, Гевгелиско*

По завршувањето на VII клас, во пролетта 1895 година, Савата за првпат бил назначен за учител во Кавадарци, каде што својата учителска дејност ја започнал во учебната 1895/96 година.[49] Кога заминал за Кавадарци, тој сѐ уште не бил член на МРО, иако во истоимениот град веќе во 1894 година бил формиран месен комитет од страна на Даме Груев, кој воедно претставувал и еден од првите револуционерни клетки на Организацијата надвор од Солун и Солунско.[50] Самиот Сава во спомените наведува дека во училиштето наишол на пет учители и на две учителки, од кои само еден од нив бил посветен член на комитетот, додека, пак, другите два члена биле трговецот Иванчо Мишев Велков и тенекџијата Глигор. Месниот комитет се состоел од три члена. Сава споменува и дека во Варошот постоеле уште двајца учители - Пане Иванов и Иванчо Минчев, кои биле посветени, но на почетокот се криеле од него. Подоцна, самиот другар на Савата, Иванчо Минчев, кој всушност бил и претседател на комитетот во Кавадарци, сѐ му открил, му го прочитал и правилникот и така без давање формална клетва, од крајот на 1895 година, на свои 18 години, на денот на својот роденден (25 декември), Савата влегува во редовите на Организацијата и станува член на МРО.[51]

За време на извршувањето на учителската дејност во Кавадарци, тамошниот главен учител Андон Костов од Дојран, кој воедно бил и орудие на Егзархијата,

[49] Петре Камчевски, Револуционерното движење во Тиквешијата до балканските војни, Кавадарци 1995, 24.

[50] Првиот организиран комитет на МРО во внатрешноста на Солунскиот вилает и воопшто во Македонија бил во Кавадарци. Негов креатор бил Даме Груев. Месниот комитет во Кавадарци бил основан во јули 1894 година, за време на една поширока обиколка на Даме низ Македонија. Прв посветен член во МРО од Кавадарци бил ученикот Иван Минчев. Преку него Груев се сретнал со Јанаќи Илиев - трговец со кожи. Со нив се познавал уште од Солун. Тие двајцата го препорачале главниот учител Пане Иванов и трговецот Иванче Велков, кој бил член на црковно-училишната општика. Картите биле отворени со помош на ученикот Минчев. Даме ги запознал со Организацијата, им дал препис од Уставот што го носел со себе и формално ги подложил на клетва. Претседател на комитетот станал главниот учител Пане Иванов.(В.Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 156-157; В. Ѓорѓиев, Подземната република - Дамјан Груев и македонското револуционерно движење..., 119-120).

[51] В. Картов, Сава Михајлов-Савата..., 35-36. Спомени на Сава Михајлов..., 45. Петре Камчевски, Револуционерното движење во Тиквешијата до балканските војни..., 46. Погрешна е констатацијата на К. Кондов кој тврди дека Савата бил посветен во МРО во летото 1895 и бил поканет во Солун каде што доаѓале учители од цела Македонија за поширокиот собир на МРО кој Даме Груев како училиштен инспектор го организирал под превезот на учителски собир. (В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 166.)

го забележал револуционерното настроение на Савата и го разоткрил кај тогашниот инспектор на егзархиските училишта - К'нчов.[52] Затоа како казна, во учебната 1896/97 година, Сава бил преместен во селото Ракита, Кајларско, сметајќи дека во тој регион не постоела можност за развивање револуционерна активност.[53] На почетокот навистина било така, во цело Кајларско, идејата била сосем непозната, а во селото Ракита имало само една учителка. Меѓутоа, Савата за времетраењето на таа учебна година успеал во речиси сите македонски населби да формира месни комитети на МРО.[54]

„Првпат овдека назначивме еден општ комитет за целата каза во кој влегуваа луѓе и од селата Палеор, Емборе и Конјум - сè тамошни учители. Влегоа уште и неколку работници од Ракита и од споменатите села. Се реши членските влогови да се даваат според правилникот. Се поставија само темели. Комитети се основаа и во селата Дебрец и Наблантќој (Биралци). Емборе овдека е центар на црковно-училишното дело. Самото Кајлари е чисто турско село. Комитетите ги основаа учителите; се запознав со нив и тие се согласија. Само учителите во Емборе не се подадоа. Подоцна еден од учителите и едно друго момче, селанин, се согласија."[55]

Со решенијата на Солунскиот конгрес, кои подоцна почнува и практично да ги остварува, Савата се запознава преку шифрираната коресподенција со хемиско мастило, која ја води со Пере Тошев, кој, пак, во истата 1896 година се наоѓал во Битола и бил во директна врска со Централниот комитет во Солун.

По свое лично барање, а по иницијатива на кавадаречката црковно-училишна општина, во учебната 1897/98 година Сава бил назначен за

---

[52] Преместувањето на Савата за учител од Кавадарци во село Ракита било заради претпазливост на Егзархијата, која внимавала на нејзините училишта и го попречувала патот на македонската национално-ослободителна идеја, така што преувеличено е толкувањето дека е заради предавството на тамошниот главен учител во кавадаречката гимназија - Андон Костов од Дојран, кој бил орудие на Егзархијата и го предал Михајлов на инспекторот на егзархиските училишта - Васил К'нчов. (Виолета Ачкоска, Никола Жежов, Предавствата и атентатите во македонската историја, Скопје 2004, 133-134.)

[53] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 158. Петре Камчевски, Револуционерното движење во Тиквешијата до балканските војни..., 46.

[54] В. Картов, Сава Михајлов-Савата..., 36-37. По Солунскиот конгрес одржан за време на Велигденската ваканција (23.III/05.IV) во 1896 година се преименувала во Тајна македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО). (Види повеќе: В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 215-220.)

[55] Спомени на Сава Михајлов..., 45. Сава Михаиловъ „Революционенъ листъ", бр.12, 15 април 1905.

главен учител во второкласното училиште во Неготино,[56] каде што веќе постоел комитет и работата на Сава главно се состоела во организирање и привлекување членови во Организацијата.[57] Самиот тој во спомените кажува дека „дал оставка бидејќи не сакал да остане подолго во село Ракита, туку сакал да учителствува во гимназија во град каде што гледал поголема можност за дејствување.“[58]

Во Неготино се задржал само една учебна година, меѓутоа развил мошне плодна револуционерна дејност, притоа одржал и неколку собири со неготинчани, на кои јавно се манифестирало ширењето на револуционерното сознание меѓу народот.[59]

Следната учебна 1898/99 година Савата се префрлил за учител во второкласното училиште во големото село Богданци, Гевгелиско.[60] Селото располагало со повеќе кримки, кои преку канал од Струмичко биле префрлени во Гевгелиско.[61] Две години претходно, додека Савата учителствувал во Кавадарци, неговиот другар и соселанин Атанас Николов Тодев (од село Мачуково), успеал да формира месен комитет во Богданци, а сега, со доаѓањето на Савата, раководството во селото го дели заедно со него и со учителите: Иван Бардаров, Христо Трајков Лисичков, Стефан Поп Иванов, Христо Гонов Карајоцов, Христо Џаљозов, Гоно Бакалов и Алфред Христов Џаљозов.[62] Во Организацијата биле примени уште 80 селани, а со дејствувањето на Савата на овој простор, организациската мрежа дополнително се проширила и се зацврстила. Новите членови што влегувале во редовите на Организацијата

---

[56] Есента 1897 година, Организацијата во Тиквешко била зајакната со доаѓањето на Савата како учител во престојната учебна година. (В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 241.)

[57] Погрешна е констатацијата дека Сава бил дел од првиот револуционерен комитет формиран во Неготино од страна на Даме Груев, каде членови биле и: Пано Ставров, Ѓошо Марков, Пано Дафов, Пано Емшов, Цандо Божинов, Лазо Дудин и др. Исто така погрешен е редоследот на организационата дејност на Даме дека по создавањето на комитетот во Неготино, оди да формира комитети и во Кавадарци и Ваташа. (Цочо Билјарски, Ива Бурилкова, д-р Зоран Тодоровски, Петре Камчевски, Револуционерните борби во Тиквешијата, спомени и материјали, книга 2, ДАРМ Скопје 2001, 27.). Првиот месен комитет на Организацијата е формиран во Кавадарци од страна на Даме Груев, кој подоцна формирал комитет и во Неготино и Ваташа. Во 1895 година Савата влегува во редовите на Организацијата благодарение на членовите од Кавадаречкиот месен комитет. Учителствува најпрво во Кавадарци, а потоа и во Неготино.

[58] В. Картов, Сава Михајлов..., 39-40.

[58] Спомени на Сава Михајлов..., 45.

[59] В. Картов, Сава Михајлов..., 39-40.

[60] К. Първичев, Революционната борба в Гевгелийско по спомените на Илия Докторов..., 89. Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 49.

[61] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 288-289.

[62] Грешно стои 1897 година кај К. Първичев, Революционната борба в Гевгелийско по спомените на Илия Докторов..., 11-12.

почнале да се снабдуваат со пушки, кримки пренесени од Бугарија. Савата забележува: „на добрите, а бедни работници, им се даваа пушки, што беа доставени од ЦК. Нашите луѓе од Гевгелиско ги презедоа пушките од комитетските луѓе од Струмица по канал. Побогатите си наоѓаа турски пушки, поголем дел од системот Гра."[63]

## 2. Прва чета во Гевгелиско и дејствувањето со Аргир Манасиев, Андон Костов и Апостол Петков

Завршувајќи ја учителската дејност во селото Богданци есента 1899 година, Сава станува учител во градот Гевгелија. Учебната 1899/1900 година ја минува во истоимениот град, каде што основите на МРО биле поставени уште од Велигденската ваканција на Гоце Делчев во пролетта 1895 година, а организациската мрежа во Гевгелија и гевгелиските села поактивно се развивала од 1897 година, кога за учител во Гевгелија бил назначен Аргир Манасиев.[64] Со негова директна ангажираност и помош од страна на истакнатиот член на Организацијата - Пере Тошев, есента истата година биле формирани месни комитети во селата: Смоквица, Конско, Тушин, Н'те, Лесково и Баровица и градот Ениџе Вардар, а дејноста се проширила и во реонот на Кожуф и Пајак Планина, каде што тамошните села биле посетени и од страна на Васил Чекаларов, повторно во придружба на Аргир Манасиев.[65]

---

[63] Спомени на Сава Михајлов..., 45.

[64] Аргир Манасиев во редовите на Организацијата влегува во 1893-1894 година, кога се запознал со Гоце Делчев и Даме Груев. Во учебната 1895/1896 година бил назначен за учител во село Негован, Солунско, кое било важен организациски пункт меѓу Солун и Серес, а за учебната 1897/1898 година од страна на Даме Груев бил назначен за учител во село Смоквица, Гевгелиско, кое претставувало важен пункт на реката Вардар поради добрата местополжба. Наоѓајќи се меѓу градовите Гевгелија и Струмица, во Смоквица требало да се отвори канал за пренесување борбени материјали за Гевгелиско и Битолско. (Македония в пламъци.Андон Кьосето, Анастас Лозанчев, Григор Попев, Аргир Манасиев, Христо Пасков, Мите Хаджимишев, Кръсто Лазаров, Екатерина Паница. Освободителните борби на българите от Македония в спомен на дейци на Вътрешната македоно-одринска революционна организация, записал: Боян Мирчев, съставителство: Ива Бурилкова и Цочо Билярски, София 2003, 123-125;Спомени на Аргир Наков Манасиев за участието му в революционното движение в Македонското революционно освободително движение до Илинденското въстание - материали, от Боян Мирчев, Известия на Института за българска история, книга 7, БАН София 1957, 351, 353.).

[65] Македония в пламъци.Андон Кьосето, Анастас Лозанчев, Григор Попев, Аргир Манасиев, ХристоПасков, Мите Хаджимишев, Кръсто Лазаров, Екатерина Паница. Освободителните борби на българите от Македония в спомен на дейци на Вътрешната македоно-одринска революционна организация, записал: Боян Мирчев, съставителство: Ива Бурилкова и Цочо Билярски..., 126. В.Картов, Гевгелија до балканските војни..., 156-163.

Доаѓањето на Савата во Гевгелија и Гевгелиско покажало мошне добри резултати во однос на омасовувањето и зацврстувањето на Организацијата во овој крај. Тој самиот во своите спомени говори дека само што пристигнал во Гевгелија, веднаш станал член на Гевгелиското реонско раководно тело, со кое управувал главниот учител Андон Костов од Дојран, а притоа член бил и учителот Аргир Манасиев од село Сехово.[66]

Од овие мигови, Савата отворено се залагал Организацијата да биде достапна за сите незадоволни елементи во Гевгелија и Гевгелиско, како за Македонците што ја признавале Егзархијата, така и за оние што биле припадници на Патријаршијата, а и за влашкото население. Тој бил посветен на идејата - формирање масовна револуционерна, борбена, народна сила во гевгелискиот крај, којашто имала успех, и покрај препреките и влијанието на туѓите пропаганди. Така, во сите населби биле формирани месни организации, додека, пак, постојните биле зајакнати и омасовени.[67]

Војводите Аргир Манасиев и Апостол Петков имале голем број соработници меѓу влашкото население, па честопати нивните куќи служеле како засолниште на македонските чети, а некои гркомански и турски семејства кои ја симпатизирале Организацијата и исто така биле блиски соработници на Аргир, материјално и морално и помагале, дури учествувале и во спасување на дејци од сигурна смрт.

Набрзо по доаѓањето на Сава Михајлов во Гевгелија и почнувањето на неговата учителска и организациска дејност, избувнала Валандовската афера. За времетраењето на аферата, а и неколку месеци подоцна, сè до крајот на април 1900 година, османлиските војски стационирани во Гевгелија и Дојран, под раководство на Мехмед-паша и башибозуците на Ќазим-бег спроведувале невиден терор над населението во селата Брајковци, Балинци, Марвинци и Богданци. Од тепање и разни инквизициски мерки умреле 7 души, биле подложени на тешки маки 150 души, а и многумина биле затворени.[68] Гевгелиското реонско раководство на чело со Андон Костов, Сава Михајлов и Аргир Манасиев, собрало 50 жени и деца, кои ги испратило во Солун да се жалат на странските конзулства против зулумот на османлиските власти.

---

66 Спомени на Сава Михајлов..., 46. В.Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 289.
67 В. Картов, Сава Михајлов-Савата..., 41-42.
68 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 291-294.

Конзулите направиле постапка пред Високата порта, која набрзо ги запрела своите дејства, а виновниците Мехмед-паша и кајмакамите на Гевгелија и Дојран биле ослободени од должност.

Во периодот кога се случувала Валандовската афера, Савата кажува дека тие во Гевгелиско веќе имале своја чета (1898/99 година), која била една од првите чети на Организацијата.[69]

Гевгелиската чета на Сава Михајлов, Аргир Манасиев и Андон Костов дејствувала како извршна власт на раководното тело и кон неа се придружиле момчињата од Гевгелиско (едни компромитирани, а други од желба да водат независен, горски живот).[70] Четата во текот на 1899/1900 година го заштитувала населението од зулумите на чифликсајбиите, данокособирачите, падарите и разбојниците.[71] Преку придобиеното население во делото на Организацијата се обезбедувале и соодветни јатаци, канали за движење на четите и за прибирање оружје. Набрзо, таа пораснала на 12 души, а подоцна се поделила на две и три чети, така што едната од нив заминала во Ениџевардарско. Савата во овој контекст споменува дека подоцна во Гевгелиско дошол Михаил Попето од четата на Делчев, кој сега со своја мала чета составена од 5-6 души, започнал да дејствува во духот на Организацијата во овој регион.[72]

Истата 1899/1900 година, по иницијатива на Сава биле одржувани општоселски собири на кои се разговарало со занаетчиите, за подобрување на социјалната и економската положба на населението. На еден таков собир на чевларските работници во 1899 година Савата побарал тие заеднички да се снабдуваат од Солун со суровини за да имаат помалку трошоци, со што би ја зголемиле својата заработувачка. На друг собир, во село Смоквица, тој остро се

[69] Спомени на Сава Михајлов..., 46. В. Картов, Гевгелија до балканските војни..., 164. В. Картов, Сава Михајлов-Савата..., 41-42. В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 288-289.

[70] Според Илија Докторов, четата била формирана во 1897 година и неа ја предводел војводата Иванчо Карасулиски. За вооружувањето, се погрижил Аргир Манасиев, кој во тоа време бил учител и раководител во село Смоквица. (Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 56.).

[71] Георге Д. Ковачев, од Гевгелија, во однос на формирањето на првите чети во периодот од 1893 до 1903 година, дава податоци дека ги извршувал сите надлежности кои му ги давале раководителите на чети (собирање пари преку ашар, купување муниција и пушки, прибирање облека и храна и сл.), Јованче Војводата, Апостол Бојмички војвода, Аргир Манасиев и Сава Михајлов, кои лично ги познавал и како курир пренесувал чети од едно на друго место по нивна наредба. По 1903 година, споменува и дека ги пренесол четите на Сава, Аргир, Тимчо Војвода, кои се движеле од Мачуково-Сехово, кон планината Кожуф, каде што биле магацините со оружје и пушки, истовремено го следел и движењето на турскиот аскер, за што ги информирал раководителите на четите. (Ковачев Д. Георге, кут.17, а.е. 27, Илинденски сведоштва, том.II, дел.2, ДАРМ, Скопје 2016, 992.)

[72] В. Картов, Гевгелија до балканските војни..., 164. В. Картов, Сава Михајлов-Савата..., 41-42.

спротивставил на соселаните што одбиле да му даваат помош на семејството Бакалови што настрадало поради револуционерна дејност.[73]

Во своите спомени, Аргир Манасиев раскажувајќи за состојбата на Револуционерната организација во Гевгелија и Гевгелиско, споменува: „Во 1900 година, во нашите места не се случи ништо особено за одбележување; сè се вршеше без шум, населението се вооружува и може да се каже, дека Организацијата во нашиот крај беше една од најуредените.“[74]

## 3. Учителска и раководителска дејност - Горна Џумаја
## Ставот и односот на Савата кон ВМК

Исполнителната и ангажирана дејност на Савата во гевгелискиот крај не останала незабележана од страна на највисоките раководни органи на ТМОРО. Примерните и доследни македонски револуционери биле поставувани на раководни места во револуционерни реони чија местоположба имала пресудно значење за натамошниот успех на македонското ослободително дело. Горноџумајскиот регион претставувал погранична област со Бугарија и затоа бил на прв удар на врховистите. Областите десно од реката Струма припаѓале на Струмичкиот револуционерен округ, а областите лево од реката Струма влегувале во рамките на Серскиот револуционерен округ, кој по заострените односи со ВМК требало да се зацврсти со поставување искусни организатори на ТМОРО што требало да го олеснат функционирањето на каналите кон Бугарија и да претставуваат бедем на евентуален врховистички удар.[75]

За таа цел, по барање на ЦК на ТМОРО, Сава Михајлов во есента 1900 година бил поставен за главен учител во прогимназијалното училиште во Горна Џумаја, а истовремено ја добил и должноста главен раководител на Горноџумајскиот реонски комитет на ТМОРО, која несомнено му била доделена со знаење и доверба на Гоце Делчев.[76]

---

[73] В. Ѓорѓиев, Андон Јанев - Ќосето..., 68. В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 289.
[74] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев, 129. К.Пърличев, Революционната борба в Гевгелийско по спомените на Илия Докторов..., 89.
[75] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 362, 315.
[76] Спомени на Сава Михајлов..., 46-47. В. Картов, Сава Михајлов - Савата....50-51. К. Пърличев, Революционната борба в Гевгелийско по спомените на Илия Докторов..., 89. В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 315.

Во однос на борбата со врховизмот, на почетокот не постои отворена војна со врховистите, со оглед на фактот на изградената добра релација меѓу ТМОРО и ВМК на Сарафов, кој најпрво бил „орудие“ на Делчев и Петров, па во своите спомени во првите години од раководењето на комитетот во Бугарија постојано говори за начинот на кој давал материјална помош за Организацијата, а тоа во неколку збора го резимира и Ѓорче во своите спомени, дека Сарафов едноставно сакал да каже: „Ние сме фирмата, а Ѓорче е комитетот“.[77] Ѓорче Петров во своите спомени го потврдува и со свои зборови: „Ние го уредивме Сарафовиот комитет, тој беше наш продукт“,[78] се заклучува податокот дека Сарафов во својот прв мандат давал голема материјална и финансиска поткрепа за ТМОРО во Македонија, меѓутоа бил далеку од тоа да биде послушник на ТМОРО. Наскоро започнал со заткулисни игри бидејќи негова цел било да ја преземе токму тој ТМОРО во свои раце и тоа било евидентно за време на преговорите меѓу Организацијата и Бугарското тајно револуционерно братство, кога Сарафов се наметнал како посредник и претендирал да биде раководител на целото македонско револуционерно дело, поради што ќе дојде до судир со ЦК на Организацијата во Македонија.

Ставот на Савата кон Сарафов го воочуваме за време на божиќните празници во 1900 година кога тој престојувал во Софија. Таму, Ѓорче Петров го информирал за стремежите на Сарафов. Савата разбрал дека Сарафов од „чисто славољубие сака да ја овенча својата дејност ... природно во него се развила желба славно да заврши“. Сфаќајќи го тоа сериозно, Савата влегол во договор со соседните џумајски реони Малешевско и Разлошко, за да му се спротивстават на Сарафов. Практично тие го прифатиле начелото да ја бранат самостојноста на Организацијата и без знаење на задграничните претставници да не допуштат чета во Џумајско. Во меѓувреме се случила солунската провала и паѓањето на Сарафовиот комитет.[79]

Сава Михајлов, подоцна, во горноџумајскиот крај се истакнува во смелата и беспоштедна борба против врховизмот, во која тој до крај се залага за одбрана на принципот на самостојност на македонското ослободително движење, без вклучување и мешање на туѓи надворешни сили во делото. За неговата идејна

---

[77] Спомени на И.Х. Николов, Д. Груев, Б.Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, Х. Татарчев, Скопје 1995, 138-140. Спомени на Ѓорче Петров..., 120.
[78] Спомени на Ѓорче Петров..., 117.
[79] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 315-316.

определеност се влијателни Гоце Делчев и Ѓорче Петров, кои како истакнати водачи и идеолози ја организирале и ја насочувале борбата против врховизмот, како и окружните војводи Јане Сандански, Димитар Гуштанов, Крсто Асенов во Серскиот округ кои на терен и ја спроведувале.

Во овој контекст Ѓорче во своите спомени истакнува: „Меѓу главните противници на Сарафов од нашите луѓе беа Сава Михајлов, Чучков, Чернопеев, Сандански.“[80]

## 4. Зближувањето со Гоце Делчев

Во овој период, за време на учителствувањето на Савата во Горноџумајско, Делчев е член на Задграничното претставништво на ТМОРО и воедно е еден од најзначајните водачи и доајени на Организацијата. Савата и Гоце се среќаваат во горноџумајскиот пограничен револуционерен реон уште во првите денови од доаѓањето на Савата во споменатиот крај.

Антон Страшимиров, пишувајќи за Крсто Асенов, кој меѓу населението во Горноџумајско од страна на Организацијата бил претставен како Даскал Христо од Радовиш, меѓу другото, потврдува дека во септември 1900 година Сава бил директор на трикласното училиште во Горна Џумаја.[81]

Истиот податок го дава и Аргир Манасиев во спомените: „Во село Лешко, Горноџумајско, се сретнавме со управното тело на градот Горна Џумаја на чело со директорот на гимназијата Сава Михајлов и учителот Сандо Китанов. Во село Лешко тогаш учител и раководител на Организацијата беше Крсто Асенов.“[82]

До прв непосреден контакт меѓу Сава Михајлов и Гоце Делчев доаѓа во септември 1900 година, кога Делчев бил на ревизија во овој крај со својата мала

---

[80] Ѓорче Петров, Спомени. Коресподенција, вовед, коментар и редакција Љубен Лапе, Скопје 1984, 141.

[81] А. Страшимировъ, Кръстьо Асенов, София 1906, 17.

[82] Во една верзија на спомените на Аргир, тој не го спомнува Савата воопшто. Кажува дека во село Лешко, Горноџумајско се сретнале со управителното тело на градот Горна Џумаја, со директорот на гимназијата и учителот Сандо Китанов. Споменува дека во село Лешко, тогаш учител и раководител на Организацијата бил Крсто Асенов. (Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев, 131.) Во друга верзија на спомените на Аргир Манасиев се споменува името на Сава, како директор на гимназијата. (Спомени на Аргир Наков Манасиев за участието му в революционното движение в Македонското революционно освободително движение до Илинденското въстание - материали, от Боян Мирчев, Известия на Института за българска история, книга 7..., 360-361.)

чета. Савата ни говори за овој момент во спомените: „Со Делчев добро се запознав во Џумаја. Таму тој идеше со ревизорската чета. Се сретнавме во едно село. Тој беше со четата, преоблечен во селско, дојде и кај мене дома."[83]

Современикот и соборец на Савата, Димитар Г. Динев го забележува следново: „Уште во првите денови од неговото пристигнување во Горна Џумаја (се мисли на Сава Михајлов), Гоце Делчев, кој бил на ревизија во овој крај со својата мала чета, ја оставил во селата и преоблечен влегол во градот, во домот на Савата. Тука останал три дена, се сретнал со членовите на горноџумајското раководно тело и други граѓани и на крајот свикал општо собрание на сите посветени на делото. На тоа собрание Савата бил избран за раководител на целиот горноџумајски револуционерен реон."[84]

Дека навистина Делчев имал средби со Савата во Горна Џумаја, зборува и самиот тој во едно свое писмо од 13.II.1901 година, испратено до револуционерниот комитет во Горна Џумаја, известувајќи ги за неговиот престој „браќата" во Перник,[85] кога по вторпат бил на ревизија во овој крај, веднаш откако ја добил веста за Солунската афера:

„Довечера ќе заминам за Тросково, оттаму за Дабочица, а оттаму или право за Лешко (Горноџумајско), или пак преку Панчарево (Малешевско) за Лешко. Известете го тамошниот учител, наш другар (се мисли на војводата Крсто Асенов, верен пријател и соборец на Гоце Делчев), да знае дека ќе му одам на гости. Ќе гледам в сабота да стигнам таму, или барем в недела, па за тоа време добро ќе биде да дојдете и вие на посета. Ако не сите, барем Кожуфов и Струмски, а во краен случај само Струмски."[86]

---

[83] Спомени на Сава Михајлов..., 46-47.

[84] Изъ споменитъ ми за 1903 год. Димитар Г.Диневъ, Илюстрация Илинден, год.V, кн.7-8, (47-48), София юонний - юлий 1933, 22-27.

[85] Во писмото на Гоце Делчев псевдоним за Горна Џумаја е градот Перник. В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 362.

[86] Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев - преписка, т.2, Скопје 1972, писмо бр.98, 107-108. Во Горноџумајскиот комитет освен Савата и Сандо Китанов, трет член бил и Димитар Марков со псевдоним Видов. (В.Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 363.)
Полјански веројатно греши кога во цитираното дело наведува дека Кожуфов е псеводоним на војводата Сандо Китанов, а Струмски псевдоним на војводата Сава Михајлов, бидејќи во други извори Сандо Китанов е познат под псеводнимот Струмски. Дино Кьосев, Гоце Делчев, писма и други материјали, София 1967, 241-242. В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 363.

## 5. Соработката со Санде Китанов, Крсто Асенов, Христо Чернопеев и Јане Сандански

Средбата и зближувањето на Савата со Гоце, повлијаела тој уште повеќе да ја засили својата револуционерна дејност и борбата против врховизмот. За таа цел, во текот на целата учебна 1900/1901 година, во непосредна соработка со учителот Санде Китанов, пројавил неуморна дејност во интерес на заздравување и проширување на револуционерната мрежа на Организацијата во горноџумајскиот крај, а со тоа и потиснување на врховистичката пропаганда. Позначајни дејности што биле преземени биле од типот: обновување на дејноста на месните комитети и нивната активност која станала позасилена и поплодна; собирање парични влогови за делото преку месните организации; поактивно учество во решавање на спорните прашања меѓу населението од граѓанско-правен и имотноправен карактер; агитација меѓу населението за афирмирање на потребата за самовооружување, како и разбивање на илузиите за очекување на каква било помош од страна на Бугарија и сл.[87]

Сандо Китанов раскажува: „Положбата беше навистина очајна. Во Бугарија комитетот се откажа од нас. Бараа да предадеме сѐ, да се раководи оттаму. Ни откажуваа секоја парица, нѐ шпионираа, ни пречеа дури да го доставиме и малкуто она што можевме со свои средства. А сега - еве, се изврши и ова страшно предавство во Солун. Нам не ни остануваше друго, освен да веднеме глава. Но како можевме да го сториме тоа кога беше очигледно дека во Софија за револуција не мислеа, за слобода не зборуваа, туку пљампаа за некакво „више“ ориентирање, рок определуваа, дури политика одредуваа: - национален бунт бараа луѓето - не: народно востание….“[88]

А. Страшимиров ни пренесува: „Делчев и Крсто се затворија во собичето кај Курдови[89] и плачеа како деца. После ги најдоа тука Савата, Сандо, Христо и Јани. Два дни тие не се делеа и во тешки часови Крсто ја фрли онаа страшна идеја, којашто после се сврши со грозата за шест месеци…“[90]

---

[87] В. Картов, Сава Михајлов-Савата..., 50-52. Спомени на Сава Михајлов..., 47-48.

[88] Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев во спомените на современиците, т.3, Скопје 1972, 220-221.

[89] Курдови - семејното име на предците на Сава Михајлов. Подоцна од времето на дедото на Савата - Јосиф, во средината на XIX век го замениле со Јосифови, така таткото на Сава го носел името Михаил Јосифов.

[90] Хр. Андонов-Полјански, Гоце Делчев во спомените на современиците, т.3..., 220-221. А.Страшимировъ, Кръстьо Асенов...,37.

Револуционерната организација во горноџумајскиот крај, под раководство на Сава Михајлов, кон крајот на 1900 и почетокот на 1901 година, успеала да воспостави поорганизирани врски со револуционерните сили на Организацијата што работеле во Бугарија под непосредно раководство на членовите на Задграничното претставништво на ТМОРО - Гоце Делчев и Ѓорче Петров. Преку овој реон и соседните револуционерни реони се одржувала врската за префрлување оружје од Бугарија. За ова говори и самиот Делчев во своите две писма до Горноџумајскиот комитет од 13 и 20.II.1901 година, кога бил во ревизија на овие краишта.[91]

Кон крајот на март и во почетокот на април 1901 година, Гоце Делчев презел конкретни мерки за зацврстување на одбранбената линија во пограничните региони на османлиска Македонија кон Бугарија. За таа цел, во североисточните предели на Македонија биле распоредени четите на Христо Чернопеев, Јане Сандански, Крсто Асенов, Сава Михајлов и други. Малку подоцна во таква улога ќе се најде и Андон Ќосето.[92]

Делчев, во споменатиот период, откако се префрлил во Бугарија по одржаните средби со Савата и Крсто, во своите писма од 10.IV.1901 година,[93] испратени до револуционерниот комитет во Горна Џумаја т.е. до Кожуфов и Струмски во Перник, дава некои интересни податоци за нас, во однос на неговиот однос кон Савата и Сандо. Најпрво, тој ги прашува дали Христо Чернопеев е кај нив, со своја чета; додавајќи дека ако тој самиот не може да внимава на двете страни од реката Струма, да соопштат за да му се испрати друга чета; ги советува да обрнат внимание на Коштанов кој имал план да прави нешто, пренесувал бомби и сл.; ги известува дека сите податоци ќе се препраќаат преку Бараково (се мисли на Ќустендилскиот пункт), а не преку бистричкиот канал (Горноџумајско); меѓу другото, ги предупредува за нивното молчење во врска со акциите на Коштанов и нивното недејствување, и покрај претходно дадената должност за негово следење; Делчев воедно им забележал на Сава Михајлов и на Сандо Китанов за изолацијата од нивна страна на третиот член од Комитетот, Димитар Марков. Притоа апелира на сплотеност меѓу нив, бидејќи и тој како член на управното тело сноси еднаква одговорност

---

91 Хр. Андонов-Полјански, Гоце Делчев - преписка, т.2..., 107-109.
92 В. Ѓорѓиев, Андон Јанев-Ќосето..., 114.
93 Хр. Андонов-Полјански, Гоце Делчев - преписка, т.2..., 115-117.
Д.Кьосев, Гоце Делчев, писма и други материјали..., 243-244, 254-256.

со нив, поради што треба да биде осветлен за сите работи; за крај ги известува дека Ѓорче Петров наскоро ќе ѝ се предаде на полицијата и ќе биде формиран нов состав на Организацијата.[94]

Значајна помош во разгорувањето на револуционерната дејност на Савата и Санде во горноџумајскиот крај, даваат и Крсто Асенов, Христо Чернопеев и Јане Сандански, во периодот кон крајот на 1900 и во текот на целата 1901 година.

Крсто Асенов, по иницијатива на Делчев, влегува во редовите на Организацијата и е поставен за учител во село Влахи, Мелничко во 1900 година, додека, пак, по лично барање на Сава е назначен за учител во село Лешко, Горноџумајско[95] со 12 лири годишна плата. Тој учествува во речиси сите акции на Горноџумајскиот револуционерен комитет во корист на македонското ослободително дело.[96]

Плодна била и соработката меѓу Савата, Санде и Христо Чернопеев, кој во Горноџумајскиот крај бил испратен од страна на Гоце Делчев, предводејќи една мала чета, со цел да помогне во заздравувањето на Организацијата во пограничните места кон Бугарија.

Револуционерната соработка на Савата со Јане Сандански започнува кон крајот на 1900 година, за време на божиќните празници, кога Сава заминува за Софија и зема учество во разговорите со Гоце Делчев, Ѓорче Петров и другите во врска со прашањата од револуционерното дело на македонското население, а во истиот период Јане се наоѓа во Софија, каде што учествува во работата на тамошните македонски друштва, како делегат од Дупница, заедно со Никола Малешевски. Најверојатно е дека тука дошло до лично запознавање на Сава со Јанета, меѓутоа нивните први непосредни контакти и дружење врз основа на кои се создала идната плодна револуционерна соработка, започнале дури во април наредната година. Тогаш, со знаење на Сава Михајлов, кој бил раководител на Горноџумајскиот револуционерен реон, Јане со чета од 8 души ја преминал бугарско-турската граница, навлегол во Македонија каде што се задржал непрекинато 3 месеци, посетувајќи ги главно горноџумајскиот, разлошкиот и

[94] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 363. Д.Кьосев, Гоце Делчев, писма и други материјали..., 251-254.
[95] Мерсия Макдермот, За свобода и съвършенство, биография на Яне Сандански, София 1987, 69.
[96] А.Страшимировъ, Кръстьо Асенов..., 20.

мелничкиот крај.[97] За тоа ни говори Гоце во горенаведеното писмо испратено до Горноџумајскиот револуционерен комитет, од 10.IV.1901 година, споменувајќи дека „доколку Осман Беговиќ не може да го чува Пирин од тамошната чета од навлегување на арамиски чети, ќе го испратат Јане Сандански со чета.“[98]

Засилената активност на Сава и Санде предизвикала извесно негодување на побогати првенци од градот Горна Џумаја и од таа причина двајцата дејци биле принудени почесто да отсуствуваат од редовното вршење на учителската должност. Гоце Делчев ги советува во писмото од 20.II.1901 година, да назначат свои учители заменици, за да можат послободно да се движат.[99] Некои трговци од градот барале Сава и Санде идната учебна година да не бидат назначени за учители во Горна Џумаја, меѓутоа овие несогласувања понатаму биле решени со залагање на Јане Сандански и Христо Чернопеев, кои во текот на јули 1901 година извесно време престојувале во Горна Џумаја. Со нивна интервенција, двајцата револуционери повторно биле назначени за учители во Горна Џумаја, за претстојната учебна 1901/1902 година.[100]

За тоа говори Јане во своите спомени: „Јас со Чернопеев и Крсте Асенов останавме да образуваме во градот (се мисли на Горна Џумаја), раководно тело. Тогаш средивме и некои недоразбирања меѓу граѓаните. Натеравме да бидат назначени некои учители - Александар Китанов (од Лешко) и Сава Михајлов, против кои се беа објавиле чорбаџиите. Откако средивме сè за два-три дена, Сава Михајлов и Крсте се вратија во Бугарија, а ние со Чернопеев си отидовме кај четите.“[101]

## 6. Отворената борба против врховизмот

Борбата на Савата со врховистите започнува во летото 1901 година кога од левата страна на Струма, во Серско се нашла врховистичката чета на капетан Стојанов, а од десната на Пашалијата. Тогаш Сава Михајлов и Јане Сандански

---

[97] Владо Картов, Револуционерната соработка на Јане Сандански со Сава Михајлов во предилинденскиот период, 126-127.
[98] Хр. Андонов-Полјански, Гоце Делчев - преписка, т.2..., 114-115. Д.Кьосев, Гоце Делчев, писма и други материали..., 243-244, 254-256.
[99] Хр. Андонов-Полјански, Гоце Делчев - преписка, т.2..., 109.
[100] В. Картов, Револуционерната соработка на Јане Сандански со Сава Михајлов во предилинденскиот период..., 126-127.
[101] Спомени на Јане Сандански..., Скопје 1995, 207.

ги обиколиле селата во Џумајско, Мелничко и Разлошко, додека пак од десната страна на Струма дејствувале Крсто Асенов и Чернопеев. Првите врховистички чети биле повикани на јавен дуел пред населението, меѓутоа тие го одбиле предлогот. Во октомври 1901 година, во с. Лагадош, Џумајско се појавила врховистичката чета на подофицерот Михаил Лазаров. Крсто Асенов, веднаш го известил Сава Михајлов, кој собрал 30 души милиционери од Селиште, Покровник и Крцово и заминал за Лагадош. Врховистичката чета била разоружена и вратена во Бугарија.[102]

Споменатиот инцидент со врховистите бил повод врховистичкиот војвода Дончо Златков, по зацврстувањето во Петричко, да се нафрли и врз Горноџумајско. Есента 1901 година, стариот арамиски војвода, сега врховизиран Дончо Златков, постојано испраќал заплашувачки писма до Сава и до селаните во Џумајско, барајќи од нив, доколку не сакаат да бидат изгорени и испотепани, да го предадат запленетото оружје, одземените врховистички пушки од разоружената чета на Лазаров во Лагадош.[103]

Заканите на Дончо, доцнењето на доставките со оружје, засилената врховистичка агитација дека ВМК ќе достави пушки без пари, го поткопале авторитетот на ТМОРО, предизвикале извесно колебање кај населението и го зголемиле неговото незадоволство кон Организацијата, која сè уште не го снабдила народот со оружје. Покрај ова, пробивот на врховизмот дополнително бил олеснет и поради зафатеноста на војводите и нивните чети со аферата Мис Стон.

Во периодот од септември до декември 1901 година, додека Савата сè уште не бил непосредно поврзан со актерите на аферата, тој бил ангажиран за средување на нередот што го правел врховистичкиот војвода Дончо во горноџумајскиот крај. Тој ја зел задачата, преку обиколки по селата да им објасни на селските раководители колку е опасна врховистичката политика и колку е неразумно да примаат луѓе што можат сериозно да му наштетат на делото на слободата, а исто така бил задолжен и за снабдувањето на четниците

[102] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 364. В.Картов, Революционерната соработка на Јане Сандански со Сава Михајлов во предилинденскиот период..., 129. Иван Кантарџиев, Серскиот округ од Кресненското востание до Младотурската револуција - националнополитички борби, Скопје 1968, 197-198. В.Картов, Сава Михајлов-Савата..., 65-66. Спомени на Сава Михајлов..., 47.

[103] Спомени на Сава Михајлов..., 48. В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 365. И.Катарџиев, Серскиот округ од Кресненското востание до Младотурската револуција - национално-политички борби..., 182 М.Пандевски, Јане Сандански и Мис Стон..., 73.

на Сандански и Чернопеев, кои биле непосредно ангажирани околу пленетите Стон и Цилка.[104] Имено, голем дел од средствата што биле собрани од населението на горноџумајскиот крај за вооружување на Организацијата биле употребени за докрајчување на аферата.[105]

Во ноември 1901 година Савата свикал општо собрание на селските раководители во Лешко и им ги објаснил разликите меѓу ВК и ТМОРО. Тој истакнал дека ВК на поттик од бугарската влада и кнезот може да организира движење како во 1895 година со што би ја осуетиле „слободата на Македонците, за која Внатрешната организација се подготвува". На собирот најгласно против ВК зборувал раководителот од Падеж, Смилјан Димитров, кој бил во таен договор и по една седмица, кога повторно се појавила разоружената чета кај Лагадош, тој ја примил кај себе. Веднаш потоа го известил Сава Михајлов, дека се откажува од ЦК и се присоединува кон ВК, и побарал да му се вратат пари за пушки."[106]

Сепак, врховистичката агитација имала успех. Незадоволните, кои дале пари, а притоа не добиле пушки од Организацијата, почнале да преминуваат на страната на ВК. Истовремено, ним им се придружиле оние од кои насилно биле изнудувани пари за потребите на делото, како и оние што злоупотребиле организациски пари, или на други начини се огрешиле кон Организацијата. Бројот на незадоволните се зголемил и во градот Горна Џумаја. Како резултат на тоа, уследило предавство на Сава Михајлов.[107] Кон крајот на 1901 година било потфрлено едно писмо, кое се нашло во рацете на еден турски офицер. Во него се велело: „Ако сакате да знаете каде се жените (Мис Стон и Цилка б.н.), фатете го главниот учител Сава Михајлов и уште Петар Китанов (трговец), Никола Чевајата (меанџија) и Лазо Покровнички (земјоделец)". За среќа, момчето што било натерано да го прочита писмото било член на Организацијата, се преправало дека не знае да чита и брзало веднаш да го извести Никола

[104] Спомени на Сава Михајлов..., 47-49. Мерсия Макдермот, За свобода и съвършенство, биография на Яне Сандански..., 80.
[105] Хр.Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 86-89.
[106] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 365.
[107] Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903, поглед низ документи, Скопје 2013, 244.

Чеважата, кој бил еден од обвинетите. Сава Михајлов штом разбрал за тоа, поминал во илегала во четата на Сандански и Чернопеев.[108]

## 7. Аферата „Мис Стон“

Сава Михајлов и Јане Сандански одржувале потесни врски и истовремено развиле плодна соработка за време на познатата афера „Мис Стон“, која траела во периодот од септември 1901 до февруари 1902 година.[109] За аферата е многу пишувано, меѓутоа ние ќе се задржиме на улогата на Савата во неа.

Прашањето за тоа на кој начин да се дојде до финансиски средства за Организацијата било најтешко. Се дошло до сознание дека треба да се извлекуваат пари по доброволен или по принуден начин од богати граѓани од Македонија, а посебно да се грабнуваат богати бегови или нивни синови, кои по добивањето на откупот, ќе бидат ослободени. Ваквата идеја за грабнување богати лица, особено богати бегови, била прифатена од повидните дејци на македонското ослободително движење со цел да се добијат парични средства за потребите на Организацијата, бидејќи од сиромашното македонско население тешко можеле да се соберат преку членски влогови.[110]

Акциите на македонските револуционери за грабнување бегови и нивни синови и воопшто на побогати граѓани не се преземале поради арамиски цели, туку за потребите на Револуционерната организација. За таа цел, околу Петровден 1901 година Сава Михајлов, Јане Сандански и Христо Чернопеев, скроиле план да го фатат Сулејман-бег од Горна Џумаја.[111] Планот не бил реализиран поради болест на бегот.[112] Со слични намери Сандански и Чернопеев заминале во Разлошко, каде што сметале да го фатат протестантскиот мисионер од Солун д-р Хаус. Бидејќи Хаус го одложил патувањето, планот пропаднал. Меѓутоа, тие дознале дека во Банско се наоѓа

[108] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 365. Спомени на Сава Михајлов..., 48. Мерсия Макдермот, За свобода и съвършенство, биография на Яне Сандански..., 86. Наташа Котлар-Трајкова, Јане Сандански, Скопје 2016, 70.
[109] В. Картов, Револуционерната соработка на Јане Сандански со Сава Михајлов во предилинденскиот период..., 134.
[110] Ванчо Ѓорѓиев, Аферата Мис Стон, Историја/Journal of History 38.1-2, 55-75, Скопје 2002, 55.
[111] Мерсия Макдермот, За свобода и съвършенство, биография на Яне Сандански..., 69. Наташа Котлар-Трајкова, Јане Сандански..., 52.
[112] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 371.

протестантската мисионерка Мис Елен Стон и одлучиле да ја киднапираат.[113] Според Христо Чернопеев, тоа било попривлечно бидејќи: „д-р Хаус секогаш бил пријател на селаните ... За Мис Стон јас не држев многу. Таа често проповедаше против нас, велејќи им на селаните дека Господ ќе ги оттргне од бедите, а не 'разбојниците' ... тоа ја направи работата полесна за проголтување“.[114] Малку подоцна, во август истата година, Гоце Делчев, Сава Михајлов, Христо Чернопеев и Крсто Асенов на дводневната средба во село Лешко, Горноџумајско, размениле мислења во врска со грабнувањето богати граѓани и дошле до горespоменатите заклучоци.

До такви сознанија дошле и Јане Сандански, Христо Чернопеев и Сава Михајлов, вршејќи ја непосредно својата револуционерна дејност во Горноџумајско и Разлошко. За тоа еве што стои во спомените на Сандански: „Во текот на три месеци ги обиколив Џумајско и Разлог, агитиравме пред населението да си купува пушки, а и самиот јас за истата цел требаше да соберам пари од тоа население, но гледав голема сиромаштија, а пак не се надевав на помош од Бугарија. Знаев колку бесмислено ги растураше парите Сарафов, кај мене назреваше мислата по некаков друг начин да се најдат пари за да се употребат за делото во Македонија.“[115]

Савата во своите спомени раскажува: „На Петровден мислевме како да најдеме пари. Имавме план за еден бег во Џумаја, Сулејман-бег, но тогаш и подоцна во јули, не успеавме да го фатиме. Кога минав јас на 17 август, Чернопеев веќе се наоѓаше некаде околу Банско, планот за фаќањето на Мис Стон веќе беше приготвен и само уште преку мене се допрашуваа кај Делчев и Ѓорче, што ќе речат тие, дали да се фати Мис Стон. Делчев и Ѓорче не веруваа

[113] Мерсия Макдермот, За свобода и съвършенство, биография на Яне Сандански..., 71. В .Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 371. Спомени на Сава Михајлов..., 50-52. В.Картов, Сава Михајлов - Савата... 55-56. В.Ѓорѓиев, Аферата Мис Стон, Историја/Journal of History 38.1-2, 55-75..., 56. Христо Силянов, Освободителните борби на Македония, том I, София 1933, 86-87. Идејата за киднапирањето на Мис Стон на Јане Сандански му ја дава еден од неговите четници, тиквешкиот војвода Добри Даскалов, кој и активно учествува во нејзината реализација. Откако тројцата војводи го изготвиле планот, тешката задача за убедување на протестантите да ја поддржат акцијата за заробувањето на американската мисионерка му припаднала токму на Даскалов. Тој со успех ја извршува, придобивајќи ги првенците протестанти за каузата на Организацијата. Подоцна еден од неговите четници, синот на баба Цана Пинџурова - Димо, влегува во четите на Сава и Аргир и извршува секретарска дејност. (Цочо Билјарски, Ива Бурилкова, д-р Зоран Тодоровски, Петре Камчевски, Револуционерните борби во Тиквешијата, спомени и материјали, книга 2..., 205, 279.)

[114] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 429. Мерсия Макдермот, За свобода и съвършенство, биография на Яне Сандански..., 71.

[115] Спомени на Јане Сандански..., 18.

дека ќе се земат големи пари за Мис Стон и затоа Ѓорче не беше согласен да се фаќа.[116] Јас заминав на 17 август со Крсто Асенов и со неколку четници. Отидовме во Банско и им соопштивме дека Делчев се колеба. И покрај тоа, фаќањето стана на своја одговорност.“[117]

„Кон крајот на летото 1901 година (21.VIII./3.IX.1901 година) била киднапирана Мис Стон. Со тоа започнала 6-месечна мистериозна афера. Според времетраењето, спектакуларноста, остварениот финансиски ефект и афирмацијата на македонското ослободително дело на меѓународен план, тоа е најкрупната афера во историјата на Тајната македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО).“[118]

Манол Пандевски во делото посветено на аферата Мис Стон, при квалификацијата на главни и споредни улоги во аферата, му доделува значајно место и на Сава Михајлов, за кого, меѓу другото, говори дека бил задолжен од страна на Гоце Делчев да ја организира одбраната од врховистичките чети, дека имал тесна соработка со Крсто Асенов, Христо Чернопеев и токму поради учеството во аферата, Сава засекогаш го напуштил учителствувањето и поминал во четите.[119] Исто така, голема заслуга за успешната афера Лазар Томов му препишува на околискиот комитет во Горна Џумаја предводен од Савата.[120]





Учесниците во аферата „Мис Стон“

Како што споменавме, на почетокот Савата не бил директно поврзан со аферата „Мис Стон“ и затоа во периодот од септември до декември 1901 година бил посветен на борбата против врховизмот во горноџумајскиот крај, решавајќи ги проблемите што ги создавал врховистичкиот војвода Дончо Златков.

[116] Јане преку Савата во Горна Џумаја го сондирал мислењето на Гоце и Ѓорче во врска со планот за киднапирањето на Мис Стон. Ѓорче бил против киднапирањето бидејќи не верувал дека можеле да земат голема сума, а Гоце се двоумел. Савата ги пренел мислењата на Јане во Банско и се вратил во Горна Џумаја. (Наташа Котлар-Трајкова, Јане Сандански..., 55.).
[117] Спомени на Сава Михајлов..., 47.
[118] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 370.
[119] Манол Пандевски, Јане Сандански и Мис Стон, Скопје 1992, 35-36.
[120] Спомени за революционната дейност в серския окръг, Лазар Томов, София 1952, 28.

Во средината на декември 1901 година, по потфрленото писмо и предавството на Савата, тој станува илегален и влегува во четите на Сандански и Чернопеев, кои ги заштитувале заплenетите Мис Стон и Цилка.[121] Зафатеноста на Сандански, Чернопев и Асенов со аферата го олеснило пробивот на Дончо во Џумајско, а напорот и залагањето на Сава Михајлов да ја открие вистинската политика на врховистите пред населението во горноџумајскиот крај не успеале за долго да го спречат врховистичкиот налет.[122]

Од Струмичко стигнала вест дека Дончо го фатил и го ликвидирал учителот Александар Илиев, кој бил непосреден учесник во одвлекувањето на Мис Стон. Од него успеал да ја добие организациската шифра.[123] Затоа, Чернопеев и Асенов тргнале да разберат што се случува и да се спротивстават. Сава Михајлов ги известил дека Саев тргнал од Дупница во помош на Дончо. Тие го пресретнале, го разоружиле Саев во Селиште и така врховистите ги вратиле назад во Бугарија. Потоа, Чернопеев и Асенов се обидувале да преговараат со Дончо бидејќи дознале дека тој собрал голема чета за да го нападне Сандански и да ги одземе жените, кои биле чувани од страна на: Јане, Андон Ќосето, Димитар Ќосето, Кара Васил, Стефан Мандалов и Кољо Чевеата. За таа цел, Дончо им ветил на учесниците во акцијата по 20 лири, еден револвер и по една манлихера. Дончевиот план пропаднал по разоружувачката акција на Сава и селската милиција извршена врз врховистичката чета на Саев.[124]

Во вакви околности, Јане останал со неколку четници во Тросково, Горноџумајско. Тогаш Дончо направил обид да ја одземе Мис Стон од рацете на Сандански, но во тоа не успеал. Имало и престрелка со групата на Јане во селото Тросково, за која Јане смета дека била поради предавство, а Савата додава дека раководителот во Тросково злоупотребувал пари собрани за оружје, исто како и голем дел од селските џумајски раководители, поради што таквите

[121] Н. Котлар-Трајкова, Јане Сандански..., 62.
[122] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 384.
[123] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 384. В. Ѓорѓиев, Андон Јанев-Ќосето..., 120.
[124] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 384. В.Ѓорѓиев, Андон Јанев-Ќосето..., 120. М.Макдермот, За свобода и съвършенство, биография на Яне Сандански..., 80. Интересот на Бугарија за аферата Мис Стон наговестува обид за одземање на жените од Јане и напади на врховистите во Малешевско, Струмичко преку Дупничко кон Горноџумајско, каде што се наоѓало јадрото на Сандански. (Н. Котлар-Трајкова, Јане Сандански..., 67.)

како него сакале да се ослободат од Јане, се одметнувале од ТМОРО и се здружувале со ВМК.[125]

На 16/17 јануари Савата го забележуваме заедно со Јане и Крсто во Банско.[126] Интересно е да се спомене дека за време на овој период (од декември 1901 до крајот на јануари 1902 година) продолжила непосредната революционерна соработка меѓу Јане и Савата. Имено, Савата по неговото приклучување кон четите зел непосредно учество во сите акции на Сандански како негов близок соработник и советник.

За време на аферата „Мис Стон", Сава многу помогнал да се одржи и да се подигне моралот на запленетите, па и на самите македонски револуционери што биле непосредно ангажирани околу оваа акција. Тој не само што бил доста весел човек, туку и бил голем песнопоец. Не биле ретки случаите кога ги бодрел со својот многу познат мелодичен глас, свирејќи и пеејќи многу македонски народни и борбени песни. На овој план голема помош му давал комитата Стефан Мандалов, познат како Манданата со потекло од Гевгелиско, непосреден учесник во споменатава афера уште од нејзините први денови.[127]

Аферата „Мис Стон" завршила со плаќањето на откупот на 2.II.1902 година.[128] На овој ден Сава заедно со Јане и Крсте Асенов лично парите ги пренеле во Бугарија. Во ноќта на 17/18 февруари парите биле пренесени на договореното место надвор од Банско и предадени на Јане Сандански, Крсто

[125] Андон Златков Томов, познат како врховистичкиот војвода Дончо, бил „најдобриот" кој ВМК можела да го ангажира за борба против Сандански. Тој бил испратен да го прогонува Јане, за да му ги одземе жените Мис Стон и Цилка за време на аферата, бидејќи Цончев немал подобар човек од него за тоа, а истовремено Дончо требал да отвори и пат на војводите-офицери преку неговото зацврстување во пограничните реони на Македонија.(Наташа Котлар-Трајкова, Јане Сандански..., 68-69.) Дончо заедно со неговите јатаци и злосторниците Петре Касапчето и Варбангели Карски, од село Петрич ја следеле и сакале да ја киндапираат Мис Стон. (Турски документи за аферата Мис Стон, превод, редакција и вовед д-р Драги Ѓорѓиев, ДАРМ, Скопје 2008, 33-35, 197.)

[126] Мерсия Макдермот, За свобода и съвършенство, биография на Яне Сандански..., 86. В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 389. Тројцата војводи носеле писмо потпишано од Мис Стон и имале средба со д-р Хаус во куќата на проетестантот Иван Грнчанов. Кај Н.Котлар стои дека на 30 јануари со согласност на Сандански, во домот на стариот протестантски првенец во Банско - Константин Петканчин, американската комисија била поканета на вечера, на која дошле и Јане, Сава и Крсто. Тогаш бил постигнат договор, златото да биде заменето со олово, а амбалажата да се врати во Цариград под изговор дека плаќањето се одложува за друго време, со цел да се надмудрат османлиските власти. Според В. Ѓорѓиев, средбата била на 31 јануари 1902 година, а на вечерата присуствувале Јане, Сава, Крсто, д-р Хаус, Пит и Гарџиоло во куќата на Константин Петканчин, каде што бил постигнат договор за откупот. (Н. Котлар-Трајкова, Јане Сандански..., 75, 77; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 390.)

[127] Спомени на Сава Михајлов...47-48. В. Картов, Сава Михајлов-Савата..., 50-53.

[128] Види повеќе: Спомени на Ј. Сандански...., Скопје 1995, 208-212. Хр. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 88-89.

Асенов и Сава Михајлов, додека пак Андон Ќосето бил задолжен за чување на запленетите жени во планината.[129] Јане ја споменува месноста „Арами Бунар". Приемот на парите бил потврден со расписката донесена на Сандански, а потпишана од Мис Стон и Катерина Цилка уште на 17 декември 1901 година, бидејќи откупот морал книговодствено да се оправда со потписот на Мис Стон, а не на Сандански.[130] Ќосето до Раздол го придружувал само Чернопеев, кој бил задолжен за ослободување на жените, Асенов заминал со Сандански и Михајлов за Банско. Подоцна Чернопеев се повлекува и ги остава заложничките во рацете на Ќосето.[131]

За донесувањето на парите во Бугарија, Ѓорче Петров раскажува во своите спомени: „Парите ги донесоа Сандански, Крсте Асенов и Сава Михајлов, во злато, сè лири. Во собата кај мене ги донесоа. Јас скришум се вратив од Трново за неколку дни. Ги распределивме на мали делови по разни пријатели за да ги чуваат привремено."[132]

Парите му биле подоцна предадени на Делчев, кој формирал комисија за нивно трошење. Неа ја сочинувале: Гоце Делчев, задграничните претставници Туше Делииванов и Димитар Стефанов, Никола Малешевски и Сава Михајлов - вкупно петмина.[133]

Савата исто така говори во своите спомени за предавањето на парите на Делчев: ,,Парите ги донесовме со Сандански и Крсто овдека, Делчев не беше дојден и му пишавме да дојде. Решивме парите да не ги држиме кај себе, ами да се свика едно собрание од внатрешните дејци и да се реши кому да му се доверат тие пари. Најголема доверба имавме во Делчев... Минавме во Бугарија од Разлог преку Доспат, преку Аврамов проход на Белово. Одевме со 15 души, сите со пушки, ни услужуваа и курири од Организацијата... Во Софија стигнавме како трговци и го чекавме Делчев...кој стаса по еден месец."[134]

---

129 В. Ѓорѓиев, Андон Јанев-Ќосето..., 123.

130 М. Пандевски, Јане Сандански и Мис Стон..., 144. Парите ги носат во Бугарија со 15-члена чета преку Разлошко и Доспат. Во Пловдив по пат Сава и Крсто купиле алишта и чанта за секој од четата. Преправени како трговци одат за Софија. (В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 391.)

131 В.Ѓорѓиев, Андон Јанев-Ќосето..., 125.

132 Спомени на Ѓорче Петров..., 154-155.

133 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 391-392. Н.Котлар-Трајкова, Јане Сандански..., 83. Според Ѓ. Петров во неа влегле: Г. Делчев, Н. Малешевски, Т. Делииванов и Д. Стефанов. (Ѓ. Петров, Спомени.Кореспонденција..., 155.). Меѓутоа С. Михајлов истакнува дека тој бил еден од членовите на четиричлената комисија.( Спомени на С.Михајлов..., 50-51).

134 Спомени на Сава Михајлов...,50-51. В. Картов, Сава Михајлов - Савата... 56-58.

Во однос на тоа како и каде биле потрошени парите од откупот за Мис Стон, Савата дава податоци дека на советувањето, освен изборот на Комисијата, одлучило определени суми да се испратат во Разлошко, Горноџумајско, потоа во Солунскиот и Битолскиот револуционерен округ: „За тие места требаше да се наоружаат четниците и да се испраќаат внатре, во пограничните реони, и главно, да се борат против врховистите. Благодарение на тие пари, ние можевме да зајакнеме и да се спротивставиме, зашто тогаш бевме останале сосема без пари....Се реши голем дел од парите да се потроши за оружје, ами борбата против врховистите не одвлече на друга страна, и по неа отидоа многу пари, та не набавивме толку оружје колку што планиравме... Додека го државме собранието и се расправавме со парите (чекајќи го Делчева), врховистите беа успеале да се пробијат во Џумајско."[135]

Според договореното, Мис Стон и Цилка требало да бидат ослободени десет дена по откупот, некаде во Серско. За овој завршен чин од аферата „Мис Стон", како што споменавме, бил задолжен најпрво Христо Чернопеев, а откако тој не успеал да ги ослободи на 20 февруари во Банско поради преголемата концентрација на османлиската војска, наместо на југ како што биле договорени, ги носи на север и во село Разловци ги предава по канал на Андон Ќосето, кој ја презема таа одговорност и во непосредна близина на Струмица, во селото Градашорци ги ослободува.[136] Двете заложнички при ослободувањето добиле храна и по 1 лира за патни трошоци. Со тоа е обележан дефинитивниот крај на аферата на 23.II.1902 година.[137]

## 8. Револуционерната соработка со Јане по аферата

По завршувањето на аферата „Мис Стон", фокусирајќи се на револуционерната дејност на Сава Михајлов, треба да споменеме дека тој ја продолжува борбата против врховизмот, кој својата кулминација ја доживува со врховистичката провокација од 1902 година. Особено засилена антиврховистичка дејност во горноџумајскиот крај како и во соседните краишта

[135] Спомени на Ѓорче Петров..., 171-172. Спомени на Сава Михајлов...,50-51.
[136] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 390-391. В. Ѓорѓиев, Аферата Мис Стон..., 72-73. По ослободувањето двете жени планирале да заминат со првиот воз за Истанбул. (Турски документи за аферата Мис Стон, превод, редакција и вовед д-р Драги Ѓорѓиев..., 187-189.)
[137] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 391.

во Мелнишко и Разлошко, Сава Михајлов развил во средината на 1902 година. Во период од три месеци (април - јуни 1902 година), тој заедно со Јане Сандански одржувал најнепосредни односи во овој период и во текот на тие три месеци двајцата се пројавуваат како многу способни и неуморни агитатори и пропагатори на ТМОРО меѓу населението од левата страна на реката Струма - горноџумајскиот, мелничкиот и разлошкиот крај.[138]

Јане Сандански, говорејќи за состојбата по аферата „Мис Стон“ во своите спомени, дава податоци дека по предавањето на парите на Делчев, некаде на почетокот на април 1902 година,[139] со согласност и знаење на Делчев и Петров, Јане со Христо и Крсте се договара да одат во две насоки - тие да ја фатат десната страна на Струма, а самиот тој - левата, околу Пирин, бидејќи веќе започнувала сериозната борба против врховистите. Во четата на Јане, која броела вкупно 16-мина, се наоѓал и Савата.[140]

Планот бил, преку агитација на народот да му се објаснува целта на Организацијата, за што таа се подготвува, да се објасни дека Организацијата сака востание, меѓутоа, не тогаш кога сакаат врховистите и да се потенцира во што се разликуваат врховистите од нив: „Им велевме дека тие се луѓе на дворецот, дека сакаат да ги предберат во свои раце нишките на Организацијата, за да можат да си играат како сакаат со ослободителното дело.“[141]

Агитирачката дејност во април 1902 година, од Делвино ја продолжиле во селата Хрсово, Марулево[142] и Недобрско.[143] Во селото Марулево, каде што

---

138 В. Картов, Револуционерната соработка на Јане Сандански со Сава Михајлов во предилинденскиот период...,129.

139 На 6 април 1902 година, Јане се упатува кон Македонија. Претходно се подготвува во Дупница, каде што се снабдил со соодветна облека, пушки, муниција, ранци. (Н.Котлар-Трајкова, Јане Сандански..., 88.)

140 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 426. Меѓу другите четници, Јане ги спомнува и: Ѓорѓи Скрижевски (од Скрижево, Драмско), учител со средно образование, Петар Милев (од село Косач, Радомирско), со завршен 6-ти клас гимназија во Софија, Ѓорѓи Баждарев, со завршена гимназија и тогаш учител внатре во Македонија, а сега студент во Високата школа, Андреја Казепов (од Ресенско) со завршена гимназија, Спиро Петров (Прилеп), трговец и др. (Спомени на Ј.Сандански..., 212-213; Мерсия Макдермот, За свобода и съвършенство, биография на Яне Сандански..., 91-92.) Ѓорѓи Баждаров, еден од четниците на Јане, кој бил сведок на агитаторската активност на Јане во секое село против врховистите, го набројува и Савата, како дел од четата. (Виолета Ачкоска, Ѓорѓи Баждаров, Скопје 2015, 82-83.)

141 Спомени на Ј. Сандански..., 212-213. Мерсия Макдермот, За свобода и съвършенство, биография на Яне Сандански..., 91-92.

142 В. Ѓорѓиев го именува селото како Марлево. (В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 427.)

143 Еден од четниците на Јане, Георги Баждаров раскажува дека ја минале Горна Џумаја и ги посетиле селата Марулево, Делвино, Хрсово, додека пак самиот Јане кажува дека прво биле во Делвино, Хрсово, па на крај во Марулево. (Виолета Ачкоска, Ѓорѓи Баждаров..., 85; Н. Котлар-Трајкова, Јане Сандански..., 88.) В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 426-427.

бил и Сава, раководителот на Горноџумајскиот комитет, се обиделе да ги отрујат Јане и четниците, но не успеале бидејќи војводата ја почувствувал живата што била ставена во сланината.[144] Јане споменува дека пред неговата чета се движела врховистичка чета од 20-ина луѓе предводена од Георги Арнаутин, сочинета од поранешни арамии, арнаути муслимани, што се подготвувала да оди во село Градево каде што веќе се наоѓала врховистичката чета на капетан Јурдан Стојанов со 18-ина луѓе. Затоа Сандански го променил планот, наместо да се упатат кон селото Градево, се упатил кон разлошкиот крај,[145] во село Недобрско, кое сè уште не било допрено од врховистите.[146] Подоцна заминале во селото Годлево и конечно пристигнале и во Банско - центарот на Организацијата во Разлог, каде што се наоѓала месната чета на дваесетгодишниот војвода Иван Вапцаров.[147] Во Банско се обединиле со неврокопската чета на Атанас Тешовалијата и со банската чета, со цел по одржаните собранија во селата да заминат во Мелничко и да му се спротивстават на капетанот Стојанов.[148] Во селото Влахи ги собрале сите селани за да ја побијат тезата на врховистите што му била всадувана на тамошното население дека Јане со парите од Мис Стон отишол во Европа, Будимпешта и на други места, така што селаните биле вчудовидени што го гледаат Јанета. Оттука, по 3-4 дена заминале за селото Оштава, каде што на ист принцип било одржано собрание. Биле посетени и селата Сенокос, Кресна, Мечково, Србиново.[149]

Во демаскирањето на врховистичката пропаганда и на врховистичките клевети против Организацијата, Јане настојувал секогаш да биде конкретен, очигледен. Недоверливите селани сами со своите очи и уши да ја согледаат и да ја чујат подлоста на врховизмот. Така, кога во селото Србиново, повлијаено од врховизмот се говорело дека Сава Михајлов „злоупотребувал организациски

[144] Н. Котлар-Трајкова, Јане Сандански..., 88. В. Ачкоска, Ѓорѓи Баждаров..., 85-86. Георги Баждаров, Моите спомени, съставител: Ангел Джонев, София 2001, 36. В.Ѓорѓиев пишува дека станува збор за живо сребро кое било ставено во сланината.(В.Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 427.)

[145] На патот кон Разлог, нивен водач бил Миле Бизев, четник и учител од Банско. (Виолета Ачкоска, Ѓорѓи Баждаров..., 86.)

[146] Н. Котлар-Трајкова, Јане Сандански..., 89.

[147] Н. Котлар-Трајкова, Јане Сандански..., 90.

[148] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 427.

[149] В. Картов, Революционерната соработка..., 130. Мерсия Макдермот, За свобода и съвършенство, биография на Яне Сандански..., 93. Н. Котлар-Трајкова, Јане Сандански..., 92. В.Ачкоска, Ѓорѓи Баждаров..., 90. Георги Баждаров, Моите спомени..., 38-39. И. Катарџиев, Серскиот округ од Кресненското востание до Младотурската револуција..., 160.

пари собрани од селаните", Јане го повел Сава во селото, ги собрал селаните и барал од нив јавно и документирано да ги изнесат своите обвинувања за злоупотребите на Сава.[150] Се покажало дека парите биле злоупотребени не од него, туку од месниот поп, кој од стравот пред одговорноста, станал врховист.[151]

Во текот на оваа заедничка дејност и револуционерна соработка, која веќе прераснала во пријателство, двајцата македонски револуционери направиле и обиди да се сретнат со врховистички војводи непосредно пред населението, за да развијат дискусија во која ќе се согледаат различните цели на ТМОРО и ВК. Обидите биле неуспешни бидејќи претставниците на Врховниот комитет одбивале да се сретнат. Меѓу нив бил и прочуениот врховистички војвода Стојанов.

Нивното пријателство придонело во периодот од 1900 до 1902 година Савата да се запознае со воената вештина на Јане и да се усоврши во тој поглед, па подоцна да добие и ингеренции на околиски војвода во Гевгелиско.

## 9. Илинденско востание 1903

Савата во јуни 1902 година се враќа во Бугарија[152] и сè до заминувањето во Гевгелиско како околиски војвода и реонски началник во средината на јануари 1903 година, ќе работи во непосредно содејство со Делчев и ќе биде ангажиран во антиврховистичката борба во центарот на врховизмот - Софија. Сава учествувал лично во разговори со врховистичкото раководство предводено од Иван Цончев во врска со иницираната соработка меѓу ТМОРО и ВК, која се покажала како невозможна поради драстично спротивните гледишта на двете организации.[153]

---

[150] Мерсия Макдермот, За свобода и съвършенство, биография на Яне Сандански..., 94.

[151] В. Картов, Револуционерната соработка..., 130. Н.Котлар-Трајкова, Јане Сандански..., 93. И. Катарџиев, Серскиот округ од Кресненското востание до Младотурската револуција..., 160. В.Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 428.

[152] Јане оди за Мелничко, а Савата се враќа во Бугарија со дел од Јаневите четници. (Н.Котлар-Трајкова, Јане Сандански..., 94.) Кај В.Ѓорѓиев стои дека Сандански заминува за Разлошко, Атанас Тешовалијата за Неврокопско, а Савата за Бугарија. Меѓутоа, Јане, поради известувањето што го добива дека повеќе села во Мелничко се заканувале ако во рок од 30 дена не добијат пушки ќе го повикаат врховистичкиот војвода Дончо, го менува планот и се враќа во Мелничко. (В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 428.)

[153] В. Картов, Сава Михајлов-Савата..., 66-69. В.Картов, Револуционерната соработка..., 134.

Во периодот од 12 март до 8 декември 1902 година, името на Савата се забележува во сметкорасходната книга на Делчев, каде што тој водел евиденција за издадените парични средства и за сите трошоци што биле направени за потребите на делото. Така се споменува „На Савата и на неговите другари - 12 лири", „На Крсто Асенов и Савата - 40 сребрени левови", „Од I-та 50 остаток преку Сава - 70 лири" и „Од II-та 500-ца пак преку Савата - 118 лири."[154]

Додека, пак, за периодот август - ноември 1902 година, во однос на мислењето на Савата за вооружувањето, дознаваме од писмата на Делчев, во кои тој го споменува неговото име: „Тој (се мисли на Савата) не лажел кога велел дека сме влегле во спогодба со фабрика за посолидно оружје, но ништо не можеме да направиме, бидејќи мачно се внесуваат однадвор. Сè, сè знаеме, но рака куса, па да гледаме и помалкуто да се внесува. Знаеме дека и за четите манлихерките се подобри, но ете и за нив ги немаме. Што имавме и имаме, тие се наместени и уредени, затоа и отсега натаму ќе ги вооружуваме четите со мартинки или берданки." [155] Понатаму, Делчев говорејќи исто за вооружувањето, потенцира дека особено му се важни српските берданки и нивните патрони бидејќи од нив планирал да испрати во Гевгелиско со Сава, којшто ќе заминел по Славчето (се мисли на војводата Славчо Ковачев).[156] Во контекст на испраќањето на Ефрем Ѓорѓиев (организационен деец) за Ќустендил, Гоце навестува дека ќе гледа да го прати и Сава да поседи малку таму.[157]

Во јануари 1903 година бил одржан Солунскиот јануарски конгрес, на кој било изгласано решението за кревање востание во Македонија. Савата се наоѓа во Софија, каде што била организирана дискусија меѓу повидните претставници на Организацијата, на која учествувале околу 20 видни организациски сили, меѓу кои се споменуваат имињата: Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Христо Матов, Христо Татарчев, Иван Хаџи Николов, Борис Сарафов, Тома

---

[154] Хр. Андонов-Полјански, Гоце Делчев-преписка, т.2..., 171, 176-177.
Д. Кьосев, Гоце Делчев, писма и други материали..., 321-322, 325-326, 329. За видовите на прибирањето на паричните средства и за сметководните операции на Внатрешната организација може да се види подетално кај: Л.Т.Киселинчев, Паричните средства и счетоводните операции на В.М.О.Р.О преди Илиндень, Ил. Илинден год.Х, кн. 2 (92), София 1938, 6-10.
[155] Хр. Андонов-Полјански, Гоце Делчев - преписка, т.2..., 152-153. Д.Кьосев, Гоце Делчев, писма и други материали...,231-233.
[156] Хр. Андонов-Полјански, Гоце Делчев - преписка, т.2..., 212-213. Д.Кьосев, Гоце Делчев, писма и други материали..., 285-286.
[157] Хр. Андонов-Полјански, Гоце Делчев - преписка, т.2..., 167. Д. Кьосев, Гоце Делчев, писма и други материали..., 132.

Давидов, Михаил Герџиков, Славчо Ковачев, Никола Пушкаров, Кирил Прличев, Никола Наумов, Димитар Стефанов, Христо Силјанов, Константин Антонов-В'лчо и Тома Карајовов.[158] Иницијатор на првата сесија на Софиското јануарско советување било Задграничното претставништво, а повод за средбата биле можни компликации по Горноџумајското „генералско востание", како и првиот декемвриски циркулар на ЦК на МРО во кој била загатната можноста за востание во Македонија.[159]

Во однос на ставот на Савата за пристојното востание, тој во спомените самиот говори дека се држел резервирано и дека ќе одел таму (се мисли на Македонија), ќе видел, ако има база за востание, ќе се дигнеле, а ако нема, тогаш ќе се задоволеле само со терористички атентати.[160]

На Советувањето, по прашањето за востание, во однос на карактерот на дејствата се издвоиле две групации - малцинска група предводена од Матов-Татарчев, која се залагала за општо востание, додека, пак, мнозинството предводено од Гоце-Ѓорче ја застапувало идејата за перманентно востание, т.е. дејства што постепено ќе водат кон востание, без негово формално објавување. Бил постигнат компромис меѓу малцинството и мнозинството, кои прифатиле засилени партизански дејства.[161]

Погрешни се констатациите дека Савата бил против востание. Борис Сарафов во своите спомени вели дека Савата бил на страната на ставот на мнозинството, против масовно раздвижување, залагајќи се за поактивни герилски акции на четите со употреба на динамит за пруги, мостови и сл.[162] Христо Силјанов,[163] кој исто така учествувал на овие советувања во Софија, пишува дека против решението на Солунскиот конгрес се спротивставиле, пред сè, сите оние што внатре (во Македонија) и тука (во Бугарија) биле ангажирани

---

[158] Димитар Димески, Генеза на прашањето за востание кај раководните кадри на МРО, Годишен зборник на Филозофскиот факултет 56 (1-30), Скопје 2003, 17-18. Димитар Димески Софиско советување, Солунскиот конгрес и напорите на Гоце Делчев за ревизија на солунското решение, Историја/ Journal of History 39.1-2, 29-44, 2003, 35. Хр.Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 202.

[159] Д. Димески, Генеза на прашањето за востание кај раководните кадри на МРО..., 18. В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 464.

[160] Спомени на Сава Михајлов...,52. Савата, Н.Пушкаров, М.Герџиков, В. Антонов, К.Нунков дале поддршка на Делчевата концепција за востанието што предлагала диверзантски акции со користење на експлозивен материјал. (Манол Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, том втори, Скопје 1987, 180, 200.)

[161] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 276-277. В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 464-465.

[162] Спомени на Борис Сарафов..., 165.

[163] Хр.Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 203.

во борбата против врховизмот. Како што веќе споменавме, Сава Михајлов бил еден од оние што многу активно учествувале во борбата против врховизмот, како во Македонија, така и во Бугарија, но, воочувајќи ја ангажираноста на Савата во востанието, значајните диверзантски акции што ќе ги спроведе за време на тоа, неприфатлива е тезата дека Савата бил против прокламираното востание што ја пренесуваат во своите публикации и поилинденските револуционери и општественици - Ангел Динев и Анастас Митрев.[164] Тој не бил против решението за востание, туку не ја поддржувал идејата за општо востание. Савата застанал на страната на Гоце и Ѓорче, застапувајќи го ставот за перманентно востание, односно партизански дејства.

Пере Тошев во писмото до Никола Малешевски, испратено од Софија на 16.I.1903 година, коментирајќи го Солунскиот јануарски конгрес и советувањата во Софија го споменува и името на Сава, во контекст на неговото заминување за Гевгелиско: „Овде (се мисли на Софија) пристигнаа тајно (колку да знае и Ферух беј) двајца големци од доле како делегати на уште потајниот „конгрес“. Го решиле прашањето за востание со општи сили. Овде пак започнаа собранијата и лигавењето во нив. Ќе го видиме крајот и на оваа комедија. Тоа е за твое лично запознавање. Чекаме да замине Савата, а потоа ќе слезе и Манијакот (се мисли на Борис Сарафов).[165]

Во текот на 1901 и 1902 година, Гевгелискиот реон не бил подготвен за едно општо востание. Целата 1902 година главно минала во акции против врховистите.[166] Со знаење на Делчев, Савата со Сарафов и Андон Ќосето на 10 јануари 1903 година преку Ќустендил заминува за Македонија, а на 24 јануари веќе ја минува границата[167] и се упатува кон Гевгелиско, каде што се наоѓал

---

[164] А.Динев, Илинденската епопеја, том I…, 339; А.Митрев, Егејска Македонија во нашата историја, том III...,219 и 224.

[165] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893 - 1903, поглед низ документи..., 358.

[166] В. Картов, Гевгелија до балканските војни..., 175.

[167] „Кон средината на јануари 1903 година, од Софија почнале да се подготвуваат повеќе чети за влез во Македонија. Централно место меѓу нив заземал Борис Сарафов, кој во случајов бил определен за реонски началник за Малешевско, Кочанско, Струмичко, Радовишко и Петричко. Во исто време со него, за заминување се подготвувале Сава Михајлов и Андон Ќосето. Во споменатава група покрај другите се нашле Димо Хаџи Димов, Константин Бараков, поручник Стојков (братучед на Б. Сарафов), поручник Панајотов, Димитар Дечев и други. Околу 23 јануари 1903 година, групата се нашла во Ќустендил, каде што се вооружила, а по ден–два, ја минала границата кај селото Сажденик. Притоа водач на теренот бил Андон Ќосето, при што четите се движеле под негови инструкции. Првата ноќ по преминот на границата, четите преспале во една овчарска колиба кај селото Саса. Оттаму Ќосето, користејќи ги старите врски и постојните курири и канали на Организацијата, го организирал патувањето и обезбедувањето со храна за четите до Малешевско. Андон Ќосето во своите спомени раскажува дека Делчев го

Аргир Манасиев, бидејќи претходно назначени војводи задолжени да раководат со планината Кожуф биле Сава Михајлов, Аргир Манасиев и Апостол Петков.[168] Борис Сарафов, доаѓањето во Македонија детално го објаснува во своите спомени, меѓу другото, говори дека од Ќустендил тргнал заедно со Савата, Ќосето и со уште 25-мина,[169] со кои ја поминал границата на 26 јануари 1903 година, носејќи со себе негодни пушки во кои не пасирале патроните. Од нив, дваесет биле манлихерки, а другите српски пушки - кокенки кои Сава ги носел за Гевгелиско, името го добиле според Кока Милановиќ којшто имал преправено еден вид маузерки. Освен пушки, носеле и околу 300 килограми динамит, машинки и сл. На 29 веќе биле на врвот на Голак, во едни бачила.[170] Оттаму поминале во Малешевско, во селата: Разловци, Митрашинци, Русиново и Будинарци, каде што се сретнале со Крсто Асенов во бачилата на селото Спасе. Тука Сава Михајлов веќе се одделил за селото Нивичани.[171]

Сарафов во своите спомени наведува и дека го испратил Дечев во селото Нивичани кај Сава за да му го донесе оттаму неговиот дел од динамитот, околу 150 килограми[172] бидејќи секој комита носел по една бомба. Сава му испратил само 60-70 килограми, а другото го задржал.[173]

Подготовките за востаничките дејства во Солунскиот револуционерен округ започнале веднаш по софиското советување.[174] Савата доаѓа во

повикал од Македонија да дојде до Ќустендил за да го преземе префрлањето на четата на Сарафов преку границата, и дека тогаш во Ќустендил дошол и Делчев. Меѓутоа, во случајот Ќосето очигледно греши. Како прво, тој во тоа време бил во Бугарија, а Делчев веќе бил заминат за Македонија. Од друга страна, С. Михајлов и Б. Сарафов, експлицитно наведуваат дека од Софија тргнале заедно. С. Михајлов границата ја минале на 24 јануари според јулијанскиот календар.” (В.Ѓорѓиев, Андон Јанев-Ќосето..., 161-162.)

[168] Спомени на Сава Михајлов..., 52-53. В.Картов, Сава Михајлов-Савата..., 74. Risto Stefov, Macedonian struggle for independence, Toronto Canada, 2008, 185-186.

[169] Борис Сарафов имал со себе 40-тина борци, додека пак Савата и Ќосето имале 25-мина, со 30 товари оружје, муниција, експлозив. Од Ќустендил, се упатиле преку Радовишко и Тиквешијата кон Битолско. Движеле само ноќе, за да не бидат откриени од османлиските власти, а дење барале погодно место за одмор на луѓето и добитокот. (П. Камчевски, Револуционерното движење во Тиквешијата до балканските војни..., 123.)

[170] Спомени на Б. Сарафов...,166-167;

[171] Исто, 169. Изъ споменитѣ ми за 1903 год. Димитар Г.Диневъ..., 23. Со нив бил и Димо Хаџи Димов кој од Малешевијата се упатил кон Серскиот округ, каде што се состанал со Гоце Делчев и во село Баница бил сведок на неговото загинување. (М. Пандевски, Илинденското востание..., 185-186.) Погрешно стои кај Петре Камчевски дека се разделиле некаде кон крајот на февруари во селото Липа, Неготинско. (П. Камчевски, Револуционерното движење во Тиквешијата до балканските војни..., 123.)

[172] Манол Пандевски споменува дека Савата, Сарафов и Ќосето ја минале бугарско-турската граница со околу 150 килограми динамит и 10 товари материјали, оружје и муниција. (М. Пандевски, Илинденското востание..., 185.)

[173] Спомени на Б. Сарафов..., 170.

[174] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 501.

Гевгелиско со чета составена од 9 души, натоварена со добра количина динамит и пушки, затоа што тој повеќе одел со намера да се вршат терористички акции за време на востанието.[175] На 20 февруари стигнува во селото Смоквица, каде што се сретнува со Аргир,[176] чија чета била намалена на 5-6 души. Таму го наоѓа и Иванчо Карасулијата со една своја генералска чета, скаран со Манасиев. Савата, кој бил свесен дека Гевгелискиот реон немал речиси никакво оружје и воочил дека не постоела спремност кај населението за борба, со помош на Крсто Асенов,[177] кој споменавме дека во февруари во селото Спасе му се придружува на Савата и со здружени сили поседуваат 18 товари пушки и динамит и чија чета подоцна заминува за Кукушко, успеал да ги смири војводите Аргир Манасиев и Иванчо Карасулијата[178] и да ги реши меѓусебните недоразбирања, па така бројот на трите чети достигнува околу 100 души.[179]

Една мартовска ноќ во 1903 година, со посредство на Дино Фиљов,[180] Савата со Крсто, двајцата облечени во гевгелиска селска облека, минуваат во градот Гевгелија, каде што во куќата на Фиљов одржуваат состанок со организираните членови. Истата вечер Михајлов оди и во Турунџовата куќа каде што било сместено целото негово семејство. Била направена гозба и тој заедно со неговиот татко Михаил зеле учество во тивкото пеење на македонски народни борбени песни. Во еден од миговите кога неговиот татко се

[175] Веројатно станува збор за триесетина пушки од тие видови. (Илинденско-преображенското въстание 1903—1968, София 1968, 134.) Савата, Герџиков, Пушкаров и другите приврзаници на Гоцевата стратегија извесно време се задржале во Бугарија за да се снабдат со експлозивни материјали, бомби и оружје. (М.Пандевски, Илинденското востание во Македонија 1903..., 168; Манол Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, том втори, Скопје 1987, 205.)

[176] Аргир во спомените погрешно кажува дека Сава пристигнал во неговиот регион во ноември 1902 година. (Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев, 141-142.)

[177] Димитар Динев пишува дека во почетокот на месец февруари 1903 година, во Гевгелискиот револуционерен регион пристигнал Крсто Асенов, како Солунски окружен војвода, придружен од Сава Михајлов, кој пак бил испратен за Гевгелиски околиски војвода. Со себеси носеле 18 натоварени коњи со динамит и 30 пушки со потребното количество на патрони. (Изъ споменитѣ ми за 1903 год. Димитар Г.Диневъ..., 23-27.) М.Пандевски, Илинденското востание во Македонија 1903..., 185.

[178] Илија Докторов во спомените кажува дека наредбата за помирувањето на Аргир и Иванчо била дадена од страна на Даме Груев, кој истакнал и дека Карасулијата треба заедно да дејствува со Манасиев и Савата за време на Илинденското востание.(Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 80.)

[179] Помирувањето настанало во село Смоквица на 12/26 април (стар/нов стил), за кое според Илија Докторов, најзаслужни биле Савата и Крсто Асенов, кој успеал со неколку збора да го убеди Иванчо дека не било времето за такви лоши меѓусебни врски. (Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 80; Кирил Първичев, Революционната борба в Гевгелийско по спомените на Илия Докторов…, 40.) Илинденско-Преображенското въстание 1903—1968..., 134. В.Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 501.

[180] Дино Фиљов - еден од основачите на месната организација на ТМОРО во Гевгелија во 1895 година.

растревожувал и плачел за својот син кого го немал видено повеќе од две години, Савата станал од местото каде што седел и со следниве зборови почнал да го утешува татка си: „Ние ќе ја ослободиме Македонија од турското ропство. Ќе треба со нас да дојдат уште тројцата мои браќа (Христо, Филип и Ангел) и неколку други гевгеличани. Ти впрочем ја почна, ние ќе ја завршиме.“[181] Разговорот и веселбата на приземјето го дознале браќата и сестрите на Савата - Олга, Ленка, Милка и Благој, кои биле засолнети на катот во куќата. Најљубопитна од сите била Олга, која впрочем и не заспала. Кога го видел тоа, Савата веднаш се качил горе, ги погалил сите и наскоро потоа, по полноќ војводите заминале во пределите на планината Кожуф.

По овој настан, Савата заминал да го испрати Крсто Асенов со неговата чета во Кукушкиот реон.[182] Во текот на месец април, Савата повторно се вратил во Гевгелиско каде останал до ноември. Овој временски период, тој заедно со Аргир одржувал општи собранија по селата и решавал спорови на населението од најразличен карактер. Каде што имало пушки, го учеле населението да нишани. На општоселските собири Савата ги советувал селаните да живеат братски, да си помагаат меѓусебно и дека само преку општо востание можат да дојдат до слобода.[183]

Солунските атентати го пресекле патот за доставување оружје од Грција, повеќе немало од каде да се достави оружје, па така Гевгелискиот реон останал само со стотина пушки, а четите почнале да се зголемуваат. Дел од компромитираните припадници на ТМОРО по атентатите ги среќаваме во четите на Савата и Аргир, меѓу нив имало една група од 19 младинци од Гевгелија и учителот Илија Биолчев.[184] Поради солунските атентати, османлиските власти почнале да следат и да затвораат повидни луѓе од сите околии на Солунскиот вилает, а не биле поштедени ниту оние што тукушто биле ослободени од заточеништво. Илија Докторов бил еден од нив и самиот во спомените говори дека меѓу другите уапсени во гевгелискиот затвор на 20 април 1903 година, биле и Михаил и Гоно Јосифови - таткото на Савата и

181 В. Картов, Сава Михајлов-Савата..., 75-76.
182 Таму Крсто се обединува со четата на Апостол Петков по судирот кај селото Постол (втора половина на јули 1903 година ) и заедно со него заминува за селото Корнишор на Планината Пајак. (Ванчо Ѓорѓиев, Апостол Петков - Кралот на блатото, Скопје 2013, 80-82.)
183 В. Картов, Сава Михајлов-Савата..., 76-77.
184 Манол Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, том втори...,91. В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 503.

неговиот брат. Сите биле испрашувани во врска со атентатите во Солун. Некои биле ослободени по еден ден, додека, пак, другите на 10 мај, по наредба на солунскиот валија.[185]

Пред Илинден во Гевгелиската околија дејствувале четите на: Сава Михајлов со 33 души, Аргир Манасиев со 38 и Иванчо Карасулијата со 24 души, вкупно 95 четници.[186] Иако Карасулијата се смирил со Аргир, тој продолжил да си тера по свое, задржувајќи си ги своите недолични ајдучки особини и нечовечкиот, суров однос кон своите четници. Додека пак, за односот на Савата кон своите четници забележува неговиот четник Димитар Г. Динев во своите спомени: „со висок борбен дух и со сознание што е неопходно за еден револуционер, не да се кити со разни украси, а совесно да работи за ослободувањето…“[187]

Савата, Аргир и Карасулијата биле известени дека на 20 јули (2 август) ќе се крева востанието во Битолскиот округ, па Сава заедно со Аргир и Иванчо над селото Љубница, Гевгелиско, се посоветувале што да прават.[188] Во контекст на тој разговор, Савата говори: „Решивме дека друго не може ништо ни да сториме освен некоја пакост да им направиме на Турците покрај линијата.“[189]

По донесувањето на заклучокот дека тие нема да можат да преземат други акции, освен атентати по железничката линија, испратиле окружно по селата во Гевгелиско со кое ги известиле дека Илинден е прогласен за ден на востанието во кое образложиле дека Гевгелиската околија нема да востане масовно поради недостиг на оружје. Населението било известено да се однесува како и дотогаш, да ги помага четите, да ги исполнува нивните наредби и дека тие ќе водат партизанска борба.[190] На самото востание, двајцата добиле одделни извештаи. Во меѓувреме, во текот на јули 1903 година се случило убиството на Асенов, кое го сменило текот на востанието во Кукушко, Еницевардарско и Гевгелиско.[191]

---

[185] Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 81-82.

[186] Во однос на бројот на четниците во четите по Солунските атентати, Манасиев говори дека неговата чета броела 60 души, додека пак, Савовата 25.(Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев, 142.)

[187] Изъ споменитъ ми за 1903 год, Димитар Г.Диневъ..., 22-27.

[188] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев, 142.

[189] Спомени на Сава Михајлов..., 53. Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 83.

[190] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев, 142. Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 84. Види повеќе: В.Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 493-501.

[191] Венчавката на Крсто со младата кукушка учителка Ана Малешевска, спроти Илинден, во тамошната црква, во присуство на здружените чети кога биле осветени кукушкото и

Апостол Петков, кој бил задолжен за Еницевардарскиот реон, по смртта на војводата Крсто Асенов се грижел за снабдувањето со оружје од Грција, во однос на подготовките за Илинденското востание, изготвил конкретен план за востаничките активности во Еницевардарско - тамошната чета со поддршка на милицијата имала задача да ги исече телеграфските линии и да ги онеспособи железничките мостови на линијата Солун - Битола. Со ова би се олеснило дејствувањето на востаниците во Битолско, а бидејќи во Солунскиот округ не било изводливо општо востание, тамошните раководители не утврдиле конкретен датум за почеток на партизанските востанички дејства. Тоа придонело востаничките чети во Солунскиот револуционерен округ да одлучат да се солидаризираат со Битолскиот округ и своите активности да ги интензивираат откако ќе биде прогласено востанието во Битолско. Непосредно пред избувнувањето на востанието, Апостол Петков ги распределил конкретните задачи за реонските управни тела. Така, селата Тумба и Бојмица со поддршка на милиционерите требало да ги поддржат терористичките акции по железничката линија Солун – Скопје, под водство на гевгелиските војводи Сава Михајлов и Аргир Манасиев. Активистите од подреонот на Грубевци требало да ја пресечат телеграфската линија и телеграфските столбови меѓу Енице Вардар и мостот кај с. Куфалово. Додека Гуменџе требало да даде четворица решителни момци, кои однатре ќе помогнат при нападот на тамошниот гарнизон.[192]

---

еницевардарското знаме, го разгорило незадоволството кај Гоно Бегинин, кој претендирал за војвода во Кукушкиот Реон, а исто така и пројавил желба да биде кум на младенците, но бил одбиен од страна на Асенов. За време на венчавката во црква, Гоно Бегинин ги поттикнувал четниците против војводата Асенов и затоа по завршувањето на церемонијата, по пат избувнала расправија и отворено незадоволство кон Крсто, кој се обратил кон четниците кажувајќи им дека е подготвен да замине кај Сава Михајлов и Аргир Манасиев во Гевгелиско, а тие да си бараат друг војвода. Приказната завршува со смртта на Асенов кој бил убиен на спиење додека стражарел, од страна на Мицо Големанов, по наредба на Гоно Бегинин, а Ана Малешевска и поголемиот дел од кукушките четници по убиството на Асенов го напуштиле Еницевардарско и заминале во Гевгелиско кај Аргир Манасиев и Сава Михајлов кои застанале на чело на револуционерниот суд задолжен да го реши убиството на војводата. Во предвечерието на Илинденското востание, била донесена смртна пресуда за Мицо Големанов, која била брзо реализирана, а подоцна била покрената и поширока истрага насочена кон иницијаторот на убиството - Гоно Бегинин, кој избегал за Бугарија, таму бил уапсен, но по барање на братот на Крсто Асенов, набрзо бил ослободен од одговорноста. (Ванчо Ѓорѓиев, Апостол Петков..., 82-83; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 506.)

[192] В. Ѓорѓиев, Апостол Петков..., 79-84. В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 507. Хр. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина, Ил.Илинденъ, г.IV,кн. 6 (36); кн.7 (37), кн.9 (39), год. V, кн. 3 (43), София 1931-1933, 14.

Савовата чета во соработка со Аргировата и повремено со Иванчовата, извршила повеќе оружени акции против османлиските власти за време на Илинденското востание.[193] На овие акции им претходеле подготовки на четите во гевгелискиот крај.[194]

Солунскиот округ за време на востанието го следел Делчевиот план: засилена четничка дејност и атентати по мостовите и железничките линии. Такви атентати беа извршени: во Воденско - два, во Гевгелиско - три и во Кукушко - еден.[195]

Во своите спомени Сава Михајлов раскажува за првата оружена акција со Аргир Манасиев: „Тоа стана на 25 јуни (8 јули) кај село Хума. Таму решивме да го урнеме мостот кај Гевгелија. Тоа го сторивме на 28 јули (10 август) 1903 година[196] ноќта во 10 часот. Близу до мостот имаше стража. Се доближивме со целата чета за да може таа да го чува патот од Гевгелија, потоа неколкумина отидовме, ставивме динамит под мостот, а и на линијата околу 900 метри од мостот. Експлозијата настана откако се оддалечивме. Фитилите беа едновремено запалени. Пукотницата беше страшна. Целиот мост и линијата (околу 200 метра) летнаа во воздух."[197]

Акцијата била успешна, биле разурнати железничката линија и мостот непосредно до градот Гевгелија во местото Аризанов Камен (меѓу селото Мрзенци и Гевгелија).[198] Меѓутоа Османлиите брзо го поправиле мостот,

---

[193] Хр.Шалдевъ, Аргиръ Наковъ Манасиевъ, Ил. Илинденъ, г. V, кн. 2 (42), София 1932, 10.

[194] Томе Р. Ферзиев, од село Стојаково, Гевгелиско, споменува дека во месеците март, април, мај, јуни 1903 година, активно учествувал во подготовките за Илинденското востание, ги поддржувал врските на други лица со раководителите на чети: Аргир, Сава, Михаил Попето и пренесува муниција и пушки.(Ферзиев Р.Томе, кут.38, а.е.1, Илинденски сведоштва, т.IV, дел II, ДАРМ, Скопје 2017, 786.).

[195] Д. Зографски , Ѓ.Абаџиев, А. Митрев,, Егејска Македонија во нашата национална историја..., 224. Македония и Одринско 1893-1903, Мемоаръ на вътрешната организация 1904, 79-83. Хр. Силяновъ, Освободителните борби на Македония, томъ II..., 347-348.

[196] Илија Докторов дава погрешен датум - 21 јули. (Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 84.)

[197] Спомени на Сава Михајлов..., 53-54. Изъ споменитъ ми за 1903 год. Димитар Г.Диневъ..., 22-27. Д.Зографски, Ѓ.Абаџиев,А. Митрев, Егејска Македонија во нашата национална историја..., 224. Гевгелийско въ освободителното движение, Ил. К. Докторовъ, Ил.Илинденъ, год. IX, кн.10 (90), София 1937, 5.Манол Пандевски, Илинденското востание во Македонија 1903..., 326-328. Хр.Шалдевъ., Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина, Ил.Илинденъ, г.IV,кн. 6 (36); кн.7 (37), кн. 9 (39), год. V, кн. 3 (43)..., 15-16. Во книгата Илинденско-Преображенското въстание 1903 -1968, София 1968, 135, погрешно стои датумот 20 јули. Македония и Одринско 1893-1903, Мемоаръ на вътрешната организация 1904, 180. Хр. Силянов, Освободителните борби на Македония, том I…, 348.

[198] Комитите на двапати му јавувале на гевгелискиот кајмакам дека ќе го нападнат градот Гевгелија, иако тоа не била нивната намера. Како мерки на претпазливост, османлиските власти

поставувајќи греди.[199] Сава говори и дека имале желба да дигнат во воздух и еден воз, ама тие почнале да се движат само дење и затоа не можеле ништо да направат.[200]

Разурнувањето на мостот и железничката линија било забележано од повеќе претставници на европските земји акредитирани во Македонија и Цариград. Српскиот писар при генералниот конзулат во Скопје, Данило Драгишевиќ, му пишал писмо на српскиот министер за надворешни работи Љ. Каљевиќ, уште на 30 јули (9 август) 1903 година, дека ,,комитите ја расипале пругата на 14 места и дека разурнале еден мост од 7 метри должина, иако војската ја чувала пругата.“[201]

Исто така, неостварена била и желбата на Аргир, Савата и Дино Фиљов[202] да се урне мостот кај Демир Капија бидејќи еден ден пред акцијата биле предадени од некој влашки меанџија од селото Клисура (Тиквешко), од каде што наместо порачаниот леб, добиле аскер.[203] Со османлиската војска што броела околу 800 турски војници и неколку стотици башибозуци дошло до нерамна борба на 24 август (7 септември) со 53 четници кај големата месност Клисурска Јаворница.[204] Во оваа борба што траела повеќе од 3 часа, загинале 7

---

го делеле оружјето по куќите и џамиите. (В.Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 509-510.) Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев, 142-143.

199 Горге К.Икономов, од село Смоквица, Гевгелиско, соборец и следбеник на Сава и Аргир, раскажува дека на 20 мај 1903 година стапнал во Организацијата и со пушка в рака тргнал да се бори за ослободување на македонскиот народ од Османлиите. Постојано бил во четата на Савата и Аргир и учествувал во сите борби во кои се борела четата на војводата Сава Михајлов. Ги споменува: диверзантската акција кај мостот и железничката станица кај Гевгелија и судирот со османлиската војска кај месноста ,,Клисурска Јаворница”. Се споменува и како дел од четата на Тодор Серминински и учесник во судирот кај месноста ,,Кориите” во родното село. (Икономов К. Горге, кут.13, а.е. 25, Илинденски сведоштва, т.II, дел.2, ДАРМ, Скопје 2016, 278-279.)

200 Спомени на Сава Михајлов..., 54. М.Пандевски, Илинденското востание..., 326.

201 С. Мурџев, Гевгелиско во Илинденското востание, Историја, Списание на сојузот на историските друштва на СР Македонија, година IV, број 1, Скопје 1968, 81.

202 Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев, 143.

203 Во текот на 1903 година, на теренот на тиквешките села Радња, Дрен и Клисура биле извршени предавства на четите на Сава и Аргир, па затоа била организирана ,,казнена единица” која во соработка со војводите Ќосето и Тодор Чочков, околу 60-ина борци, имале задача да извршат неколку егзекуции врз предавниците. (П. Камчевски, Револуционерното движење во Тиквешијата до балканските војни..., 182.;Виолета Ачкоска, Никола Жежов, Предавствата и атентатите во македонската историја..., 135.) Кажувањето на Аргир Манасиев во однос на планот за акцијата кај Демир Капија е различно со она на Савата. Аргир вели дека требало да минираат една карпа над пругата при поминувањето на воена композиција, додека пак, Савата раскажува дека планирале да го урнат големиот железнички мост на Вардар. (М.Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век…m 397; Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев, 143-144.). Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 85.

204 Хр.Силянов, Освободителните борби на Македония, том I…, 348. М.Пандевски, Илинденското востание..., 326-328.

комити:[205] Ташо Гачев (од Бугарија), воен инструктор на Савовата чета, Христо Митренцев и Митко С. Јосифов (од Гевгелија), Петар Јарџиев (од село Бајалци, Гевгелиско), Јордан Димов (од Прилеп), Панде Маркудов (од село Мачуково, Гевгелиско) и Милан Јарџиев (од Кукуш), додека, пак, двајца биле ранети: Димитар Динев (од Гевгелија) и Тодорче Чочков (од село Серменин, Гевгелиско).[206] По оваа акција, турските војници и башибозукот тргнале во потера по комитите. Потерите од околу 1000-1500 турски војници и башибозуци биле придружени со насилства над населението во Гевгелија и Гевгелиско - за да се предадат комитите.

И покрај потерите и насилството на османлиските војски, продолжиле успешните акции на Савата и Аргир. На 15 септември во месноста Беш Бунар, во близина на село Ливада, во судирот со турските војски биле убиени 14 турски војници, а имало само еден македонски четник ранет.[207]

Четите на Савата и Аргир се обединиле со кукушката чета што дошла во Гевгелиско и заедно тргнале накај селото Ошани, каде што на 25 септември,[208] Сава, Аргир и Иванчо Карасулијата имале повторно судир со турскиот аскер. Трите чети сега броеле 180 души. Овој пат немало жртви од четниците. Од првиот судир кај Клисура, до овој втор генерален судир поминал речиси еден месец.

---

[205] Според С. Михајлов во судирот загинале 6мина. (Спомени на Сава Михајлов..., 54.).

[206] Владо Картов, Револуционерната дејност на Сава Михајлов за време на Илинденското востание и по него 1903-1905, 48. Изъ споменитъ ми за 1903 год. Димитар Г.Диневъ...,26. Д.Зографски и други, Егејска Македонија во нашата национална историја..., 225. Илинденско-Преображенското въстание 1903—1968..., 135. Гевгелийско въ освободителното движение, Ил. К. Докторовъ, Ил.Илинденъ, год. IX, кн.10 (90)…, 5. К.Пърличев, Революционната борба в Гевгелийско по спомените на Илия Докторов..., 45. Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 85. В.Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 510.

[207] Изъ споменитъ ми за 1903 год. Димитар Г.Диневъ.., 46. Илинденско-Преображенското въстание 1903—1968..., 136. Лазар Христов Вантов (Гевгелија - Горна Орјаховица, Бугарија, 18.03. 1943) - учесник во четата на Сава Михајлов за време на судирот со турските војски кај Клисура и Беш Бунар. Пишува во своите спомени: „Изјавувам дека сум земал активно учество во револуционерното движење во Македонија како легален и нелегален чинител. Учествував во нападот кај Харизанов Камак - бомбардирана железничка пруга и мост. Учествував и во борбите кај селото Клисура и селото Беш Бунар со војводата Сава Михајлов во 1903 година“. (Македоно-одрински свидетелства, т.1, Филип Пеловски, София 2021, 276.) Македония и Одринско 1893-1903…, 181. Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев, 146. Илија Докторов дава погрешен датум - 25 септември. (Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 88; К.Пърличев, Революционната борба в Гевгелийско по спомените на Илия Докторов..., 49.) М.Пандевски, Илинденското востание..., 328. В.Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 511. Хр.Силянов, Освободителните борби на Македония, том I…, 348.

[208] Според Сава Михајлов, датумот на судирот кај селото Ошин бил на 25.09.1903 година (Спомени на Сава Михајлов..., 54.)

На 21 октомври Аргировата чета се судрила со турски војски кај селото Балинци, Валандовско, каде што загинале четири четници, додека, пак, од турска страна, еден војник загинал, а друг бил ранет.[209]

Савата во меѓувреме заминал со неколку четници со намера да го дигне во воздух поштенскиот воз, во период кога со него ќе поминува османлиска војска, ама немало кој да му јави за поминувањето на војската, па тој план пропаднал, но намерата останала и така кон крајот на октомври (6 ноември), Савата заедно со неколкумина четници поставиле електричен експлозив на железничката линија кај село Смоквица, Гевгелиско. Истиот експлодирал откако заминал и последниот вагон натоварен со жито, така што само тој се искршил во парампарчиња. Жртви немало, меѓутоа посакуваниот ефект се постигнал. Возовите повторно започнале да се движат само дење. Со овој атентат завршила востаничката акција во Гевгелиско.[210] Истиот настан Аргир го објаснува малку поинаку и го сместува хронолошки порано. Во спомените кажува дека по првата акција, со Савата отишле во селото Серменин каде што се снабдиле со експлозивни материјали што веќе ги имале складирано таму. Потоа заминале за село Смоквица, каде што имале план да бомбардираат некој од мешаните возови. Меѓутоа, четникот што требало да даде знак за активирање на динамитот поставен на железничката пруга, со намера да експлодира кога ќе минува локомотивата, задоцнил, така што експлозијата успеала да разурне само еден од вагоните.[211]

Во спомените на Михајлов имаме податок дека со истите 7-8 четници требало да поминат преку Вардар и да земат алишта, во тој момент кога поминувал воз со војски и затоа османлиските власти поставиле заседа по патиштата. Савата заедно со четниците налетал на една таква заседа и бил

---

[209] Македонија меѓу автономијата и дележот, Зборник руска дипломатска документација 1894-1913, том. III, ред. Симон Дракул, Просвета, Куманово, 1997, 90. Изъ спомените ми за 1903 год. Димитар Г.Диневъ.., 45-46. Илија Докторов повторно дава погрешен датум - 21 септември. (Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 87; К.Пърличев, Революционната борба в Гевгелийско по спомените на Илия Докторов..., 48.) В.Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 511.

[210] Спомени на Сава Михајлов..., 55. За диверзантската акција кај Смоквица, Гевгелиско, стои датумот 10 октомври. (Македония и Одринско 1893-1903…, 181.) Risto Stefov, Macedonian struggle for independence…, 187-189. М. Пандевски, Илинденското востание..., 327. Кај Докторов стои датумот 10 октомври. (Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 88; К.Пърличев, Революционната борба в Гевгелийско по спомените на Илия Докторов...,49.) В.Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 511. Хр.Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 348.

[211] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев, 143.

многу блиску да биде фатен, но и покрај пукотниците на османлиската војска, никој не бил повреден и сите успеале да се ослободат без загуби. Откако се вратиле кај другите, добиле извештај за прекинување на непријателските дејства, со што запрела востаничката дејност на трите чети. Селата биле исполнети со аскер, почнало да паѓа снег и војводите одлучиле да ги намалат четите (Сава со 6, а Аргир со 40 души).[212]

Во ноември во Гевгелискиот регион била извршена демобилизација, а по Илинденското востание, Михајлов, Манасиев и Карасулијата заминуваат за Бугарија.[213]

Во спомените на Илија Докторов во однос на демобилизацијата по востанието пишува: „На 10 октомври 1903 година добив одделни шифрирани писма од Аргир Манасиев и Сава Михајлов, во кои тие ги имаа запишано своите излагања во врска со положбата во селата, кажувајќи дека нивното стоење таму наместо полезно, ќе биде штетно за делото и затоа се принудени да заминат зимоска во Бугарија.“[214]

„Кон крајот на октомври се доби наредба да се прекинат сите непријателски дејства.[215] Таа писмена наредба, придружена со писмо од мене, по специјален курир беше испратено до војводите Аргир, Савата и Иванче Карасулски, кои во тоа време, првите двајца беа кон селото Петрово, а последниот во Серменинско….Почна да станува студено и тук-таму по височините на Кожуф Планина почна да вее снег. На 5 ноември прв замина за Бугарија - Иванче Карасулски со 20 души, после него на 10 ноември замина Сава Михајлов со 6 души: Зафо Дељов Зафиров, Дино Фиљов Доганов, Христо Михајлов Јосифов, Лазар Поп Томов, Григор Гонов Јосифов и Нуне Димитров (сите од Гевгелија). Со нив замина и учителката Ана Николова Малешевска. Најпосле на 15 ноември замина Аргир Манасиев со 40 души.“[216] Аргир

---

[212] Спомени на Сава Михајлов..., 55. Илија Докторов го наведува датумот 20 октомври, кога Сава со 10 четници ја минал реката Вардар и од село Смоквица се упатил кон селото Грчиште, за да земе облека. Но, уште пред да влезат во селото, паднале во заседа. Без да дадат жртви, се распрснале во разни правци и на 21 октомври ноќта, еден по еден ја минале реката Вардар, се вратиле назад кај другарите, во месноста Брлево.(Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 88-89.)

[213] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 511.

[214] Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 89. К. Пърличев, Революционната борба в Гевгелийско по спомените на Илия Докторов…, 50.

[215] М.Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век…, 399.

[216] Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 90. М.Пандевски, Илинденското востание во Македонија 1903..., 330.

погрешно кажува дека во септември Савата се одделува од нив и оди во село Конско, оттаму заминува во селото Серменин за Бугарија.[217]

Откако отишле во Софија, му предале извештај на Задграничното претставништво за нивната дејност во околијата, додека, пак, малку пред нивното пристигнување таму, ЗП одржало советување на војводите што веќе се наоѓале во Софија. На советувањето зеле учество: Христо Чернопеев, Јане Сандански, Сава Михајлов, војводи од Битолско и Штипско, членовите на ЗП, а присуствувал и членот на ЦК - Христо Поп Коцев.[218] Во спомените на Аргир Манасиев наоѓаме податок дека откако било објавено Илинденското востание, од ЦК во јули 1903 година била испратена наредба во која се велело: бидејќи кај странските конзули (поточно францускиот конзул во Солун) немало чувство дека има востание во Македонија, и покрај опожарените села и загинатото население во Битолско, требало да се создаде слика за тоа. За да му се докаже на конзулот дека во Битолско имало востание, се дала наредба да се спроведат палења и злосторства врз невиното османлиско население во селата Горничет и Прдејци, а по таа акција откако Османлиите ќе сакаат да го возвратат ударот со злосторства на македонското население во Вардарската Долина, тогаш конзулот навистина ќе се убедел дека има револуција во Македонија. Аргир потенцира дека заедно со Савата не ја исполниле наредбата, туку вратиле одговор во кој се велело: „Ако некој од ЦК може да преземе одговорност и да исполни таква задача, ние ќе му го предадеме раководството на нашите чети.“ Воедно, тој кажува дека на наредбата стоел потписот на Христо Поп Коцев. Веднаш по неиспочитуваната наредба, било донесена смртна пресуда за Аргир и Савата што требало да ја изврши кукушкиот војвода Трајко Ѓотев: „Еден ден Трајко дојде кај нас и ни ја предаде пресудата за да ја прочитаме. Потоа по Трајко ние испративме одговор на Христо Поп Коцев и го исмеваме.“ На собранието свикано од Задграничното претставништво по востанието, двајцата револуционери го прашале Поп Коцев што го натерало да донесе смртна

[217] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев, 146.
[218] Спомени на Аргир Манасиев за участието му в революционното движение в Македония по време на Илинденското въстание и след него - материали, Боян Мирчев, Известия на Института за история, книга 8, БАН София 1960, 334.

пресуда против нив. Тој не можел да одговори и бил исмеан од сите присутни на собранието.[219]

По завршувањето на Илинденското востание, Ѓорче Петров им нуди на Лазар Поп Трајков, Даме Груев, на Сава Михајлов и други револуционери, скришно од Пере Тошев и прилепските чети, да не одат во Бугарија, туку да се вратат назад и со другите експлозивни материјали да ја разрушат линијата од Лерин до Воден. Неговиот план бил сите чети од Костурско, Леринско, Мариовско, Битолско, Гевгелиско, Еницевардарско и Воденско (околу 400-500 луѓе), да се сплотат и да се сретнат кај селото Сурович. Таму да водат голема битка со турскиот аскер и паралелно со диверзантска акција да ја разрушат линијата до самиот Воден. Во спомените Ѓорче го кажува исходот од неговиот предлог: „Тие го добиле писмото и беа се исмеале."[220]

## 10. По Илинденското востание (1904 - 1905)

По Илинденското востание, ТМОРО се нашла на крстопат. Се почувствувал најголем пад на револуционерната дејност, која се спуштила на најниско ниво бидејќи поголемиот дел од раководниот кадар на Организацијата бил соочен со жестоки османлиски репресалии и се префрлил во Бугарија. Во бугарската престолнина Софија се нашле револуционерните дејци: Борис Сарафов, Ѓорги Поп Христов, Јане Сандански, Димитар Стефанов, Христо Чернопеев, Михаил Герџиков, Никола Пушкаров, Пандо Кљашев, Васил Чекаларов, Михаил Николов, Славко Арсов, Сава Михајлов, Добри Даскалов, Пешо Самарџиев, Смиле Војданов, Лазар Димитров, Александар Чакаров, Никола Андреев, Аргир Манасиев, Мише Развигоров, Сандо Китанов, Димитар Мирасчиев, Славчо Ковачев и др. Од поеминентните кадри, единствено Никола

[219] Македония в пламъци, Спомени на Аргир Манасиев, 149-150. Спомени на Аргир Манасиев за участието му в революционното движение в Македония по време на Илинденското въстание и след него - материали, Боян Мирчев, Известия на Института за история, книга 8...,334-335.
[220] Спомени на Ѓорче Петров..., 197. Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев во спомените на современиците..., 270. М. Пандевски, Илинденското востание..., 417; М. Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век…, 500.

Карев се префрлил во Белград. Меѓутоа, подоцна, по налог на ТМОРО, и тој отпатувал во Софија.[221]

Состојбата во Гевгелија и Гевгелиско по востанието станувала сѐ потешка. Заминувањето на Савата и Аргир во Софија дополнително ја отежнало положбата, па во случај на недостиг на добри кадри, раководењето на работите паѓало во многу раце, кај несоодветни личности, што се одразувало лошо врз добриот развој на Организацијата во овој крај. По Христо Стојанов, разни селски даскали, најпосле работите ги презел Илија Докторов - човек за кого се велело дека не може да имаш целосна доверба. Градските дружини биле одамна растурени, во Гевгелиско постоеле само 3 мали чети од по 6-7 души, кои цела зима биле неактивни, а исто така не бил утешителен ниту духот на населението, луѓето биле отепани во духот, па многу од селата станале предавнички бидејќи тие во ликот на четите не гледале свои спасители, туку мачители. Без чета, Организацијата во овие реони била невозможна.[222]

По Илинденското востание, Савата се наоѓа во реонот на планината Кожуф, каде што ја донесува одлуката за заминување во Софија.

Ангел Динев во „Илинденската епопеја", говори дека во октомври 1903 година, на единствениот поважен терен на четите – планината Кожуф, од каде што се случувале нападите за посериозни дејства, запрела четничката дејност. Движењето на масовните чети предизвикало движење на масовни гарнизони по сите стратегиски пунктови и одделни села во околиите. Оваа мерка на власта имала цел да ја направи секоја натамошна револуционерна дејност на четите невозможна, меѓутоа селата и селаните проникнати од висока боречка свест и должни кон Организацијата, ја мамеле на секакви начини будноста на османлиската војска и на четата предводена од војводата Сава, во чиј состав се броеле и војводите Аргир Манасиев, Иванчо Орџанов, Трајко Ѓотев, Коце Павлов со своите одделни чети. Последните двајца биле кукушки војводи што биле гонети од војската и така нашле скривалиште кај Сава на Кожуф. Но и самиот Кожуф бил стеснет од османлиска војска, па положбата на нелегалните

221 Димитар Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден (во пресрет на окружните конгреси), Годишен зборник на Филозофскиот факултет 45 (83–93), Скопје 1992, 83-84. М. Пандевски, Илинденското востание..., 162. В. Ѓорѓиев, Подземната република – Дамјан Груев и македонското револуционерно движење..., 347-348. Х. Силяновъ, Освободителнитѣборби на Македония, томъ II..., 55-58.).

222 В. Ѓорѓиев, ВМРО 1904-1908, поглед низ документи..., 59-60.

од ден на ден станувала сè полоша. Поради тоа, издршката на нелегалните била мачна за селаните.

Околу Митровден 1903 година, по иницијатива на Савата, имало едно советување на војводите на кое се поставило прашањето за снабдување на четата и ползата од нелегалното четништво во тој политички момент, создаден поради востанието и навлегувањето на војските во селото. За војводите било повеќе од очигледно дека по тешките последици од Илинденското востание, движењето низ селата на масовни или мали чети било пакосно за Организацијата. Војводите, земајќи ги предвид маките на селаните за снабдувањето и лошите и тешки последици во случај на откривање на четата, решиле да ја напуштат солунската област и да се расформираат. Заедно со тоа решение, по предлог на Савата, се прифатила одлуката - да остане една мала нелегална група од четири луѓе на планината Кожуф, која би послужила како егзекутивен комитет во случај на потреба, ако се покаже таква во интерес на Организацијата. Така, се поставило прашањето за тие што ќе останат да не бидат назначени, туку да останат по желба.[223]

На крајот, Сава им се обратил на своите четници со зборовите: „Ние ќе заминеме за Бугарија, а населението кому ќе го оставиме. Реонот да го оставиме сосема без нелегална група, ќе биде лошо... Народот ќе се деморализира... Поради сето тоа, неопходно е да оставиме 4-5 души од четниците, кои преку зима ќе ги обиколуваат селата и ќе го поддржуваат духот на населението.“[224] Така и биднало. Во реонот биле оставени четворица од Савовата чета: Петар Попов (познат меѓу своите соборци како клуч на Кожуф, бидејќи ги познавал сите месности на Кожуф и Пајак Планина), и Тодор Чочков[225] од село Серменин (долгогодишен комита), Гоно Јанев од село Смоквица (верен следбеник на Савовите идеи за масовност и самостојност на МРО) и ранетиот четник Димитар Динев од Гевгелија. Споменатите четници ја сочинувале душата на Савовата чета. Подоцна кон оваа група се присоединиле и Мицо Т. Бошков од село Ѓавато и Ристо С. Урмов од село Мрзенци. Ранетиот Димитар Динев зимата ја поминал во една колиба на Кожуф, додека другите ги

---

223 А.Динев, Илинденската епопеја, т.2..., 146-147.
224 Спомени на Сава Михајлов..., 55. В.Картов, Сава Михајлов-Савата..., 89-90.
225 Ангел Динев во цитираното дело го споменува како Тодор Иванов (Тодорчето). (А. Динев, Илинденската епопеја, т.2..., 147.)

обиколувале селата од десната страна на реката Вардар и по два-три пати во месецот наминувале кај Динев.[226]

Така, поведени, востаниците под првата револуционерна област со Сава во Смоквичките ридови близу железничката линија уште веднаш потпаднале под заседа устроена од војската, со која имале судир, меѓутоа благодарение на мракот, немало жртви ни од двете страни.[227]

## 11. Советувањата во Софија

Сава Михајлов, кон крајот на ноември 1903 година, заминува за Софија,[228] каде што активно се вклучува во дискусиите поврзани со последиците од Илинденското востание, акциите што треба да се преземат за олеснување на положбата на македонскиот народ и иднината на македонското револуционерно движење.[229]

Во споменатите дискусии и разговори во Софија кон крајот на 1903 година, а и на јануарското советување на почетокот на 1904 година постоело отворено поларизирање на силите во македонското револуционерно движење. Така, на една страна се издвојувале оние револуционерни сили што главно биле против неподготвено востание, но за време на Илинденското востание презеле вооружено-диверзантски акции во своите краишта каде што дејствувале како војводи или управители на реони и дошле во судир со османлиските војски - највидни претставници на оваа идејна струја биле: Јане Сандански, Димо Хаџи Димов и др. Била наречена реформско-демократска и ја предводеле серчани, кои се залагале за децентрализација и демократизација на Организацијата, гледајќи ја нејзината иднина во заздравување на самостојна основа без вмешување на надворешни фактори.[230] Другата идејна струја предводена од Христо Татарчев и Христо Матов била конзервативна и останала верна на

226 В. Картов, Револуционерната дејност на Сава Михајлов за време на Илинденското востание и по него 1903-1905..., 51.

227 А.Динев, Илинденската епопеја, т.2..., 148.

228 Во преписката помеѓу Пешо Самарџиев и војводата Петар Јуруков, во едно од писмата од 27 ноември 1903 година, се споделува информација за заминувањето на Аргир, Савата и Ќосето од Македонија. (П.Камчевски, Револуционерното движење во Тиквешијата до балканските војни..., 153.)

229 А. Динев, Илинденската епопеја, т.2..., 28-32.

230 Припадници на оваа идејна струја биле и Никола Пушкаров, Крсто Асенов, Христо Чернопеев. (М.Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век…, 384-385.)

централистичката поставеност на Организацијата, ставајќи се во зависност од надворешни фактори. На советувањата триумфирала реформско-демократската концепција.[231] Резултатот бил произлегувањето на „Директивата за идната дејност на Организацијата“, со „Упатства кон Директивата“, во кои, меѓу другото, се вели дека востанието не треба да се предодредува од одделни личности, туку од внатрешните услови на развојот на Организацијата; во иднина треба да се работи на нејзино закрепнување и засилување; и дека решението на македонското прашање се гледа преку оформување на Македонија како самостојна политичка единица на една балканска федерација. За остварување на овие цели, било препорачано обединување на македонското население околу општиот идеал на Организацијата, како и вршење агитација врз интернационална основа поради неутрализирање на туѓите пропаганди и избегнување на можноста од поделба на Македонија од страна на заинтересираните балкански држави.[232]

Сава Михајлов останал доследен на идејата и револуционерните принципи што претпочитале одбрана на македонската самостојност, без вклучување на надворешни фактори, затоа и го гледаме во редовите на првата идејна струја, блиску до Јане Сандански.[233] Неговата определеност се гледа преку продолжувањето на блиската соработка со Јане и по востанието, како и залагањето и ангажираноста во борбата против врховизмот и туѓите пропаганди.

Илија Докторов во своите спомени кажува дека со Сава Михајлов и Аргир Манасиев за време на целокупниот нивни престој во Софија водел редовна коресподенција шифрирано, со хемиско бело мастило и ги известувал за сè што се случувало во околијата, особено за извршените злодела на андартите како најголеми противници на ВМОРО и искрени и верни сојузници на Турците.[234]

---

231 В. Ѓорѓиев, Подземната република – Дамјан Груев и македонското револуционерно движење..., 347-349.
232 Исто, 349-350.
233 М. Пандевски, Илинденското востание..., 318.
234 Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 94. К.Пърличев, Революционната борба в Гевгелийско по спомените на Илия Докторов..., 54.

## 12. Специјалната мисија во Белград со Михаил Ризов Николов

Паралелно со дискусиите и разговорите меѓу македонските револуционерни дејци во Софија, а во врска со положбата во Македонија по Илинденското востание и иднината на Организацијата, кон крајот на 1903 година се презеле и извесни акции за создавање услови за соработка меѓу македонското националноослободително движење и општественополитичките фактори на Србија. Интересот за соработка бил заеднички.[235]

Србија, која по примерот на Бугарија најпрво се активирала за придобивање експонирани личности од македонското ослободително движење преку кои ќе воспостави влијание, пред крајот на 1901 и на почетокот на 1902 година го избрала Борис Сарафов, а врската била воспоставена преку Светислав Симиќ, шеф на Политичко-просветното одделение при српското Министерство за надворешни работи.[236]

Политиката на Србија за време на востанието била воздржана. Не испраќала свои чети во Македонија бидејќи немала доволно приврзаници, а и македонското население било преокупирано со идејата за ослободување од османлиската власт, а не со прашањето за црквите и училиштата.[237]

Неуспехот на Илинденското востание бил искористен од претставниците на српската пропаганда. Тие преку задграничните претставници на ТМОРО, Христо Татарчев и Христо Матов, понудиле „секакви морални и материјални олеснувања". Притоа, ТМОРО била повикана да испрати свои претставници во Белград на преговори. Христо Татарчев во едно свое писмо до Христо Матов од 20 август 1903 година му соопштил дека „од Србија предлагале секаква морална и материјална поткрепа и барале еден од нив двајца да замине во Србија за да се договорат".[238]

Непосредно по завршувањето на востанието, владејачките српски кругови покажале голема заинтересираност за Македонија, и за таа цел, во Белград и на други места во Србија биле формирани извесни одбори за помош и поддршка на

---

235 Михајло Миноски, Македонија и Србија (1878-1944), Скопје 2010, 129-131.
236 Михајло Миноски, Македонија и Србија (1878-1944)..., 129-131.
237 Исто.
238 В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903, поглед низ документи..., 440-441. Македонка Митрова, Македонското револуционерно национално-ослободително движење и Кралството Србија, Историја/ Journal of History 06. 1-2,Скопје 2009, 62-65. В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 365-366.

настраданото невино население во Македонија, а истовремено била формирана и Српската четничка организација.

Од друга страна, наспроти големосрпската политика и аспирациите за територијално проширување, во Србија, во полза на ТМОРО престојувале поголем број македонски бегалци, и од таа причина, на српска територија се зародило македонското автономно движење под водство на Григорие Хаџи Ташков(иќ) и Георги Герџиковиќ.[239]

Во октомври 1903 година од страна на Матов и Татарчев во Белград бил испратен Иван Хаџи Николов, кој имал средба со Симиќ. За време на преговорите, од страна на Хаџи Николов биле поставени следниве прашања до Симиќ: колку и какви пушки Србија може да ѝ даде на Организацијата, колку чети би биле испратени на теренот, каде би дејствувале тие, каков би бил нивниот однос кон ЦК, и друго. Од своја страна, Хаџи Николов барал да добие 4000 пушки, а српските четници да не дејствуваат во Македонија, туку во Одринско. Ваквиот предлог не бил во согласност со вистинските намери на Србија во однос на Македонија. Поради тоа, преговорите пропаднале.[240]

Српската четничка организација, освен со Иван Хаџи Николов, паралелно започнала преговори и со Борис Сарафов за заедничко дејствување на српските чети и четите на ТМОРО против Османлиите. Задграничното претставништво на ТМОРО во Софија во своето писмо од 26 ноември 1903 година ги ополномоштило Борис Сарафов и Михаил Герџиков да ја претставуваат Организацијата во Англија и Франција, но прво требало да заминат за Белград и да стапат во преговори со официјални српски претставници.[241] Меѓутоа, Сарафов претходно на своја рака во Белград го испратил Матеј Геров, да подготви терен за неговата мисија.[242] Така, улогата на Михаил Герџиков била само во својство на набљудувач.[243] Притоа, Геров барал од Герџиков да

[239] В. Картов, Револуционерната дејност на Сава Михајлов за време на Илинденското востание и по него 1903-1905..., 54.
[240] Македонка Митрова, Македонското револуционерно национално-ослободително движење и Кралството Србија..., 62-65. Светлозар Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912), София 1993, 52.
[241] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903, поглед низ документи...,471; В. Ѓорѓиев, Подземната република...,367; Хр.Силянов, Освободителните борби на Македония, том I..., 282.
[242] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903, поглед низ документи..., 471; В. Ѓорѓиев, Подземната република...,366-367;
[243] В. Ѓорѓиев, Подземната република...,366-368; Спомени, Иван Хаџи Николов, Даме Груев, Борис Сарафов, Јане Сандански, Михаил Герџиков и Христо Татарчев..., 300. Хр.Силяновъ, Освободителните борби на Македония, томъ II...,, 282.

издејствува од Задграничното претставништво во Софија да му дадат полномоштво да остане претставник на Организацијата во Бугарија. Геџиков го одбил Геров, бидејќи му оставил лош впечаток, а за тоа ги известил Матов и Татарчев.[244] На 27 ноември 1903 година Сарафов пристигнал во Белград, при што имал средба со македонски студенти и емигранти, пред кои одржал и говор. Најпрво побарал поддршка од Србија, а потоа и отворање на Задгранично претставништво на Револуционерната организација во Белград. Подоцна се премислил, го изменил ставот и барал согласност само за еден претставник во Белград, а од Србија барал поддршка врз принципот на словенска солидарност за ослободување, создавање држава Македонија и сојузување на балканските словенски држави врз рамноправни основи. Во преговорите уште еднаш експлицитно го повторил ставот и позицијата за односите со Србија. Покрај тоа, Сарафов имал средба со Света Симиќ, Живоин Белуџиќ и со некои српски офицери. На овие средби присуствувал и Михаил Герџиков, но на 29 ноември 1903 година, „со еден мал маневар", Сарафов успеал да се скрие од Герџиков и да разговара без сведоци.[245] На 30 ноември 1903 година Сарафов заминал за Виена, а преговорите ги водел Матеј Геров, кој бил ополномоштен од Сарафов. За време на преговорите, претставниците на Српската четничка организација и српските политичари му предложиле на Геров целиот Скопски вилает и северната половина на Битолскиот вилает да бидат испразнети од страна на ТМОРО, или да бидат потчинети на Српската четничка организација. Геров го отфрлил српскиот предлог.[246]

На почетокот на 1904 година српската влада ги обновила врските со Задграничното претставништво на Организацијата. Симиќ стапил во врска со Христо Матов и Христо Татарчев, притоа информирајќи ги за подготвеноста на српската влада да го помага ослободителното дело со средства и луѓе. Знаејќи ја нивната поврзаност со владата во Софија, кон тоа уште додал дека Србија била согласна да настапува заеднички со Бугарија, дури и врз база на автономија на Македонија, додека, пак, за сите детали ги упатил на договор во Белград. Татарчев и Матов го прифатиле предлогот од Србија. Првиот сметал дека е

[244] Спомени на Михаил Герџиков..., 300.

[245] М. Миноски, Македонија и Србија (1878-1944)..., 136. В. Ѓорѓиев, Подземната република...,367-368;

[246] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 367-368. М. Митрова, Македонското револуционерно национално-ослободително движење и Кралството Србија..., 62-65. Хр. Силяновъ, Освободителните борби на Македония, томъ II..., 282-283.

потребно едниот од нив да отпатува во Белград за да ги испита условите за поддршка од Србија. Сепак, се определиле за посредни контакти и затоа испратиле свои делегати.[247]

Пред крајот на март 1904 година,[248] од страна на ЗП без согласност од ЦК во Белград како делегати биле испратени Михаил Николов и Сава Михајлов со задача да преговараат со Главниот комитет на Српската четничка организација и со другите официјални и неофицијални политички фактори во Кралството Србија, како што бил одборот во Врање, за предложената материјална помош и поддршка.[249] Николов и Михајлов во својство на претставници на Задграничното претставништво го придружувале Димитар Ризов за време на преговорите со српската влада за постигнување договор за српско-бугарски сојуз. Николов престојувал и во Врање каде што водел разговори со Рафајловиќ - активниот капетан на српската војска, кој вршел притисок врз претставникот на ЗП за прифаќање на српските услови, барајќи поделба на Македонија на српска и бугарска област со определени граници. На српските барања Николов одговорил дека ВМОРО била самостојна и суверена и дека никој однадвор не можел да раководи со ослободителната борба во Македонија, која не можела да се дели на интересни сфери.[250]

За испраќањето на Сава Михајлов и Михаил Николов во Србија од страна на ЗП предводено од Христо Матов и Христо Татарчев, дава свој коментар Ѓорче во своите спомени: „По востанието, нашите направија големи глупости. Како што реков, тие испратија во Србија луѓе, од кои српските власти, особено Симиќ, многу добро ги научил нашите расправии, нашата слабост. Јанков и Сава и Константинов[251] не биле спрема мене недобросовесни како Геров.

---

247 М.Миноски, Македонија и Србија (1878-1944)..., 137-138.

248 Во однос на месецот кога Сава и Михаил заминале за Белград, кај Светлозар Елдаров стои јануари 1904 година, а потоа авторот наведува дека во февруари таму бил испратен и Тома Карајовов. ЗП ги избира како свои претставници Михајлов и Николов, кои треба на лице место да го проучат прашањето и да ги осветлат пакосните српски намери. Во сите преговори Србија ја наметнува во најразлични форми - идејата за разделување на Македонија како главна. Елдаров посочува дека целиот месец март Савата учествувал во преговорите, а веќе на почетокот на месец април 1904 година заминува за Софија. (Светлозар Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912)..., 60-61.)

249 М. Миноски, Македонија и Србија (1878-1944)..., 138. Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1904-1908, поглед низ документи, Скопје 2020, 55. Светлозар Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912)..., 60. Хр.Силяновъ, Освободителните борби на Македония, томъ II..., 289. Спомени на Ѓорче Петров..., 173.

250 М. Миноски, Македонија и Србија (1878-1944)..., 138-139.

251 Се мисли на Михаил Николов, кого Ѓорче го споменува како Михаил Константинов во своите спомени. (Спомени на Ѓорче Петров..., 173, 175.)

Симиќ разбрал сè и го избрал Бориса како најсмел, без многу скрупули човек, и добил од него содејство за да ја испрати првата чета во Македонија. Борис си мислел: „Да ги земам јас парите, да ги надвијам овде своите противници, после ќе видиме.[252]

Српскиот дипломатски претставник во Софија во едно писмо од 22 јуни 1904 година, меѓу другото, вели: „Матов и Татарчев отворено кажуваат дека од Србија нема веќе на што да се надеваат“.[253] Во спомените Ѓорче,[254] пишува и дека Сава Михајлов и Михаил Николов ги испратиле Христо Матов и Христо Татарчев, Христо Силјанов во својата книга кажува дека нив ги испратило Задграничното претставништво во тогашен состав: Христо Матов, Христо Татарчев и Димитар Стефанов,[255] а Ангел Динев смета дека Сава Михајлов бил испратен во Белград, по настојување на Димо Хаџи Димов и со согласност на третиот член од Задграничното претставништво - Димитар Стефанов (кој во тој период се афирмирал како еден од идеолозите блиски со Јане Сандански).[256]

Преговорите не успеале. Србија покажала дека нема намера да го помага македонското ослободително дело, туку да го попречува и да го спречи како нејзин врвен политички интерес. Македонската револуционерна организација веднаш презела мерки за заштита. За да се оневозможи злоупотребување на функцијата задгранични претставници со самоволни постапки, таа донела одлука со која строго му се забранувало на Задграничното претставништво во нејзино име да стапува во дипломатски односи со некоја држава.[257]

## 13. Престојот во Бугарија

На почетокот на април 1904 година Сава Михајлов заминал во Софија за да ги објасни причините за неуспешниот исход на преговорите, зашто нивната

---

252 Спомени на Ѓорче Петров..., 175.
253 М.Миноски, Македонија и Србија (1878-1944)..., 138-139.
254 Спомени на Ѓорче Петров..., 127.
255 Хр. Силяновъ - цит.книга, 289.
256 А. Динев, Илинденската епопеја..., 44.
257 М.Миноски, Македонија и Србија (1878-1944)..., 140-141. На 13 јуни 1904 година, делегатите на ЗП ги прекинуваат преговорите со Србија и го напуштаат Белград бидејќи петмесечните обиди да ги натераат Србите да земат учество во македонските работи заедно со нив биле неплодни. (С.Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912)..., 61-62.)

мисија не успеала.[258] Михаил Николов останал уште извесно време во Белград, меѓутоа, не со цел да ги продолжи преговорите со раководителите на Српската четничка организација, туку да ги следи нивните активности и истовремено да го информира Задграничното претставништво. Тој, како претставник на Револуционерната организација, пропагирал кај Симиќ, со предупредување дека тие ја предизвикувале Организацијата да употреби сила против нив место против непријателот, и да започне „пролевање братска крв." Под тие услови категорично било одбиено со Србија „да прават политички аранжмани."

Николов во писмото испратено до ЗП на 19.IV.1904 година од Белград во врска со преговарачката мисија во Србија што пропаднала, лошите услови за живот што ги имале со Савата за време на заедничкиот престој во Србија, кога биле принудени одвај да се исхрануваат, обидите на српските фактори да ја завладеат Внатрешната организација, или, пак, да создадат своја организација по примерот на Врховниот комитет, подготовките на српските чети за влез во Македонија, како и паралелните преговори на Сарафов со Србите, меѓу другото, вели: „Има речиси една недела откако таму дојде мојот другар Сава, а уште ништо не сте ни пишале за Вашето решение за понатаму. И усно слушнавте за сите причини поради кои не можевме да успееме во нашата мисија... Исто така верувам, дека Сава Ви ја опиша убаво нашата мизерија овде. Мене ми е веќе срам да го покренувам ова прашање, зашто тукуречи во секое наше писмо се зборува за него. Но, што да правам? Савата знае со колку пари ме остави на тргање, а од каде да најдам. Засега толку."[259]

Савата, за време на својот престој во Софија соработува со Димитар Мирасчиев, учествува на собранија и советувања на кои, меѓу другото, се зборува за избор на членови во составот на ЗП и негово реформирање; редакција на списание, како и заземање став кон Сарафовци и Цончевци.

За споменатиот период детално дознаваме од писмата на ЗП од Софија упатени до Димитар Стефанов во Карабунар и Куртбунар, во периодот од 3 мај до 11 јуни 1904 година каде што се споменува името на Савата. Во првото писмо се зборува за поканата за учество на Стефанов во Задграничното претставништво, напоредно споменувајќи ја и тамошната дејност на Савата со

---

[258] С. Елдъров, Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912)..., 61. В.Ѓорѓиев, ВМРО 1904-1908, поглед низ документи..., 93.
[259] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1904 - 1908, поглед низ документи..., 93-95.

Мирасчиев: „Донекаде можеби сте прав, кога претходно ја барате согласноста на другарите од внатре. Но со оглед на тоа дека таа согласност не може да се добие толку брзо (за таа цел веќе е пишувано), зашто до неодамна не се знаеше каде е Дамјан Груев - а тоа време би можело да се искористи плодотворно, ако би се решиле да дојдете - другарите овде сметаат за умесно уште еднаш да Ве поканат да дојдете и пред да се добие формалната согласност од внатре, како што најпосле направија и другарите Сава Михајлов и Димитар Мирасчиев, кои исто така овде се зафатија со по една специјална работа.“[260] Во второто писмо ЗП го споменува одржаното советување на кое присуствувал Савата и воедно, повторно го кани Димитар Стефанов, но сега за поинаква цел - заедно со Васил Пасков да редактираат списание што ќе третира организациски прашања и надворешна страна на македонското прашање: „Вчера на собранието меѓу другарите В. Думев, Хр. Стојанов, Д. Мирасчиев, Сава Михајлов и К. Прличев,[261] меѓу другото, стана збор за издавање на едно списание од страна на Организацијата... Собраните другари Ве избраа Вас, заедно со В. Пасков за редактори на односното списание.“[262]

Ставот на Савата во однос на реформирањето на Задграничното претставништво и натамошниот однос кон Сарафовци и Цончевци, стои во белешките од едно советување одржано во Софија, на 14.X.1904 година: „Согласен сум кон сегашното претставништво да се додадат четворица. Односите кон Сарафов да останат како досега, додека се произнесе внатрешноста. Цончевци, ако се согласат со принципите на Организацијата, нека повелат, но откако ќе се откажат од своите војводи коишто се осудени од внатре.“[263]

Непосредно пред заминувањето на Савата за Македонија, во однос на преминувањето на четата преку бугарско-турската граница, во Окружното

260 В. Ѓорѓиев, ВМРО 1904 - 1908, поглед низ документи..., 98. Константин Пандев, Документи за македоно-одринското националноосвободително движение-От архивата на Димитър Стефанов, Исторически преглед, XXXУШ, кн.6, София 1982, 111.

261 Кирил Прличев во своите спомени го вбројува Савата во списокот на војводи со кои заедно соработувал. Меѓу другите споменати се и: Јане Сандански, Андон Јанев-Ќосето, Апостол Петков, Крсто Асенов, Иван Карасулијата, Аргир Манасиев, Дончо Златков и Гоце Бегинин. (36 години във ВМРО, Спомени на Кирил Пърличев, София, 1999, 398.)

262 В. Ѓорѓиев, ВМРО 1904 - 1908, поглед низ документи...,102. К.Пандев, Документи за македоно-одринското националноосвободително движение- От архивата на Димитър Стефанов..., 112.

263 В. Ѓорѓиев, ВМРО 1904 - 1908, поглед низ документи...,172-173. 36 години във ВМРО, Спомени на Кирил Пърличев..., 403.

писмо № 334 испратено од Софија, на 29 декември 1904 година, од страна на ЗП до Пунктовите началници се дават следниве инструкции: „Ќе давате содејство за преминување на четите на Сава Михајлов, Симеон Молеров, на две битолски, кои ќе заминат заедно или одделно, на Милев (се мисли на Петар Милев) и Спасов (се мисли на Јордан Спасов), и на преносите за Гевгелиско, Тиквешко и Штипско. Едни од овие чети ќе поминат преку дупничкиот канал, други преку ќустендилскиот.“[264]

Дволичноста на Софија, нејзиното сомнително гостопримство кон македонските револуционерни дејци, лошо влијаело врз Организацијата и нејзината политика и тоа најрано го забележал Савата, кој барал што побрзо да се врати во Македонија. Неговиот став, без постојни документи за ваквото негово излагање, го пренесува Ангел Динев: „Сите дејци на Организацијата да заминат внатре во Македонија и на месна почва да му ја разјаснат на народот гибелната политика на врховизмот, спроведувана од Софија преку предавниците на внатрешноста македонски дејци, водени од Борис Сарафов, кој што мајсторски го развеваше знамето на предавството со формулата: „Македонија ќе биде слободна само со помошта на Бугарија“… „Ние не сакаме помош од сомнителен карактер. Сарафов што ни ја носи таа помош е едно зло за Организацијата“.[265]

## 14. Битката кај Смол - Смртта на Сава Михајлов

По враќањето од Белград и престојот во Бугарија, свесен за тешката состојба во која се наоѓа гевгелискиот крај, Савата решил да замине во реонот и да дејствува за средување на редовите на Организацијата, како и за подигнување на опаднатиот морал на населението во Гевгелија и Гевгелиско.

Сава Михајлов, како војвода на една чета од 18 души ја минува бугарско-турската граница на 29.I.1905 година и се упатува кон Гевгелиско. Во четата имало учители и студенти, а негов секретар бил учителот Петруш

[264] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1904 - 1908, поглед низ документи...,193.
[265] Во спомените на Сава Михајлов не го среќаваме овој став. Веројатно станува збор за интерпретација на горенаведениот автор. В.Картов, Сава Михајлов-Савата..., 97. А.Динев, Илинденската епопеја..., 203.

Каркалашев од село Богданци, Гевгелиско.[266] Савата пристига во селото Ѓавато, Гевгелиско, кон крајот на февруари 1905 година, во истиот период кога и Апостол Петков, кој бил упатен кон Еницевардарскиот Реон пристигнува со својата чета.[267] Вечерта на 26 февруари 1905 година четите на Апостол Петков и Сава Михајлов, кои заедно броеле 42 луѓе, пристигнале во с. Балинци, Дојранско.[268] Двете чети што се обединиле и продолжиле кон Гевгелиско и Еницевардарско, со себе носеле многу воени материјали што биле натоварени на коњи, што дополнително го отежнувало движењето.[269] Патувањето на четниците на Сава од преминувањето на границата до селото Ѓавато било мошне безбедно, меѓутоа следниот ден, на 1.III.1905 година, по нивното заминување од селото, османлиската власт успеала да им ја открие трагата.[270] Гевгелиското раководство на ТМОРО било известено за пристигањето на Апостол и Савата со своите чети, кои во селото Балинци го откриле својот план дека сакаат да заминат за Арџанското Блато, користејќи го каналот Ѓавато – Стојаково – Мачуково – Смол.[271] Бидејќи османлиските власти ги следеле четите уште при преминот на границата, ја предвиделе нивната крајна дестинација и поставиле заседи, гевгелиското раководство ги предупредило војводите да не одат по гевгелискиот канал, туку да ја употребат релацијата Струмичко – Дојранско – Кукушко, која била побезбедна. Во Струмичко двете

---

[266] Стефан И. Минов, од село Богданци раскажува дека во текот на 1905 година имал кореcподенција со четата на Сава Михајлов и неговиот четник Гоно Јанев (кого Стефан И.Минов го нарекува гевгелиски реонски војвода), додека пак во периодот 1903-1905 година кореспондирал и со четите на Апостол Петков и Аргир Манасиев. (Минов И.Стефан, кут.22, а.е.44, Илинденски сведоштва, том.III, дел.I, ДАРМ, Скопје 2017, 362-364.)

[267] Апостол Петков на 15/28 февруари 1905 година, ја минал бугарско-турската граница со чета, која заедно со него броела 25 души. (В. Ѓорѓиев, Апостол Петков..., 148.). Хр.Шалдев очигледно греши кога вели дека Апостол Петков турско-бугарската граница ја минал на 11.02.1905 година заедно со Сава Михајлов.(Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. V (43), 16).

[268] Според спомените на Илија Докторов, четата на Сава броела 12, а на Апостол 29 души. (Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 107-108.)

[269] Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 108. Михаил Р.Бојков од село Богданци, Гевгелиско, раскажува дека покрај извршувањето на курирската должност, истиот бил и разнесувач на оружје, муниција, писма, храна сѐ до 1905 година.Кон крајот на месец февруари 1905 година, Михаил дава податоци дека по наредба на Сава и Апостол натоватил оружје заедно со Нако Узунов, Гоно Бошков, Глигор Пецов со потекло од селата Ѓавато и Балинци. Оружјето го пренеле во синарот на селото Стојаково кај месноста „Чуката Рудина" каде што војводите припремиле терен за напад на турскиот аскер. Истата година, во неколку наврати, Михаил пренесувал товари со харана, муниција, оружје и писма од селото Богданци до селото Смол, наменети за Савата и Апостол. (Бојков Р.Михаил, кут.5, а.е.6, Илинденски сведоштва, т.I, дел 1, ДАРМ, Скопје 2016, 611.)

[270] В. Ѓорѓиев, Апостол Петков..., 150-151.

[271] В. Ѓорѓиев, Апостол Петков...,150-151. Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 108.

чети дознале дека се откриени од власта и затоа таму прикриле дел од материјалите што ги noселе со себе.[272]

Не слушајќи ги предупредувањата и не информирајќи го гевгелиското раководство, четите одлучиле вечерта на 27 февруари да заминат од селото Балинци и да се упатат кон Ѓавато, каде што стигнале по полноќ.[273] Савата говори дека во Балинци биле известени за промената на релацијата, но поради инсистирањето на Апостол Петков, решиле да не се враќаат назад за да тргнат по другиот канал. Токму за ова прашање дошло до спор меѓу двајцата војводи - Савата и Апостол.[274]

Утрото на 28 февруари Сава Михајлов, од учителот Михаил Поп Кочов побарал веднаш, преку курир да воспостави контакт со село Стојаково, за да испратат 5 коњи и курири што ќе ја преземат четата од Ѓавато, а истовремено да обезбедат курир за село Смол, за да ја прифатат четата. Апостол и Савата по покана од активистите во Ѓавато, вечерале во селото и повторно го отвориле прашањето за каналот. Савата оставил прашањето да го реши Апостол, кој изјавил дека нема намера да се враќа назад и да оди низ Дојранско и Кукушко, туку ќе продолжи напред, дури и на секоја педа да има распоредено турски војник. Така, по завршувањето на вечерата, материјалите биле натоварени, а четите тргнале од Ѓавато кон Стојаково, во придружба на куририте Илија Вртов и Стефан Гонов Мурџиев.[275]

Не почитувајќи го договорот, селаните што требало да обезбедат други коњи на четите за патот кон селото Смол, избегале од селото, локалното раководство не го решило проблемот, дури ни куририот не заминал за Смол за да го најави пристигнувањето на четите бидејќи во меѓувреме била зголемена раздвиженоста на османлиските војски. Сето тоа придонело, доцна во ноќта, четите да го продолжат патот кон Смол со истите коњи, за да можат да стасаат во селото пред зори.[276]

Ангел Динев[277] токму во необезбедувањето на коњите од Стојаково и неиспраќањето курир оттаму за Смол ја гледа вината за откривањето на четите.

---

272 В. Ѓорѓиев, Апостол Петков...,150-151.
273 Исто, 151. Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 109.
274 Исто.
275 В. Ѓорѓиев, Апостол Петков...,151-152. Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 110.
276 В. Ѓорѓиев, Апостол Петков...,152.
277 А. Динев, Илинденската епопеја, т.2..., 198.

Овој момент, како причина за откривање на четите го посочува и Ванчо Ѓорѓиев поради изјаснувањето на Кољо Арнаудов од с. Стојаково, кој учествувал во спроведувањето на четите од Ѓавато до Смол.[278] Сепак, треба да се посочи и фактот дека во правецот Мачуково - Смол презимувале арнатуски стада чии овчари биле поврзани со османлиската војска.[279] Така, во ноќта кога поминувале четите, кучињата го насетиле нивното движење, почнале да лаат и затоа овчарите Арнаути ги известиле властите во Гевгелија дека оттаму поминала голема чета, што придонело османлиските војски да постават заседа во селото Смол, на која подоцна наседнале војводите и дошло до отворен вооружен судир.

Пред зори на 1 март 1905 година, војводите Сава Михајлов и Апостол Петков влегле во периферните куќи во селото Смол.[280] Свесни за положбата во која се наоѓаат, додека го очекувале пристигнувањето на османлиската војска, почнале да го растовараат и да го распоредуваат оружјето по куќите. Ненадејно отвориле оган со една жандармериска патрола која прва ја започнала престрелката откако ги забележала четите. По првичната престрелка, меѓу двајцата војводи повторно настанал спор, сега во врска со изборот на стратегиска позиција од каде што треба да се продолжи борбата. Савата предлагал да се утврдат во месноста „Рудина Чука", додека, па,к Апостол се залагал да се утврдат на висот Бачево. Бидејќи не успеале да постигнат компромис, двајцата заминале на позициите што ги застапувале. Османлискиот удар бил најсилен кон Рудина Чука, местото каде што се наоѓал Савата.[281] Неговата чета најпрво успеала да ги задржи османлиските сили, па по двочасовна престрелка, настапило кратко затишје. Османлиските војски набрзо тргнале во општ напад и околу пладне судирот на Рудина Чука кулминирал со што четите биле опколени во обрач од сите страни. Комитите откако ја

---

[278] В. Ѓорѓиев, Апостол Петков..., 152.

[279] Некои автори ја поврзуваат смртта на Сава Михајлов со предавство од страна на овчари Арнаути кои соработувале со османлиските власти и ја предале четата. (Славчо Ковилоски, Македонија - Кратка енциклопедија револуционери, Прилеп 2011, 163.) Сосема погрешно е дефинирана смртта на Савата како предавство и убиство, бидејќи револуционерот во битката кај Смол, откако сите негови четници се самоубиле за да не паднат во турски раце и тој го прави истото, испивајќи го отровот кој го носел со себе. Не станува збор за никакво убиство. (Виолета Ачкоска, Никола Жежов, Предавствата и атентатите во македонската историја, Скопје 2004, 134.)

[280] В. Ѓорѓиев, Апостол Петков..., 152. Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 111.

[281] В. Ѓорѓиев, Апостол Петков..., 153-154. Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 111-112.

потрошиле муницијата, во последните мигови почнале панично да фрлаат бомби на сите страни, а при завршниот чин на борбата, се самоубиле.[282] Војводата Сава Михајлов, за да не падне во турски раце, одбрал херојска смрт и во последен момент го испил отровот што го носел со себе.[283] Според Владо Картов, османлиските власти кај мртвиот Сава нашле кратка писмена белешка во која било забележано дека сам се отрул, а при неговиот погреб, на неговото тело не била пронајдена рана, освен пена на устата.[284] Иако во некои австриски, турски, руски и бугарски документи[285] во процената на тоа колку четници, а

---

[282] Четниците кои загинале заедно со Сава Михајлов се: Васил Христов Ќортошев (село Богданци), Гоно Мицов Каркалашев (село Богданци), Гончо Миндин (село Лесково), Димитар Стојанов Гошев (село Лесково), Михаил Георгиев Пешков (село Богданци), Мито Траев Радналиев (село Извор), Мицо Донин Кадијата (село Богданци), Мицо Јанов Марков (село Богданци), Петар Каркалашев (село Богданци), Христо Трајанов (село Извор), Туше Дељов Каркалашев (село Богданци), Александар Генев (Пловдив, Бугарија). (Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 114; К. Пърличев, Революционната борба в Гевгелийско по спомените на Илия Докторов..., 73.) Македонија меѓу автономијата и дележот, Зборник руска дипломатска документација 1894-1913, том. IV, ред. Симон Дракул, Просвета, Куманово, 1997, 118-122.

[283] В. Ѓорѓиев, Апостол Петков..., 153-155. Од најдената кутија со апчиња која се наоѓала до телото на Сава Михајлов, се утврдило дека тој бил тешко ранет на неколку места и за да не падне жив во рацете на Турците, се отрул.Телата на загинатите четници од Савовата чета биле погребани во рамнината до самата Рудина чука.(Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 114.) Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. V (43), 16; Алберт Сониксен, во својата статија „Борба до смрт“, пишува дека на борбената линија, во првиот ров, Сава Михајлов учествувал со 11 луѓе. По нападот на османлиската војска, тој останал жив со уште 3 четници, кои биле повредени. Останувајќи без муниција, Савата со своите преживеани, ранети четници во последниот судир, намерно ги искршиле пушките преку карпите, на сличен начин ги уништиле и часовниците и во последен момент испиле отров, што било обичај на секоја чета за да се спаси од измачувањето. (The Fulton County news, Vol. 6, No. 50, Aug. 30, 1905, image 6.) Според Ангел Динев, покрај Сава Михајлов, тогаш се отрул и неговиот секретар Петруш Каракљашев од с. Богданци (А. Динев, Илинденската епопеја, т.2..., 199). С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 4..., 116-123. Димитар Димески, Поилинденските вооружени судири на МРО со османлискиот аскер 1904, 1905, Историја/Journal of History 26/27.1-4, 29-35..., 30-31.

[284] В.Картов, Сава Михајлов..., 103-104.

[285] В. Ѓорѓиев говори дека бугарскиот трговски агент во Солун, А. Шопов, во извештајот од 5.03.1905 година, наведува дека во судирот кај Смол биле убиени 36 четници (В.Ѓорѓиев, Апостол Петков..., 156.) Хр.Шалдев говори дека кај Смол загинале 42 четници (Х. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина..., г. V (43), 16). А.Динев дава податоци дека на позицијата кај Смол со која командувал Сава Михајлов биле убиени 18 души, а на позицијата со која командувал Апостол Петков загинале 33 лица, или вкупно 51. (А. Динев, Илинденската епопеја, т.2..., 199-201). Во австриските документи, извештај од 15 март 1905 година, испратен од австрискиот цивилен агент Хајнрих Милер, до грофот Голуховски (австриско-унгарски министер за надворешни работи), се забележува дека во судирот кај Смол загинале шефовите на четите Апостол и Леонид. (Австриски документи за историјата на македонскиот народ, 1905-1906, том I, редакција, превод и коментар Данчо Зографски, ДАРМ, Скопје 1977, 32-33.;С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 4..., 116-123.) Според турските документи, за битката кај Смол, четата на Сава Михајлов е опишана како бугарска составена од 40 четници, од кои во судирот загинале 20. Додека пак, во однос на османлиската војска пишува дека биле убиени 3 војници, ранети 13 војници и 1 жандарма. Оружјето што било запленето во судирот било количински 31, според видот 30 манлихерки и 1 маузер; експлозивни средства - 9, фишеци- 5000. Датумот што е евидентиран во турските документи како датум на судирот - 14 март 1905 година, водачите - Апостол и Леонид од Мачуково, во објаснувањето стои: „загинал и

колку османлиски војски се убиени, се кажува дека во судирот кај Смол починале Сава Михајлов и Апостол Петков, последниот го преживеал судирот кај висот Бачево и два-три дена по битката, заедно со двајца свои четници заминал за Арџанското Блато, каде што во тоа време се прикривал гевгелискиот околиски војвода Аргир Манасиев.[286]

Смртта на Сава Михајлов претставувала огромна загуба за Организацијата во Гевгелиско и Солунско и воопшто за цела Македонија. Гоце Делчев мошне високо ги ценел неговите интелектуални, идејни и борбени квалитети и способности. Савата, со својата неуморна и непрекината 10-годишна револуционерна и раководна дејност, станал познат во цела Македонија, особено во гевгелискиот и во горноџумајскиот крај.

По предлог на солунскиот валија Хилми-паша, султанот ги наградил сите учесници во борбата кај Смол, така, бригадниот генерал во Гевгелија – Едхем-паша бил награден со специјален орден, гевгелискиот кајмакам бил унапреден во повисок управен чин на османлиската хиерархија и сите офицери што учествувале биле унапредени во повисок чин. Султанот ги наградил со по една лира и сите војници, а на семејствата на загинатите претставници на османлиската војска им испратил по 10 лири.[287]

---

еден муслиман-водич".(Турски документи за оружените борби во Македонија, 1903-1908, превод редакција и коментар д-р Драги Ѓоргиев, ДАРМ, Скопје 2007, 172.) Весникот New York Times од 17.03.1905 година, пренесува дека војводата Апостол Петков бил убиен.

[286] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т. 4..., 134-135. В. Ѓорѓиев, Апостол Петков..., 148-164. Борбите в Македония, Спомени на Илия Докторов..., 112-113. Хр. Шалдевъ, Изъ революционнитѣ борби въ Ениджевардарското блато, Ил.Илинденъ, год.IV, кн.8 (38), София 1931-1932, 16;

[287] Хр.Силяновъ, Освободителните борби на Македония, томъ II..., 165.

# Заклучок

Името и делото на гевгелискиот војвода Сава Михајлов, попознат во редовите на Македонската револуционерна организација под прекарот Савата, се вткаени во историјата на македонското националноослободително движење.

Сава Михајлов спаѓа во редовите на младите македонски револуционерни дејци, што на македонската историска сцена се појавува во периодот од 1895 до 1905 година, кога во Македонија е разгорена желбата и стремежот на македонскиот народ за национално ослободување од османлиската власт.
Савата оставил мошне длабок белег во македонската револуционерна борба, особено во Гевгелискиот и во Горноџумајскиот Регион. За историјата, Савовиот период трае само еден миг, но тој со својата неуморна енергија, длабока цврста волја и посветена борба во македонското ослободително дело остава значајна трага во историјата на македонскиот народ. Доследен на македонската светлина кон слободата, мошне бргу изминува неговиот животен пат.

Животот во македонска традиционална средина, како и процесот на образование влијаат Савата да прерасне во свесна, одговорна, морална и високоизградена личност. Влегувањето во редовите на Организацијата, неговата првична револуционерна дејност, дејноста и пријателството со македонските револуционерни дејци - Андон Костов, Санде Китанов, Крсто Асенов, Христо Чернопеев, Стефан Мандалов-Манданата, како и подоцнежната борба против врховизмот и туѓите националистички пропаганди на соседните балкански земји ја зголемуваат самодовербата, пожртвуваноста и одлучноста на Савата до крај да се бори за самостојноста на македонското националноослободително дело.

Учествувајќи во една од најголемите афери на Македонската револуционерна организација - аферата „Мис Стон“ и соработувајќи со великаните на македонското револуционерно дело (Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Јане Сандански), Савата се стекнува со добар углед, добива значајна улога во натамошните дејства на македонската револуционерна борба и организира успешни диверзантски и вооружени акции за време на Илинденското востание заедно со истакнатите војводи - Аргир Манасиев и Иванчо Карасулијата, што дополнително го издигнува неговиот лик на македонската историска сцена.

Дејноста по Илинденското востание - советувањата во Софија, специјалната мисија во Белград заедно со Михаил Ризов Николов, формирањето чета во Гевгелиско и активното дејствување со познатиот војвода Апостол Петков ја покажуваат неговата доследност, неуморност и лојалност кон делото и Организацијата дури и во последните мигови од неговиот живот.

Херојската смрт на Савата кај селото Смол, кој за да не се предаде во рацете на непријателските војски, си го одзема животот, го преточува во еден голем национален револуционер, динамична личност, идеолог и стратег на македонската борба за национална, политичка и социјална слобода на својата родна земја – Македонија.

Како револуционерен организатор, Савата бил секогаш решителен во дејствата и се сметал за човек со високи етички вредности, чесен, искрен и непоколеблив во своите идеали.

Исполнителноста и лојалноста во организациската дејност го вклучува во редовите на истакнати револуционери на Организацијата, бидејќи меѓу првите отворено и смело се бори против сето она што е туѓо и му штети на македонското ослободително дело.

Во својата агитациска дејност ја развива националната свест на македонскиот народ дека само со сопствени сили може да издвојува слобода од османлиската власт. Го учи да живее братски со сите народности во Македонија и надвор од неа и токму поради тоа, од своите соборци, соработници и од целокупното население бил многу почитуван и сакан.

Нашиот гевгелиски војвода се истакнува и се афирмира особено во антиврховистичката борба во Македонија и Бугарија, овозможувајќи му смел, слободен и самостоен развиток на македонското ослободително движење во пределите каде што дејствувал - гевгелискиот и горноџумајскиот крај.

Савата ќе го паметиме и по беспоштедната посветена револуционерна дејност, по соработката, пријателскиот однос кон македонскиот народ при соборите и агитацијата, неговата убеденост во праведноста на борбата на својот народ за ослободување од непријателската власт, незаменливите борбени квалитети и способности.

Савовата саможртва за делото и за слободата на Македонија и македонскиот народ му го носи ореолот на признание, почит и легенда, кои се длабоко вткаени во историската свест на македонскиот народ. За таа цел, во

однос на историскиот спомен на Сава Михајлов, за време на НОБ, Гевгелискиот партизански одред го носел неговото име, што сведочи дека тој важел за значајна македонска национална личност од која треба да се инспирираат и борците во НОБ. [288] Денес, во градот Гевгелија постои споменик на револуционерот изработен од македонскиот скулптор Димо Тодоровски во 1977 година,[289] а исто така и во Ќустендил има споменик именуван како „Паднати за слободата на Македонија", каде што името на Савата е запишано како 9-то по ред во втората колона. Во главниот град Скопје во населбата Ченто и во градот Гевгелија постојат и улици што го носат името „Сава Михајлов".

[288] Види повеќе: Владо Картов, Формирањето на Гевгелискиот партизански одред „Сава Михајлов" и неговите воено-политички акции од мај до септември 1943, „Историја", VI, 1, Скопје, 1970, 58-72. Славчо Ковилоски, Македонија - Кратка енциклопедија револуционери..., 163.

[289] Во 1977 година Тодоровски го работи споменикот на револуционерот Сава Михајлов во Гевгелија.Овој споменик е реализиран како осамена стоечка фигура на ниско плато и е лоциран во центарот на градот. Фигурата е работена во реалистички дух, со малку помала примена на цврсти кубистички елементи. Неговиот гест (рака) е силен, а погледот длабок, продорен и далечен. Фигурата е поставена врз каменен постамент, а е излеана во бронза.(Монографија за Димо Тодоровски, Богдан Мусовиќ и Невенка Лазеска, Македонска книга - Музеј на современа уметност, Скопје 1980, 34.)

# БИБЛИОГРАФИЈА

## *1. Објавени документи*


Австриски документи за историјата на македонскиот народ (1905 - 1906), т. I, (Превод, редакција и коментар Данчо Зографски), Архив на Македонија, Скопје, 1977.

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Гоце Делчев - преписка, т.2, Скопје 1972.

Документи за българското възраждане от архива на Стефан И. Веркович 1860-1893, БАН, София 1969.

ЃОРЃИЕВ Ванчо, ВМРО 1893 - 1903, поглед низ документи, Матица Македонска, Скопје 2013.

ЃОРЃИЕВ Ванчо, ВМРО 1904 - 1908, поглед низ документи, Тримакс/ФЗФ, Скопје 2020.

Илинденски сведоштва, том I-IV, ДАРМ, Скопје 2016, 2017.

КЪОСЕВ Дино, Гоце Делчев, писма и други материали, София 1967.

Македония и Одринско (1893-1903). Мемоаръ на Вѫтрѣшната организация, 1904.

Македонија меѓу автономијата и дележот, Зборник руска дипломатска документација 1894-1913, том. III-IV, ред. Симон Дракул, Просвета, Куманово, 1997.

Македоно-одрински свидетелства, т.1, Филип Пеловски, София 2021.

ПАНДЕВ Константин, Документи за македоно-одринското националноосвободително движение-От архивата на Димитър Стефанов, Исторически преглед, XXXУШ, кн.6, София 1982.

Турски документи за историјата на Македонија, опширен пописен дефтер за Солунскиот санџак од 1568/69 година, том IX, кн.2, превод, редакција и коментар д-р Александар Стојановски, ДАРМ, Скопје 2003.

Турски документи за оружените борби во Македонија, 1903-1908, превод редакција и коментар д-р Драги Ѓоргиев, ДАРМ, Скопје 2007.
Турски документи за аферата Мис Стон, превод, редакција и вовед д-р Драги Ѓорѓиев, ДАРМ, Скопје 2008.

*2. Литература*

АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ Христо, Гоце Делчев во спомените на современиците, т.3, Скопје 1972.

АЧКОСКА Виолета, Никола Жежов, Предавствата и атентатите во македонската историја, Скопје 2004.

БАЖДАРОВЪ Георги, Духътъ на Македония, Сборникъ отъ биографии и характеристики на македонски революционери, книга първа, София 1923.

БАЖДАРОВЪ Георги, Моите спомени, съставител: Ангел Джонев, София 2001.

БИЛЈАРСКИ Цочо, Ива Бурилкова, д-р Зоран Тодоровски, Петре Камчевски, Револуционерните борби во Тиквешијата, спомени и материјали, книга 2, ДАРМ Скопје 2001.

Борбите в Македония. Спомени на Отец Герасим, Георги Райков, Дельо Марковски, Илия Докторов, Васил Драгомиров, съставител: Борис Йорданов Николов, София 2005.

Born among brigands, Mrs. Tsilka's Story of her baby, Katerina Stefanovna Tsilka, MC Clure's Magazine Vol.XIX, no.4, august 1902.

BRANCOFF M.D, La Macédoine et sa population chrétienne, Paris, 1905.

Гевгелийско въ освободителното движение, Ил. К. Докторовъ, Ил.Илинденъ, од. IX, кн.10 (90), София 1937.

Движението отсамъ Вардара и борбата съ върховиститѣ, По спомени на Яне Сандански, Чернъо Пѣевъ, Сава Михйловъ, Хр. Куслевъ, Ив.Анастасовъ Гърчето, Петъръ Хр. Юруковъ и Никола Пушкаровъ, сообщава: Л. Милетичъ, София 1927.

ДИМЕСКИ Димитар, Поилинденските вооружени судири на МРО со османлискиот аскер 1904, 1905, Историја/Journal of History 26/27.1-4, 29-35, Скопје 1990.

ДИМЕСКИ Димитар, Генеза на прашањето за востание кај раководните кадри на МРО, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн.56 (1-30), Скопје 2003.
ДИМЕСКИ Димитар, Македонската револуционерна организација по Илинден (во пресрет на окружните конгреси), Годишен зборник на Филозофскиот факултет 45 (83–93), Скопје 1992.
ДИМЕСКИ Димитар, Софиско советување, Солунскиот конгрес и напорите на Гоце Делчев за ревизија на солунското решение, Историја/ Journal of History 39.1-2, 29-44, 2003.
ДИНЕВЪ Ангелъ, Развоятъ на черковно-учебното дѣло въ Гевгелийско, Македония, год. VI, бр. 1538, София 1931.
ДИНЕВЪ Ангелъ, Изъ миналото на гр. Гевгелия, Македония, год. VI, бр. 1765, София 1932.
ДИНЕВ Ангел, Илинденската епопеја, т.2, приредил: Владимир Картов, Скопје 1987.
ЃОРЃИЕВ Ванчо, Аферата Мис Стон, Историја/Journal of History 38.1-2, 55-75, Скопје 2002.
ЃОРЃИЕВ Ванчо, Слобода или смрт, Македонското револуционерно национално-ослободително движење во Солунскиот вилает 1893-1903 година, Табернакул, Скопје 2003.
ЃОРЃИЕВ Ванчо, Подземната република – Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Тримакс, Скопје 2010.
ЃОРЃИЕВ Ванчо, Апостол Петков. Кралот на блатото, ДАРМ, Скопје 2013.
ЃОРЃИЕВ Ванчо, Андон Јанев - Ќосето, УКИМ/ФЗФ, Скопје 2016.
ЕЛДЪРОВ Светлозар, Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912), София 1993.
Енциклопедия, Българската възрожденска интелигенция, София 1988.
ЗОГРАФСКИ Данчо, Абаџиев Ѓорѓи, Митрев Анастас и други, Егејска Македонија во нашата национална историја, Скопје 1951.

ИВАНОВЪ Димитъръ, Гевгелийскиятъ говоръ, София 1932.
Изъ споменитѣ ми за 1903 год. Димитар Г.Диневъ, Илюстрация Илинден, год.V, кн.7-8, (47-48), Софија юоний - юлий 1933.
Илинденско-Преображенското въстание 1903—1968, София 1968.

КАМЧЕВСКИ Петре, Револуционерното движење во Тиквешијата до балканските војни, Кавадарци 1995.

КАНДИЛАРОВЪ Ст. Георги, Българските гимназии и основни училища въ Солунъ, София 1930.

КАРТОВ Владо, Гевгелија до Балканските војни, Скопје 1966.

КАРТОВ Владо, Формирањето на Гевгелискиот партизански одред „Сава Михајлов“ и неговите воено-политички акции од мај до септември 1943, „Историја“, Ⅵ, 1, Скопје, 1970.

КАРТОВ Владо, Револуционерната дејност на Сава Михајлов за време на Илинденското востание и по него 1903-1905, Гласник ИНИ, година XIX, бр.3, Скопје 1975.

КАРТОВ Владо, Револуционерната соработка на Јане Сандански со Сава Михајлов во предилинденскиот период, Институт за историја, Скопје 1976.

КАРТОВ Владо, Сава Михајлов - Савата (1877-1905), Скопје 1977.

КАТАРЏИЕВ Иван, Серскиот округ од Кресненското востание до Младотурската револуција - национално-политички борби, Скопје 1968.

КИСЕЛИНЧЕВ Л.Т., Паричните средства и счетоводните операции на В.М.О.Р.О преди Илиндень, Ил. Илинден год.Х, кн. 2 (92), София 1938, 6-10.

КОВИЛОСКИ Славчо, Македонија - Кратка енциклопедија револуционери, Прилеп 2011.

КОНЕСКИ Блаже, Венјамин Мачуковски како соработник на Стефан Верковиќ, Списание Спектар, бр.1, Скопје 1983.

КОТЛАР-ТРАЈКОВА Наташа, Јане Сандански, Скопје 2016.

КЪНЧОВ Васил, Великденската разходка по Поленинско, Сборник за народни умотворения, наука и книжнина, кн. IX, София 1893.

КЪНЧОВ Васил, Македония. Етнография и статистика, София 1900.

Македония в пламъци.Андон Кьосето, Анастас Лозанчев, Григор Попев, Аргир Манасиев, Христо Пасков, Мите Хаджимишев, Кръсто Лазаров, Екатерина Паница. Освободителните борби на българите от Македония в спомен на дейци на Вътрешната македоно-одринска революционна организация, записал: Боян Мирчев, съставителство: Ива Бурилкова и Цочо Билярски, София 2003.

МЕРСИЯ Макдермот, За свобода и съвършенство. Биграфия на Яне Сандански, София, 1987.

МИЛОЈЕВИЂ Ж. Боривоје, Јужна Македонија, антропогеографска испитавања, том 1, Београд 1920.

МИНОВ Никола, Гимназиите во Османлиска Македонија, 70 години Институт за историја – 70 години македонска историографија, Зборник на трудови од научната конференција одржана на 13 и 14 декември 2016 година во Скопје, УКИМ/ФЗФ, Скопје 2017, pp. 305-345.

МИНОСКИ Михајло, Македонија и Србија (1878-1944), Скопје 2010.

МИТРОВА Македонка, Македонското револуционерно национално-ослободително движење и Кралството Србија, Историја/ Journal of History 06. 1-2,Скопје 2009.

Монографија за Димо Тодоровски, Богдан Мусовиќ и Невенка Лазеска, Македонска Книга - Музеј на Современа уметност, Скопје 1980.

Монографија за градот Гевгелија - 130 години Гевгелија, Ристо Стамков, Златко Трајков, Гевгелија 2016.

МУРЏЕВ С., Гевгелиско во Илинденското востание, Историја, Списание на сојузот на историските друштва на СР Македонија, година IV, број 1, Скопје 1968, 81.

Народописни материяли отъ Гевгелийско, Никола Д. Рачевъ, Македонски Прегледъ, година II, книга 4, София 1926.

НИКОЛОВ Й Борис, Вътрешна Македоно-Одринска Революционна Организация, (Войводи и ръководители 1893-1934), София 2001.

ПАНДЕВСКИ Манол, Илинденското востание во Македонија 1903, Скопје 1978.

ПАНДЕВСКИ МАНОЛ, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, том втори, Скопје 1987.

ПАНДЕВСКИ Манол, Јане Сандански и Мис Стон, Скопје 1992.

ПЕТРОВ Ѓорче, Спомени.Коресподенција, вовед, коментар и редакција Љубен Лапе, Скопје 1984.

Пленяването на Мисъ Ел. Стонъ и г-жа Катерина Стефанова Цилка, Л.Томовъ, Илюстрация Илинден, год.V, кн. 9-10, (49-50), Софија 1933.

Последното сражение на Сава Михайлов, Андон Янев, Илюстрация Илинден, год. V, бр.11, Софија, 14 март 1925.

ПЪРЛИЧЕВ Кирил, Революционната борба в Гевгелийско по спомените на

Илия Докторов, София 2004. 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев, София 1999.

РИСТОВСКИ Блаже, Портрети и процеси од македонската книжевност и национална историја, том I, Скопје 1989.

Сава Михаиловъ -„Революционенъ листъ“, бр.12, 15 април 1905.

СИЛЯНОВЪ Христо, Освободителните борби на Македония, том I, София 1933.

СИЛЯНОВЪ Христо, Освободителните борби на Македония, томъ II, София 1943.

Six months among brigands, Ellen M.Stone, MC Clure’s Magazine Vol.XIX, no.1, may 1902; no.2, june 1902.

СИМОВСКИ Тодор, Населени места во Егејска Македонија, книга прва, Скопје 1978.

Спомени на Аргир Наков Манасиев за участието му в революционното движение в Македонското революционно освободително движение до Илинденското въстание - материали, от Боян Мирчев, Известия на Института за българска история, книга 7, БАН София 1957.

Спомени на Аргир Манасиев за участието му в революционното движение в Македония по време на Илинденското въстание и след него - материали, Боян Мирчев, София 1960.

Спомени на Димитар Мирчев, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, ДАРМ, Скопје 2010.

Спомени на И.Х.Николов, Д.Груев, Б.Сарафов, Ј.Сандански, М.Герџиков, д-р. Х.Татарчев, редакција д-р Иван Катарџиев, Скопје 1995.

Спомени на Јане Сандански, Сава Михајлов, Христо Куслев, Иван Анастасов - Грчето, Скопје 1951.

Спомени за революционната дейност в серския окръг, Лазар Томов, София 1952.

STEFOV Risto, Macedonian struggle for independence, Toronto Canada, 2008.

СТРАШИМИРОВЪ А., Кръстьо Асенов, София 1906.

The Fulton County news, Vol. 6, No. 50, Aug. 30, 1905.

ШАЛДЕВЪ Хр, Аргиръ Наковъ Манасиевъ, Ил. Илинденъ, г. V, кн. 2 (42), София 1932, 10.

ШАЛДЕВЪ Хр., Изъ революционнитѣ борби въ Паякъ планина, Ил.Илинденъ,г.IV,кн. 6 (36); кн.7 (37), кн.9 (39), год. V, кн. 3 (43), София 1931-1933.
ШАЛДЕВЪ Хр., Изъ революционнитѣ борби въ Ениджевардарското блато, Ил.Илинденъ, год.IV, кн.8 (38), София 1931-1932.

*Весници*

Историјa/Journal of History
Илустрация Илинденъ
Македонски прегледъ
MC Clure's Magazine
New York Times (New York, USA)
Революционенъ листъ (София)
The Fulton County news